# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ДУП за УЗ 11, УБ 11,4 –опфат 2, ОПШТИНА ОХРИД 2024 - 2029




**Јули, 2025**

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ДОКУМЕНТОТ:** | **НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ДУП за УЗ 11, УБ 11,4 –опфат 2, ОПШТИНА ОХРИД 2024 - 2029** |
| **ИНВЕСТИТОР:** | **Додевска Сузана** |
| **ИЗРАБОТУВАЧ:** | **д-р Наталија Ацеска**<br>**Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина** |
| **ОДГОВОРНО ЛИЦЕ:** | **д-р Наталија Ацеска**<br>**Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина** |
| **СОРАБОТНИЦИ:** | **Игор Снегар, диа**<br>бр. на овластување 0.0492<br><br>**Дарко Ангелески, миа**<br>бр. на овластување 0.0572 |
| **ДАТУМ:** | **ЈУЛИ, 2025 година** |
| **МЕСТО:** | **Општина Охрид** |

С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВОВЕД........ | 6 |
| 2 | ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА........ | 10 |
| 2.1 | ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА........ | 11 |
| 3 | ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ........ | 12 |
| 3.1. | СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ........ | 13 |
| 3.2. | ПЛАНСКИ ОПФАТ........ | 16 |
| 3.3. | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО........ | 17 |
| 3.3.1. | СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР........ | 18 |
| 3.3.1. | ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ........ | 20 |
| 3.3.3. | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ........ | 28 |
| 4 | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ........ | 33 |
| 4.1. | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА........ | 33 |
| 4.1.1. | ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА........ | 34 |
| 4.1.2. | РЕЉЕФ........ | 35 |
| 4.1.3. | ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ........ | 35 |
| 4.1.4. | КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ........ | 36 |
| 4.1.5. | СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ........ | 39 |
| 4.1.6. | НАСЕЛЕНИЕ........ | 39 |
| 4.1.7. | СТОПАНСТВО........ | 41 |
| 4.1.8. | КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО........ | 42 |
| 4.2. | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ........ | 44 |
| 4.2.1. | КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ........ | 44 |
| 4.2.2. | БУЧАВА........ | 44 |
| 4.2.3. | ВОДЕНИ РЕСУРСИ........ | 45 |
| 4.2.4 | БИОДИВЕРЗИТЕТ........ | 46 |
| 4.2.5. | ПОЧВА........ | 47 |
| 4.2.6. | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД........ | 48 |
| 4.3. | СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ........ | 50 |
| 5 | ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ........ | 54 |
| 6 | СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ........ | 55 |
| 7 | ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ........ | 56 |
| 8 | ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА........ | 58 |
| 8.1 | ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ........ | 58 |
| 8.2. | ЦЕЛИ НА СОЖС........ | 60 |
| 9 | ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА........ | 63 |
| 9.1. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО........ | 64 |
| 9.2. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ........ | 64 |
| 9.3. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ........ | 64 |
| 9.4. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ........ | 65 |
| 9.5. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА........ | 65 |
| 9.6. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ........ | 66 |
| 9.7. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЕЛЕНИЕ........ | 66 |
| 9.8. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ........ | 66 |

| | | |
|---|---|---|
| 9.9. | ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА................................................................ | 67 |
| 9.10. | ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ............................ | 67 |
| 10. | МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ...................................................................... | 69 |
| 10.1. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО................................ | 69 |
| 10.2. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ................... | 69 |
| 10.3. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ.............................................. | 69 |
| 10.4. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ............... | 70 |
| 10.5. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА.......................................... | 70 |
| 10.6. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ........................................ | 70 |
| 10.7. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО........... | 71 |
| 10.8. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ....................... | 71 |
| 10.9. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА.............. | 72 |
| 10.10. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ.................................................................................................................... | 72 |
| 10.11. | МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ............................... | 72 |
| 11 | АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ........................................................................................ | 74 |
| 12. | АЛТЕРНАТИВИ.................................................................................................... | 83 |
| 13. | ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ......................................................................................... | 84 |
| 14. | НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ.......................................................................................... | 89 |
| 15. | ЗАКЛУЧОЦИ......................................................................................................... | 97 |
| 15. | ПРИЛОЗИ.............................................................................................................. | 98 |
| 16.1. | ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ............................................................................ | 99 |
| 16.2. | ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА..................................................... | 100 |
| 16.3. | РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС.......................................................................... | 102 |
| 16.4. | МИСЛЕЊЕ ОД МТВ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОСТАПКА ЗА СОЖС ЗА ДУП........... | 106 |
| 16.5 | СКИЦИ, ШЕМАТСКИ ПРИКАЗИ.................................................................................. | 107 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-5361/2
Датум: 13-07-2022 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина

**Ацеска Томе Наталија** родена на 23.05.1968 година во с. Ново Село, дипломирала на ден 27.06.1991 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Природно-математички факултет, го положи **стручниот испит за оцена на влијание на проектите врз животната средина** на ден 29.07.2009 година, се стекна со **статус на експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина**, ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за оцена на влијание на проектите врз животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

М.П

CamScanner

# 1. ВОВЕД

Предмет на изработка на овој документ е извештај за стратегиска оцена врз животната средина на ДУП за УЗ 11, УБ 11,4 –опфат 2, Општина Охрид 2025 – 2029. односно дел од просторот на Урбаната заедница 11, поточно Урбаниот Блок 11.4 –опфат 2 и го зафаќа источниот дел УЗ 11 согласно поделбата направена во важечкиот ГУП за Охрид 2002-2012. Истиот е со површина од 8.55 Ха.

Планскиот опфат на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид 2024 - 2029 кој е предмет на планирање и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници: на север по осовина на сервисната улица Се 11.2 ул. „Ристо Чадо“ во правец кон исток се до пресекот со магистралната улица М3' крак Бејбунар (источна транзитна), продолжува на југо-запад по осовината на станбена улица предвидена по претходен ДУП (Детален урбанистички план за 11-та УЕ МЗ Видобишта) и на запад по осовината на станбена улица предвидена по истиот ДУП.

Во документационата основа се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите на просторниот развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат. Документационата основа е изготвена врз основа на:

- Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 г., (одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-17168/111 од 30.11.2023г.)и за истиот плански опфат е потпишан договор бр. 09 - 6090/2 од 26.05 2023г.
- Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога за изработка на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид К.О. Охрид 4 изготвен од ГЕОПЛУС ДООЕЛ СТРУГА деловоден бр. 0814-27/3- 2023 од 12.09.2023 год
- Теренско снимање на градежниот фонд извршено од стручниот тим на ДПГ "Снегар Компани " дооел Охрид
- Одобрена Планска програма со техн. бр. 14/23 од декември 2023 г. изработена од "Снегар Компани " дооел Охрид со Решение бр. 09-776/3 од 30.01.2024 г.
- Податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти кои ги вршат работите од областа на културата, заштита и спасување, стручните институции, комуналните претпријатија, како и други субјекти бр. на постапка 59814 од 20.02.2024год.
- Изводот од ГУП за Охрид 2002-2012 бр. 19-6090/3 од 12.10.2023 год. донесен со Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год.
- Извод од ДУП бр: 19-6090/4 од 12.10.2023 год за Детален урбанистички план за 11-та УЕ МЗ Видобишта донесен со одлука бр. 08-7496 од 29.09.1992год. објавен во Службен Гласник на Општина Охрид бр.5, од 15.10.1992 год
- Извод од ДУП бр: 19-6090/5 од 12.10.2023 год. за Детален урбанистички план за УЗ 11 дел од УБ 11.4 - опфат 1, МЗ Видобишта донесен со Одлука бр. 07-9124/39 од 20.09.2014год.

Урбанистичкото планирање е континуиран процес со кој се обезбедува изработување, донесување и спроведување на урбанистичкиот план. Изработувањето и донесувањето на урбанистичките планови е работа од јавен интерес, а со цел да се овозможи обезбедување на услови на похумано живеење и работа на граѓаните, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на недвижното културно наследство и заштита и унапредување на животната средина и природата. Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеење и подобрување на условите за работа, хармонизација и хуманизација на просторот, со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на постојната состојба.

За плански период 2024-2029 год., се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето. При изготвување на овој ДУП, применети се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25),
- Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ“ бр. 11/18, 142/20 и 224/24), Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.Весник на РМ“ 75/10),
- Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029) (објавен во „Сл.Весник на РСМ“ бр. 45/20) како и останата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Во документационата основа беа систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат, а во планската документација се презентирани планските решенија и дефинирани сите плански одредби, односно услови потребни за донесување и спроведување на планот.

Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4-опфат 2, општина Охрид има за цел да обезбеди услови за похумано живеење и работа на граѓаните, рамномерен и одржлив просторен развој, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на културното наследство и заштита и унапредување на животната средина и природа, согласно член 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) преку:

- Зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисок стандард во однос на постојната состојба или во однос на претходниот урбанистички план;
- Хармонизација на просторот со плански одредби за заштита на домувањето и дејностите од јавен интерес со создавање подрачја со иста намена на земјиштето или подрачја со мешани компатабилни намени на земјиштето;
- Уредување и хуманизација на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост и слободното претприемаштво на начин кој нема да го повреди или стесни јавниот интерес;
- Сукцесивно зголемување на стечените права по основа на сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење, освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес;
- Зголемување на вредностите на земјиштето, недвижнините и сите други просторни ресурси со плански одредби;
- Заштита и развој на јавниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторна диспозиција за градење и развој на градби од значење на републиката и градби за кои со закон е утврден јавниот интерес;
- Заштита на недвижното културно наследство, животна средина и природата со плански одредби кои ги интегрираат културните и природните богатства во подрачјата на планските опфати со што ги прават достапни на луѓето и ги штитат од деградација;

Главна цел на оваа овој Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 –опфат 2, општина Охрид е уредување и организирање на просторот преку:

- Одредување на градежни парцели,
- Планирање на градежни парцели,

- Утврдување на параметрите за големината на површините за градба, врз основа на нормите за планирање,
- Утврдување на системот на инфраструктурно опслужување на планираните содржини,
- Приклучок на планскиот опфат со електрична енергија и др. инфрастуктура

Предмет на планот е урбанизација во рамките на границата на планскиот опфат имајќи ја при тоа предвид крајната цел - реализација на поставките на ГУП на градот. Во текот на анализата констатирано е дека во подрачјето со изградбата на планскиот опфат, треба да го поттикне развојот на туризмот и локалната економија како и да обезбеди поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со реализација на овој ДУП ќе се овозможи вреднување на приватната сопственост и побрза реализација на приватната иницијатива, а со тоа и подобрување на социоекономската положба на одреден број на жители во општината Охрид. Важно е да се спомне дека локацијата има многу добра местоположба од аспект на понатамошно раздвижување на економијата кон населените места кои гравитираат кон овој патен правец.

Врз основа на член 65, став (4) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2007), Владата на Република Македонија, на 20.11.2007 донесе „Уредба за критериумите врз основа на кои се донесувааат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето“.

Според оваа Уредба, стратегиска оцена се спроведува за планските документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето. Стратегиска оцена треба да се направи и на Националниот акционен план за животна средина и на локалните акциони планови за животна средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оценка на влијанието на проектот врз животната средина, како на национално така и на локално ниво.

Стратегиска оцена претставува процедура за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Стратегиската оцена на животната средина е процес во кој се предвидуваат одредени мерки, кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи.

Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто таке се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

ЕУ Директивите и националното законодавство апелираат да стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ како процес се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид при дефинирање на целите на самиот плански документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на

промовирање на одржливиот развој. Стратегиската оцена треба да ги земат предвид сите влијанија врз животната средина и притоа се стреми:

- Да овозможи вградување на аспектите на животната средина во процесот на урбанистичкото планирање
- Да ја зголеми ефикасноста при донесување на одлуки во однос на заштита на животната средина;
- Да обезбеди интегриран приод кон животната средина;
- Да го овозможи учеството на јавноста и консултирање со јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Да ја поттикне меѓусекторската соработка;
- Да се вградат одредбите на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки аспекти).

Изработката на извештајот за стратегиска оцена на деталната урбанистичка планска документација врз животната средина, беше изработен од експертски тим и овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина, д-р Наталија Ацеска со соработници во периодот од јуни-јули 2025 година.

## 2. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид има за цел да обезбеди услови за похумано живеење и работа на граѓаните, рамномерен и одржлив просторен развој, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на културното наследство и заштита и унапредување на животната средина и природа, согласно член 3 од  за  урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр.225/20, 219/21, 104/22 ,99/23 и 07/25 ) преку:

- рамномерен просторен развој во рамки на просторните единици за планирање од сите нивои, како и развој на сите инфраструктури што го обезбедуваат развојот, што е во согласност со општествените и стопанските потреби, и со можностите за развој и капацитетите на просторот,

- рационално уредување и користење на просторот кое обезбедува ефикасно зачувување на просторните ресурси, капацитети и природни добра,
- создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен развој и заштита на интегралните вредности на просторот,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет и обезбедување на функционалната пристапност и мобилност помеѓу градбите и подрачјата во и помеѓу населените места на сите граѓани, особено на лицата со намалена или отежнета подвижност, децата, постарите и други,
- одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина, односно стратегија на одржливост која ќе обезбеди просторен развој што ќе ги превенира и одбегне ризиците од загадување и деградација на околината,
- сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, природното наследство и добра, со ефикасни мерки за обезбедување на здрава
- животна средина и зачувување на ендемските карактеристики на природата,
- справување со климатските промени со вградување на стратегии на одржливост во просторниот развој и со зголемување на диверзитетот и ефикасноста на мерките за намалување на ризиците и последиците од природни непогоди,
- сочувување и заштита на недвижното културно наследство, како и унапредување на културните добра со зачувување на автентичните културни вредности, создавање на услови за одржливо користење на културните добра и негување на карактеристиките, интегритетот и вредностите на урбаните, руралните и природните амбиенти,
- безбедност од природни и технолошки катастрофи, хаварии и други несреќи
- создавање, развој и одржување на квалитетни и хумани градски и селски населени места со безбедна, здрава и општествено функционална животна и работна средина,
- создавање на ефикасен и одржлив систем на транспортни, сообраќајни и комуникациски коридори и мрежи за поврзување на сите региони и неселени места, како и за поврзување на територијата на државата со европските и соседните мрежи,
- создавање на ефикасен и одржлив систем на ко мунални и други инфраструктури и мрежи, како и нивно поврзување на територијата на државата со европските и соседните мрежи,
- усогласување на домашната со позитивните европски практики на уредување на просторот и урбанистичко планирање, и
- создавање на култура на квалитет и убавина на урбанистичко

Предмет на планот е урбанизација во рамките на границата на планскиот опфат имајќи ја при тоа предвид крајната цел - реализација на поставките на ГУП на градот.

## 2.1. ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид**,** ќе биде Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21), важечката планска документација, ажурираната геодетска подлога, Планска Програма заверена од Градоначалникот на Општина Охрид и условите пропишани во ГУП на Охрид, како и сите податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законот за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 ,171/24, 224/24 и 40/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 07/25),
- Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10),
- Планот за управување со Светското природнои културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план ("Сл. Весник на РСМ" бр.45/20) и др.

Во изработката на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид,потребно е да се почитуваат одредбите од Т. 9.2.2.1 (Градски урбани центри – зона III-в) од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (Сл. весник на РМ бр.45/20). Просторната анализа на состојбата (Документациона основа) треба да биде во прилог на ДУП.

При изработката на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид, треба да бидат почитувани сите податоци и информации добиени од органите на локалната управа и другите субјекти, преку информацискиот систем е - урбанизам,постапка бр. 59814 од 20.02.2024 год

При подготовка на извештајот за Стратегиска оцена на влијанието од реализацијата на урбанистичкиот план, експертскиот тим ја примени стандардната методологија, која се состоеше од следните чекори:

- Состанок со одговорните лица на инвеститорот;
- Посета на локацијата и проучување на теренот;
- Анализа на сегашната состојба со животната средина на предметниот опфат и неговата непосредна близина;
- Идентификување на медиумите и областите на животната средина кои би биле најосетливи при реализацијата на планот;
- Анализа на урбанистичката планска документација, намената на земјиштето и планираните функции на планскиот опфат;
- Идентификување на веќе постоечките дефинирани цели за заштита и унапредување на животната средина во стратешки документи, како на локално така и на национално ниво;
- Идентификување на потенцијалните негативни влијанија врз здравјето на човекот и животната средина од реализација на деталната урбанистичка планска документација;
- Оценка на позитивните и негативните влијанија и анализа на значењето, времетраењето и штетноста на истите;
- Предлог мерки за спречување, намалување и ублажување на влијанијата на урбанистичката планска документација врз животната средина;
- Креирање на План за мониторинг на реализација на предложените мерки

Во подготовката на извештајот за стратегиска оцена на урбанистичката планска документација за изградба на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4-опфат 2, општина Охрид врз животната средина, беше користена многубројна литература од оваа област, и тоа: националната легислатива, стратешки локални и национални документи, урбанистичка планска документација, извештаи од меѓународни институции од оваа област и др.

## 3. ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

### 3.1. СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Со Просторниот план на Р.С. Македонија се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат условите за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.
Со донесување на Просторниот план на Р.С. Македонија (на седницата на Собранието на РМ одржана на 11. 06. 2004 година) донесен е и Закон за спроведување на Просторниот план на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 39/04), со кој се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на истиот. Просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови за региони, за подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населени места и друга урбанистичка планска документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со законот.
Планската документација ќе се работи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Причина за изработка на ДУП е токму ширењето и равојот на туризмот и локалната економија, како и да обезбедувањена поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со оваа ДУП ќе се овозможи вреднување на приватната сопственост и побрза реализација на приватната иницијатива, а со тоа и подобрување на социо-економската положба на одреден број на жители од општината Охрид.
Урбанистичка планска документација е изготвена согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ГРАДОТ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ ОД ПЛАНОВИТЕ НА ПОВИСОКО НИВО

Урбанизацијата како сложен и динамичен процес претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република С. Македонија. При планирањето на долгорочниот просторен развој на градските населби

се користат насоките и стратешките одредби на планските документи од повисоко ниво, како што е Генералниот урбанистички план за Охрид 2002-2012, односно поставките и насоките на Просторниот план на Република Македонија донесен 2004 година .

Согласно просторниот концепт на мрежата на центри врз која која база е дефинирана содржината на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност,градот Охрид е рангиран во центар на мезорегион,(центрите на мезорегион: урбани населби со популациска големина 30.000 жители и поголема со значителна застапеност на централните функции, функции на општествен стандард и услуги на регионално ниво, концентрација на производни стопански капацитети, гравитациско влијание врз повеќе општини) со што при изработката на просторните и урбанистичките планови се наложуваат определени обврски:

• при изработката на урбанистичките планови површините за планирани урбани содржини треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, а исклучиво за општествено оправдани цели надвор од овие рамки на површини со бонитет на земја над IV категорија;

• да се применат принципите на насочена урбанизација со што ќе се достигнат приближно еднакви услови на живеење и работа на целата територија;

• да се усогласат густината на населеност, изграденоста и катноста заради зачувување на принципите на хумано живеење, рационална експлоатација на просторот и урбаните содржини, а во согласност со сите видови на заштита на животната средина.

• квалитативно задоволување на потребите на населението согласно принципот стан за секое семејство, наголемување на просечната станбена површина по стан, подобрување на квалитетот и осовременување на станбениот фонд, елиминирање на субстандардниот станбен фонд, примена на асеизмички мерки. Норматив при планирањето на станбена површина по жител околу 20 $м^2$ и станбена единица од 80-90 $м^2$ по семејство.

• да се овозможи дисперзија на капацитетите од јавните функции согласно со потребите на населението заради намалување на разликите на нивото на опременост со истите.

Во границите на планскиот опфат не постојат градби со културно историско значење и не се изработени Заштитно конзерваторски основи. Урбанистичките планови треба да го содржат просторниот аспект на заштита на недвижното културно наследство во активна, позитивна и афирмативна смисла независно дали се работи за:

- поединечен објект или градителска средина како заедничко богатство на сите граѓани на Република Македонија.
- објектите и градителските целини да се вклопат во просторното и организационо ткиво на градот и населените места или пошироките подрачја и да се потенцираат нивните историски, обликовни и естетски вредности.

Во доменот на инфраструктурата Просторниот план на Републиката предвидува:

- заедничко користење на просторот и синхронизирана изградба на инфраструктурните потези со единствени коридори дефинирани во просторните планови на општината .;
- сообраќајни системи за рамномерно покривање на територијата, оптимална поврзаност со окружувањето, односно со околните општини;
- заедничко користење на извориштата за вода на поголем број корисници, односно изградба на регионални водоснабдителни системи и водостопански
- објекти;
- изградба на системи за долгорочно загревање во градските центри и поголемите населби како би се дефинирала стратегијата за идниот развој на енергетиката во Р. С. Македонија ( планиран гасовод);
- регионални депонии за комунален отпад (во рамките на полошката котлина).

- третман на регулирана заштита на природните простори во длабина од 300 до 1000м во зависност од условите, рељефот и потенцијалните опасности од деградација
- регулиран и планиран развој и раст на постојните
- принципи на урбанистичко и архитектонско уредување и обликување на населбите:
- идентификуваните и валоризираните културни комплекси треба да се третираат како максимално интактни подрачја, нивна конзервација која нема да ги поремети нивните афтентични вредности
- комплексна и концентрирана изградба на основа на претходно изградените и верифицираните планови и програми
- целокупната изградба треба да биде само дополна на природните вредности на просторот со максимално избегнување на наметливо експонирање на архитектурата во него
- чисто архитектонско обликување кое треба да биде резултат на функционалните содржини и лимитирачките услови, а на основа на изворните и традиционалните елементи карактеристични за архитектурата на подрачјето
- Присуство на индустриски комплекси со чисто производство со висок степен на обработка во Охрид, надвор од литоралната зона
- Посебен режим на земјоделство со ограничена и контролирана употреба на пестициди, хербициди и други хемиски сретства, со тенденција за нивно постепено елиминирање
- Регулирање на водотеците како и пошумување на еродираните околни површини, како и деградираните шумски комплекси со цел заштита и збогатување на вегетацискиот фонд и подобрување на микроклимата
- Заштита на отпадни и загадени води, со нивно транспортирање и максимално пречистување (механичко, хемиско и биолошко), и нивно пуштање во Вардар.

**ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО - ГУП НА ОХРИД**

Појдовна основа при изработката на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид е Генералниот урбанистички план на Охрид од 2002-2012 година, донесен со одлука на Совет на Општина Охрид бр: 07-1438/2 од 30.06.2006 год каде се определени содржините на целата површина на градската територија, па и на површината во опфатот на овој простор.
Во Плански опфат, Урбан Блок 11.4, кој е предмет на овој ДУП, предвидени се следните содржини: градби за домување и престој на луѓе - куќи за домување и згради за домување. Согледувајќи ја намената на просторот представена во Синтезниот план на овој ДУП може да се утврди дека предвидената намена од ГУП е наполно почитувана. Согласно ГУП 2002 год. просечен број на членови на домаќинство на ниво на град е 3.5 жители, исто толку е и просечен број на жители на стан. Просечната површина по стан е предвидена од 80 м2 или на секое домаќинство се предвидува еден стан. Сообраќајници кои се предвидени со ГУП не се реализирани, па е нужна нивна изградба.
Насоките од Генералниот урбанистички план во целост се применети при изработката на Деталниот урбанистички план, воедно се следи и концептот на важечките детални урбанистички планови: Детален урбанистички план за 11-та УЕ МЗ Видобишта донесен со одлука бр. 08-7496 од 29.09.1992год. објавен во Службен Гласник на Општина Охрид бр.5, од 15.10.1992 год; Детален урбанистички план за УЗ 11 дел од УБ 11.4 - опфат 1, МЗ Видобишта донесен со Одлука бр. 07-9124/39 од 20.09.2014год; Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со

Акциски план (2020-2029) („Сл. Весник на РСМ“ бр. 45/20) како и постојната состојба во предметниот плански опфат.

**Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина (хронологија на планирање на просторот)**
(осврт врз донесените планови)

- Доставени се Изводи од урбанистички план: Изводот од ГУП за Охрид 2002-2012 бр. 19-6090/3 од 12.10.2023 год. Одлука бр: 07-1438/2 од 30.06.2006 год.
- Извод од ДУП бр: 19-6090/4 од 12.10.2023 год. за Детален урбанистички план за 11-та УЕ МЗ Видобишта донесен со Одлука бр. 08-7496 од 29.09.1992 год.
- За дел од предметниот опфат изработен е Детален урбанистички план за УЗ 11 дел од УБ 11.4 - опфат 1, МЗ Видобишта донесен со Одлука бр. 07-9124/39 од 20.09.2014 год, согласно Извод од ДУП бр. ; 19-6090/6 од 12.10.2023 год.
- ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ПЛАН ДУП за дел од УЗ 11, дел од УБ 11.3 - опфат 2 донесен со Одлука бр. 07-6092/35 од 30.06.2014 год, согласно Извод од соседен план на планскиот опфат за изработка на на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат2 бр. ; 19-776/5 од 11.11.2024год.
- ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ПЛАН ДУП за ГП 11.4.1 на КП 4361 во УЗ 11, УБ 11.4, КО Охрид 4 донесен со Одлука бр. 07-4568/22 од 26.10.2012 год, согласно Извод од соседен план на планскиот опфат за изработка на на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат2 бр. ; 19-776/6 од 11.11.2024год.
- ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ПЛАН ДУП за ГП 11.4.1 на КП 4626 во УЗ 11, УБ11.4, КО Охрид 4 донесен со Одлука бр. 07-1626/24од 27.04.2012 год, согласно Извод од соседен план на планскиот опфат за изработка на на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 бр. ; 19-776/8 од 11.11.2024год.
- ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ПЛАН ДУП за ГП 11.4.2 на КП 4498/1 во УЗ 11, УБ11.4, КО Охрид 4 донесен со Одлука бр. 07-4189/45 од 30.12.2014 год, согласно Извод од соседен план на планскиот опфат за изработка на на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 бр. ; 19-776/7 од 11.11.2024год.
- ИЗВОД ОД Урбанистички проект со план за парцелациј за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 1 формирана на КП 4514/1, КП 4514/2 и делови од други КП и ГП 2 формирана на дел од КП 4500 и делови од други КП во ДУП за 11-та Урбана Единица - Охрид, МЗ Видобишта во КО Охрид 4, Општина Охрид донесен со Одлука бр. 08-4989/25 од 18.04.2022 год, согласно Извод од Урбанистички проект во граница на планскиот опфат за изработка на на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 бр. ; 19-776/9 од 11.11.2024год

Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организирани простори со различни намени, одредување намена за поедини градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничување преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.
Со изработката на деталниот урбанистички план треба да се изврши усогласување на планските решенија за овој простор со Генералниот урбанистички план на град Охрид, со што ќе се овозможи непречена изградба и уредување на земјиштето во рамките на дефинираниот плански опфат. Преку планските решенија потребно е да се отстранат

препознаените недостатоци на важечките плански документи кои ја отежнуваат или спречуваат нивната реализација.
Деталниот урбанистички план ги почитува условите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план („Сл. весник на РСМ“ бр. 45/20) согласно Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10).

## 3.2. ПЛАНСКИ ОПФАТ

Планскиот опфат се наоѓа на периферијата од градот Охрид и во рамките на градскиот градежен реон. Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид е дел од просторот на Урбаната заедница 11, поточно Урбаниот Блок 11.4 и го зафаќа источниот дел УЗ 11 согласно поделбата направена во важечкиот ГУП за Охрид 2002-2012 година. Истиот е со површина од 8.55 Ха. Подрачјето кое го зафаќа планскиот опфат се наоѓа на источниот дел од планскиот опфат на ГУП за град Охрид, а административно припаѓа на Урбаната заедница Видобишта**.**
Планскиот опфат со градскиот сообраќаен систем главно е поврзана преку Сервисната улица Се 11.2 „Ристо Чадо“, Магистралната улица М2' "Железничка", Собирната улица "С2" (ул. "7ми Ноември"), Булевар "Туристичка", како и преку Магистрална улица М3’ Бејбунар-крак, Магистрална улица М3 ул. „Бејбунар“, Собирна улица С7 ул.„Момчило Јорданоски“, Собирна улица С6 ул.„Јане Сандански“, Булевар "Туристичка" кон Центарот на Охрид, предвидени со ГУП на Охрид, ќе се овозможи добра сообраќајна поврзаност и целосно вклопување во сообраќајниот систем на зоната, градот и пошироко.
Границата на планскиот опфат се движи на север по осовина на сервисната улица Се 11.2 ул. „Ристо Чадо“ во правец кон исток се до пресекот со магистралната улица М3' крак Бејбунар (источна транзитна), продолжува на југо-запад по осовината на станбена улица предвидена по претходен ДУП (Детален урбанистички план за 11-та УЕ МЗ Видобишта) и на запад по осовината на станбена улица предвидена по истиот ДУП.Геодетски, планскиот опфат е на подрачјето во КО Охрид 4.
Местоположбата на планскиот опфат, неговите природни карактеристики, пејсажните и рељефните карактеристики, се далеку поквалитетни од она што на тој простор ги создал човекот. Но, треба да се верува дека со планските документи кои допрва ќе се донесат ќе се внесе хармонија помеѓу градбите и природата.Планскиот опфат е расположен во терен со благ пад и тоа на североисток од кота 742.85 мнв кон југ поточно кон југо - запад до кота 728.61мнв и на северозапад до кота 727.24мнв.
Планскиот опфат има приближно форма на рамностран триаголник. Сообраќајницата со кои се пристапува до опфатот се на благ и заравнет терен, додека просторот наменет за градба е во незначителен мал пад, погоден за намена - градби за домување и престој на луѓе - куќи за домување и згради за домување. Локалитетот се карактеризира со поволна поставеност во рамките на блокот како и во однос на примарната сообраќајна мрежа на градот Охрид преку која се остварува врска со останатите делови на градот.

**Извод од Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029)**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион ("Службен весник на Република

Македонија" бр. 75/10), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.

Охридскиот Регион е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности во 1979 година (според критериумот (iii), односно сега критериум (vii). Во препораките од евалуација спроведена од страна на ИУЦН3 во 1979 година е укажано дека впишувањето на Листата на светско наследство треба да се темели и на културните вредности. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинацијата со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто е впишано под името Охридски Регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина.

Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион ќе обезбеди висок степен на заштита на исклучителната универзална вредност на регионот. Тој претставува основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што се обезбедува рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото искористување. План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029). Овој План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) е изработен во согласност Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион ("Сл. весник на РМ" бр. 70/10).

Изработката на Планот започна во 2009 година. Во периодот 2014 - 2018 година со надлежните институции од Албанија и со поддршка на Центарот за светско наследство на УНЕСКО, како и неговите советодавни тела - ИКОМОС, ИУЦН и ИКРОМ, беше спроведен т.н. UP STREAM процес. Во рамките на овој процес се оствари интензивна соработка меѓу надлежните институции, што имаше влијание и врз опсегот и квалитетот на нацрт-плановите за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион во двете земји.

Заради подобро управување и одржување на *исклучителната универзална вредност*, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, во Планот воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното и природното наследство, планскиот опфат на предметниот ДУП се наоѓа во третата зона на заштита, согласно мериките за заштита на културното наследство на Охридскиот регион која се дели на три подзони во опфатот на ГУП прикажани на сликата.




*Слика 50. Заштитни зони во граници на ГУП на Охрид (културно наследство).*

Во согласност со Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029), а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното наследство кое тие го поседуваат, третата зона на заштита во која се наоѓа предметниот ДУП за УЗ 11, УБ11.4- опфат 2, Општина Охрид, се дели на три подзони во опфатот на ГУП, од кои опфатот на планот е во заштитната зона III-в.

Забранети активности во заштитната зона III-в:

- изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП;

- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;
- изградба на објекти повисоки од П + 2 ката и поголем процент на изграденост од 50% во населбата Рача.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст.
Во предметниот локалитет не постојат објекти од културно историски градби, но уранистичкото планирање максимално треба да ги почитува забранетите активности во заштитната зона III-в. Постојните и новите градби во однос на висината и процентот на изграденост потребно е да се во рамките на пропишаните мерки за градба.

### 3.3. НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој, планската програма, ажурираната геодетска подлога и условите зададени со Генерален урбанистички план на Охрид 2002-2012 (Одлука бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 г.)
Планскиот концепт е условен и од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот и од мерките за заштита на животната средина и природата и заштитата и спасувањето.
Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост.
Програмските барања, постоечката и новопредвидената сообраќајна инфраструктура го услови планираното сообраќајно решение, за Деталниот урбанистички план во УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид 2024 – 2029 год.
Во рамки на планскиот опфат ќе се испланираат намени кои дозволуваат идните објекти да можат архитектонски да се обликуваат и да имаат високи естетски карактеристики. Планскиот концепт, со утврдените регулациони и градежни линии, овозможува уредување на просторот во квалитетна композиција. Истражувајќи ги можните начини на урбанизација на просторот, применети се следните принципи:

- Усогласување на градежните со катастарските парцели секаде каде тоа е можно
- Максимално почитување на постојниот градежен фонд кој е во добра состојба
- Парцелација т.е. оформување и дооформување на градежните парцели
- Обезбедување на поволни позиции на површините за градба во рамките на градежните парцели со цел да се овозможи лесен пристап од улицата
- Обезбедување колски пристап до секоја градежна парцела;

Преку изработката на Деталниот урбанистички план кој е за периодот 2024-2029 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно вклопување и активирање во градскиот систем со функционалност, комплементираност, комуникативност и флексибилност.Согласно ГУП за град Охрид за овој дел од градот, во површината на планскиот опфат се предвидува зона за градби со намена домување и домување со терцијални содржини  односно согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25),градби за домување и престој на луѓе и тоа:
А1.1 – Куќи со двор
А1.2 – Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи
А1.2 – Семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни

А2.1 – Слободностоечки згради со двор
Покрај овие намени се планирани и следните намени:
Д1.1 – Јавни паркови и зелени скверови
Д2.1 –дрвореди и друго украсно и заштитно урбано зеленило
Д3.1 –спортски терени на отворено
Е1.1 – Јавни патишта со пратечки градби и инсталации (примарна и секундарна улична мрежа)
Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици).
Намената на градежното земјиште во предметниот ДУП е утврдена согласно важечкиот ГУП на Охрид, Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 г., (одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-17168/111 од 30.11.2023г.) со која се утврдени границите и содржините на планскиот опфат. Према поставките и намената на овој план, како план од повисоко ниво се планира и уредува просторот во границите на Планскиот опфат во ДУП - от. Планскиот опфат односно урбан блок 11.4 за полесно согледување на просторот е поделен на два блока 1 и 2 .
Во планскиот опфат планирани се вкупно 186 градежни парцели во кои се предвидуваат површини за градба на 179 куќи за домување , 2 згради за домување и 4 водови за пренос на електрична енергија - трафостаници И 1 теренски градби на отворено.Сите градежни парцели (ГП) се одбележани се со трочлена номенклатура од 11.4.1-1 до 11.4.2-186 и означува ( урбан блок - 11.4; блок -1 односно блок - 2 и реден број на градежната парцела 1-186) и се со следните содржини:

- Градежните парцели ГП 11.4.1-33 и ГП11.4.1-136 – површини за градење за домување во згради за домување или вкупно 2.
- Градежните парцели ГП 11.4.1-182, ГП 11.4.1-183, ГП 11.4.1-184 и ГП 11.4.1-185– површини за градење за водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици) или вкупно 4.
- Градежна парцела ГП 11.4.1-186 – површина за градење теренски градби на отворено или вкупно 1.
- Сите останати Градежните парцели се површини за градење за куќи за домување или вкупно179.

### 3.3.1. СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР

Површината во планскиот опфат што ја зафаќа домувањето е (6.19 Ха или 69.96%). Согласно ГУП 2002 год. просечен број на членови на домаќинство на ниво на град е 3.5 жители, исто толку е и просечен број на жители на стан. Просечната површина по стан е предвидена од 80 м$^2$ или на секое домаќинство се предвидува еден стан. Во планскиот опфат моментално живеат 389 жители во 111 домаќинства, а планирани се вкупно 235 домаќинства заедно со постојните. Просечен број на жители за Охрид према пописот за 2002 година е 3.5 члена, што значи 822 жители: 235 домаќинства x 3.5 членови =822 жители.
До Министерството за култура, Управата за заштита на културно наследство под бр. 17-3289/4 од 21.11.2024 год. по електронскиот систем е – урбанизам (ПИМ) е испратено Барање за добивање на податоци и информации со кои се констатира дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште "Видобишта" и истиот се наоѓа во границите на природното и културното наследсво на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за што е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029).

Поради тоа не упатуваат да се контактира со НУ Завод за заштита на спомениците и културата и Музеј - Охрид, да утврди под кои услови може да се изработи планот.
На наше барање од НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД доставен е Одговор со бр. 03-350/2 од 03.04.2024 год, согласно кој е наведено дека на предвидениот опфат за ДУП УЗ 11 УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети, но истиот се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на "Природното и културното наследство на Охридскиот регион".
Согласно одредбите од "Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029" ("Сл. Весник на РСМ“ бр. 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона III - в на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработка на планот.
Заради тоа потребно е да се почитуваат о одредбите од Одлуката бр. 09-3172/6, донесена од Советот на Општина Охрид ("Сл. гласник бр. 4 од 18.03.2020 год.), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ" бр. 75/10), како и Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник на РМ" бр.20/04,71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 ,11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработката на предвидената планска документација.
Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објекти, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.
Врз основа на добиените податоци од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, бр. 17-3289/4 од 21.11.2024 год., констатира дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште "Видобишта" и истиот се наоѓа во границите на природното и културното наследсво на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за што е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029).
Во предметниот плански опфат, денес просторот е делумно искористен, има внатрешни пристапни улици кои се асфалтирани, а кои не се со соодветен попречен профил. При инвентаризација на објектите и евидентирањето на состојбата на терен констатирано е дека во планскиот опфат постојат 115 изградени објекти со намена А1- куќи за домување. Во планскиот опфат има постоечка комунална инфраструктура.
Инвентаризацијата на земјиштето и зеленилото во границите на планскиот опфат е направена на лице место, заедно со стручни лица од изработувачот - ДПГ "Снегар Компани" ДООЕЛ Охрид. Установено е дека има изградено градежен фонд со намена А1- куќи за домување.Во планскиот опфат, има изграден градежен фонд од вкупно 115 објекти односно 111 објекти од кои, претежно се во цврста, добра и средна состојба и многу малку во лоша состојба и 4 објекти - темели неизведени објекти. При инвентаризација на објектите и евидентирање на состојбата на терен консатирано е дека планскиот опфат делумно е изграден. Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ број 32/20, 111/23, 73/24 , 171/24 , 224/24 и 40/25), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата,како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Планскиот опфат со градскиот сообраќаен систем главно е поврзана преку Сервисната улица Се 11.2 „Ристо Чадо“, Магистралната улица М2' "Железничка", Собирната улица "С2" (ул. "7ми Ноември"), Булевар "Туристичка", како и преку Магистрална улица М3’ Бејбунар-крак, Магистрална улица М3 ул. „Бејбунар“, Собирна улица С7 ул.„Момчило Јорданоски“, Собирна улица С6 ул.„Јане Сандански“, Булевар "Туристичка" кон Центарот на Охрид, предвидени со ГУП на Охрид. Во опфатот постојните асфалтирани улици се тесни, не се со соодветен попречен профил поточно не се согласно Правилник за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 ,99/23 и 07/25).

Планскиот опфат за кој се работи овој Урбанистички план е покриен со водоснабдителна и фекална канализациона мрежа од градската мрежа на град Охрид. Согласно доставената документација од ЈП "ВОДОВОД"-Охрид, Јавно претпрујатие за снабдување со вода за пиење 09 -578/1 од 20.03.2024год на просторот (опфатот) постои водоводна инсталација и тоа:

- ПЕ цевка со профил Ф 160 мм;
- азбестно - цементна со профил Ф 100 мм;
- ПЕ цевка со профил Ф 63 мм;
- Поцинкувана цевка со профил Ф 5/4"мм

длабочината на цевките е околу 0.60-0.80 м, а приклучоците се на помала длабочина. При изведба на градежните зафати да се контактира Техничката служба од ЈП "ВОДОВОД"-Охрид.

Согласно доставената документација од ЈП "Нискоградба Охрид" - Охрид бр. 09-199/2 од 03.03.2024 год. на просторот кој е предмет на планирање постои фекална канализација ПЕ Ф 200 по дел од ул. "Ристо Чадо" и крак на ул.„ Ристо Чадо", а Ф300 на ул.„Андреја Јованоски“.

Согласно доставените податоци од ЕВН Гроуп ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистибуција на електрична енергија, бр.10-23/7-62 од 20.02.2024 год. во планскиот опфат од електроенергетски објекти и инфраструктура, евидентирани се:

- 10(20) кв Подземна мрежа;
- 0.4 кв Подземна мрежа;
- 0.4 кв Надземна мрежа;

Доколку постои подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е навремено обраќање до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е треба да присуства стручен вработен на лице место при реализирање на активностите во предметниот опфат.

Во планската документација задолжително треба да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мреќните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку при изведбата на работите е потребна дислокација на електричните објекти и постројки на ЕВН Македонија АД Скопје инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Во случај на настанување на штета на електроенергетски објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Македонија АД Скопје.

Согласно добиените податоци и информации од АД МЕПСО со бр. 11-1767/1 од 23.02.2024 год., планскиот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Во рамките на планскиот опфат согласно податоците добиени од Македонски Телеком - АД Скопје, бр. 59814 од 06.03.2024 год. има подземна ТК инсталација.

## АНАЛИЗА И СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Согледувајќи ги насоките од ГУП на градот Охрид (2002-2012), состојбата на терен и извршените анализи може да се заклучи дека ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 – опфат 2, Општина Охрид 2024 - 2029 има многу поволни прогнози за развојот во наредниот плански период, а особено заради: високите природни квалитети на просторот на Планскиот опфат

- големиот интерес на сопствениците на градежното земјиште за реализација на планираните содржини

близината на постојните инфраструктурни системи со што се очекува побрзата реализација на планираните содржини.
Согласно известувањето од *Министерството за животна средина Управата за животна средина – Управа за животна средина* под бр. 11-1883/4 од 27.03.2024 год. треба да се запазат следните критериуми при изработката на планската докумнтација:
планскиот опфат не влегува во означени граници на заштитени подрачја во државата и истата е надвор од границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.Меѓутоа, предметниот опфат се наоѓа во граници на Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион(УНЕСКО), за кој е донесен План за управување на културно и природно наследство на Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светско природно и кулктурно наследство во Охридскиот регион се уредува со Закон за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ " 75/10). Примената на мерките за управување со светскиото природно наследство предвидени во овој закон не смее директно и индиректно да доведе до влошување на состојбата со светското природно наследство во Охридскиот регион.

### 3.3.2. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Градежното земјиште во рамките на планскиот опфат се дели на:

- парцелирано - за поединачно градење и употреба (градежна парцела),
- непарцелирано - за општа употреба (улици, плоштади, инфраструктура и др.)

Намените во планскиот опфат се усогласени со ГУП на град Охрид и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 , 104/22 и 99/23). Според намената на земјиштето во овој плански опфат од **85548.35м2**, односно **8.55 Ха**, се следните наменски зони:

**а. Парцелирано земјиште**

**1. Домување (А)**

- Куќи за домување (А1)
- Згради за домување (А2)

**2. Инфраструктура ( Е)**

- водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици) (Е1.8)

**б. Непарцелирано земјиште -**
**Градежно земјиште за општа употреба**

**1. Зеленило, рекреација и меморијални простори (Д)**

- Градби од живо зеленило ( Д1)
- Заштитно и сообраќајно зеленило(Д2)
- Теренски градби за спорт и рекреација( Д3)

**2. Инфраструктура ( Е)**

- Сообраќајни инфраструктури (Е1)

Согласно актуелната важечка регулатива и номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), планските одредби за намена на земјиштето и градбите во рамки на планираните единици на градежно земјиште (градежни парцели) ќе ги носат следните ознаки: со планираната намена А – Домување од ГУП на град Охрид со овој урбанистички план ќе се предвидат следните намени:

**а. Парцелирано земјиште**

**6.2.1. А - Домување (А1.1, А1.2, А1. 3 и А2.1 )**

1. Класа на намена **А1 –Куќи за домување**

Наведената класа на намена **А1 – домување во куќи** ќе се дополни со компатибилни класи на намени согласно член 80, член 81, член 82, член 83 и член 84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). За уредената во урбанистички план основна намена **А1 – домување во куќи** како компатибилни намени можат да се планираат некои намени од класата на намени Б1 – мали единици за комерцијални и деловни дејности што не ја загрозуваат основната намена на домувањето, како што се:

- Б1.1 – дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство;
- Б1.3 – продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници;
- Б1.10 – канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги;
- Б1.11 – адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии
- Б1.13 – мали ординации од различни медицински и стоматолошки општи и специјалистички области;
- Б1.14 – продавници за предмети, уреди, салони за мебел и други мали специјализирани продавници;
- Б1.15 – козметички салони, студија за нега на телото и слично.

На основната класата на намена **А1 – Куќи за домување** компатибилните намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

2. Класа на намена **А2 – Згради за домување**

Наведената класа на намена **А2 – Згради за домување** ќе се дополни со компатибилни класи на намени согласно член 80, член 81, член 82, член 83 и член 84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Мешањето на класата на намена **А2 – Згради за домување** е вообичаено со класата на намени Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности. Класата на намени А2 може да биде во непосредно соседство, да граничи, да се допира односно да биде една до друга практично со сите класи на намени што не му пречат на домувањето во згради и не ја загадуваат околината со ниту еден вид на загадување, како што се класите на намени од групите на класи на намени Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни дејности и институции, па дури и оние

намени од класите на намени Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3 – индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори и Е2 – згради и комплекси на инфраструктурни системи, што немаат никакви штетни еманации и не ја загрозуваат функцијата на домување во згради.

**А -Домување - основни планерски параметри**

Во рамките на опфатот предвидено е домување во куќи и згради за домување, различни по големина. Урбанистичката парцелација во најголема можна мерка ја почитува постојната катастарска парцелација, а при димензионирање на парцелите е почитуван член 95, член 96, член 97, член 98 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Во Планскиот опфат предвидени се вкупно 181 градежни парцели наменети за домување: **Куќи за домување** и **згради за домување** од кои 49 се задржуваат во постојната состојба .

Во рамки на градежните парцели предвидено е функционирање на основната класа на намени и комплементарни намени. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена. Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:

- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Парцелираното градежно земјиште односно градежните парцели се дефинирани така што нивните граници се совпаѓаат со регулаторни линии - регулациона линија на планирани коридори на сообраќајници и граници на заштитни коридори на инфраструктурни водови. При планирањето на сообраќајната патна инфраструктура во локалитетот не се нарушува регулационата линија на соседни плански документации.

Во графичкиот приказ на планската документација, прикажани се (графички и нумерички) следните податоци:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м$^2$);
- граница и површина во која може да се гради (м$^2$);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м$^2$);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- минимален процент на зеленило во рамки на градежната парцела.

Максимална височина на градбата, за рамен терен, се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната

височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.
Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.
Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90м, а за деловна дејност 3,40.
Висинската кота на приземната плоча (нулта плоча) се уредува во однос на котата на тротоарот. За објекти за домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, максималната висина на нултата плоча изнесува 1,20м.Поместување на нултата плоча не треба да се врши под котата на тротоарот.

- изградената висина под нултата плоча не е пресметувана во Билансите
- максимална височина на кровната конструкција сметано од завршната плоча на градбата да биде 4,50 м

Висините на градбите помеѓу тротоарот и завршниот венец во должни метри се:

- за приземје и еден кат 7.20м
- за приземје и два ката 10.20 м
- за приземје и пет ката 19.20 м

Процентот на изграденост е даден за секоја градежна парцела и истите се движат во границите на дозволеното согласно член 114, 116 и 117 Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).
Процентот на изграденост на земјиштето всушност ја покажува густината на изграденост. Процентот на искористеност на земјиштето е даден во табреларниот преглед и тоа за секоја градежна парцела поединечно. Максималниот дозволен процент на учество на компатибилните класи на намени на основната класа на намена е согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25)

**I. Е – Инфраструктура**

Е1 - Сообраќајни инфраструктури

Е1.8 - Водови за пренос на електрична енергија: трансформаторска станица.

Со урбанистичкиот план се утврдуваат градежни парцели за трансофрматорски станици кои треба да одговорат на енергетските потреби во рамките на планскиот опфат.

**II. Д - Зеленило , рекреација и меморијални простори**

Д3 - Теренски градби за спорт и рекреација

Д3.1 –Спортски терени на отворено

Со урбанистичкиот план се утврдува градежна парцела за спортски терени на отворено.

**Земјиште за општа употреба**

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните поединечни основни класи на намени:

Д1 - Градби од живо зеленило

- Д1.1 – Јавни паркови, зелени скверови

Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило

- Д2.1 – Дрвореди и друго украсно и заштитно урбано зеленило

Е1 - сообраќајни инфраструктури

Е1.1 -јавни патишта со пратечките градби и инсталации

**б. Непарцелирано земјиште**

Непарцелираното градежно земјиште во рамките на планскиот опфат се состои од сообраќајна мрежа на сервисна улица, секундарни улици, како и земјиште со намена Градби од живо зеленило - Јавни паркови, зелени скверови, Заштитно и сообраќајно зеленило – Дрвореди и друго украсно и заштитно урбано зеленило, од кое дел е во рамки на сообраќајна инфраструктура, а дел е слободна површина. Непарцелираното градежно земјиште, во делот на сообраќајната инфраструктура скоро целосно е преземено од важечката планска документација. Имено, предметниот планскиот опфат е ограничен со улици многу мал дел со примарна а останатата со секундарна сообраќајна мрежа, и тоа:

- осовина на сервисната улица Се 11.2 ул. „Ристо Чадо“ - сервисна улица;
- на дел на исток по магистралната улица М3' крак Бејбунар (источна транзитна) магистрална улица;
- кон југ и југо - исток по осовината на станбена улица „ул. ,,Андреја Јованоски“ - станбена улица;
- на запад по осовината на станбена улица „крак на ул. ,,Ристо Чадо“ - станбена улица.

Истите се планирани со плановите од повисоко ниво и како такви се целосно преземени во предметниот Детален урбанистички план со дополнително усоглсување со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Дополнително, во рамките на планскиот опфат се планирани пристапни и пешачки улици, на начин означен во графичките прилози.

**Сообраќајна инфраструктура**

Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на сообраќајници, односно мрежа на улици. Во границата на планскиот опфат за Сообраќајна инфраструктура, е наменета површина од 21610.47м$^2$ или 2.16 Ха, односно 25.26%. Уличната сообраќајна мрежа се состои, според хиерархиската функционална класификација, од примарна и секундарна улична мрежа, према член 145 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Сообраќајниот концепт на планирана улична мрежа во просторот е утврден од:

- ГУП на град Охрид
- Важечки предходни ДУП
- Ажурирана геодетска подлога
- Анализа на постојна состојба
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25)

Целта на сообраќајниот план во рамките на планскиот опфат е истиот да се оптимално поврзе со надворешниот сообраќај кој е дефиниран со постоечките и планираните сообраќајници превземени и усогласени со ГУП на Охрид и важечките ДУП- ови за овој простор. Со овој ДУП се дефинираат сервисни, станбени, пристапни, пешачки патеки и истите се со димензии согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Во планскиот опфат, кој овде се уредува, примарни сообраќајници превземени од ГУП на Охрид се М3' крак Бејбунар (источна транзитна) која во опфатот учествува само со должина од l= 7.92м' со профил од 10.50м.

Нивелационото решение е превземено од Сообраќајниот план на ГУП на град Охрид плански период 2002-2012. Дел од висината на осовинските точки е превземена од важечкиот ГУП, а останатите точки се одредени според висинските коти земени од геодетската подлога.При дефинирањето на нивелетите на сервисните, станбените, пристапните и пешачките улици , почитувана е нивелетата на изведените улици и

конфигурацијата на теренот, при што подолжните наклони се движат во рамките на пропишаните вредности од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).Нивелетите на улиците служат за да се види колкави се подолжните падови на предвидените улици и да може преку нив да се направи и елаборат за фекална и атмосферска канализација.Максималните радиуси на хоризонталните кривини кај планираните сервисни улици се во границата на дозволените Р= 8.0 метри, а кај планираните станбени улици се во границата на дозволените Р= 6.0 метри.Хоризонтална и вертикална сигнализација ќе биде поставена на сите карактеристични места, согласно прописите и нормативите за безбедност во сообраќајот.Во приложената ситуација 1:1000, дадено е решение на нивелацијата, како и елементи на кривините за секое теме на кривина.

Стационарниот сообраќај, односно потребите за паркирање за градежните парцели треба да се реши во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места, кое ќе биде основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба кој ќе се определи согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) со Проектната документација. Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно дефининираната намена на земјиштето; инормативните акти од дел 9. Стационарен сообраќај (член 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25.За градежните парцели, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно и истото наведено е во посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите. Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува подземното паркирање, во планираните градежни парцели на овој ДУП е прикажана во графичките прилози.Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

На дел од парцелите односно кај ГП 11.4.1-33 и ГП 11.4.1-136 се предвидува и паркирање во границите на предвидената подземна градежна линија во онолку подземни нивоа колку што ќе биде предвидено со основните проекти како би се задоволила потребата од паркирање согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

**6.4 Нумерички показатели на вкупните планирани површини во опфатот**

| НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | ПРОЦЕНТУАЛНО УЧЕСТВО ВО ВКУПНАТА ПОВРШИНА |
|---|---|---|
| **А1 – куќи за домување** | 59852.04 m2 | 69.96% |
| **А2 – згради за домување** | 2091.17 m2 | 2.44% |
| **Д1 – градби од живо зеленило** | 256.18 m2 | 0.30% |
| **Д2 – заштитно сообраќајно зеленило** | 39.58 m2 | 0.05% |
| **Д3 –теренски градби за спорт и рекреација** | 1551.82 m2 | 1.81% |
| **Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија -трансформаторски станици** | 147.09 m2 | 0.17% |
| **Е1 - сообраќајни инфраструктури** | 21610.47 m2 | 25.26% |
| **ВКУПНО** | **85548.35 m2** | **100.00%** |

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени во границите на дозволениот процент на учество на компатибилната класа на намени во однос на основната класа на намена во планот. Во планскиот опфат предвидени се градежни парцели со класи на намена:

**Намена на земјиштето и градбите:**

- **Парцелирано градежно земјиште:**
- А1 -Куќи за домување
- А2 -Згради за домување
- Д3-Теренски градби за спорт и рекреација
- Е1.8-водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици)

- **Непарцелирано земјиште -**

**-Градежно земјиште за општа употреба**

- Д1-Градби од живо зеленило
- Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило
- Е1-Сообраќајни инфраструктури

**Паркирање:** Потребниот број на паркинг места треба да се обезбеди во сопствената градежна парцела. Основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба е обезбедувањето на потребниот број на паркинг места во градежната парцела, кој ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25**)** со Проектната документација.

Пристап до оваа градежна парцела е од Станбена улица Ст.2 крак на улица "Ристо Чадо" односно Станбена улица Ст.3, а ќе се дефинира со изработка на Проектната документација.
Доколку при реализација на ДУП се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи согласно со одредбите од член 65 и 129 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 ,11/18 ,20/19) , односно, да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.Весник на РМ“ 75/10).
Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика,не може да надмине повеќе од 70%.
Минимална застапеност на зеленилото да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018, 142/20 и 224/24).

**Нумерички дел**

Во табеларните прилози се дадени сите урбанистички параметри за секоја градежна парцела поодделно за целиот плански опфат, и тоа со: број на градежната парцела, класа на намена, компатибилни класи на намени, површина на парцела, површина за градба, бруто развиена површина, максимална височина на објектот во метри, број на катови и начин на паркирање.

Основни планерски параметри од ДУП за Планскиот опфат

| содржини | големини |
|---|---|
| Вкупен плански опфат | 85548.35м2 /8.55ха |
| Градежни парцели | 186 |
| Површини на градежни парцели | 63642.12м2 |
| Површини под градба | 18683.002 |
| Вкупна изградена површина по спратови ( на сите надземни нивоа ) | 51118.00м2 |
| Р-процент на изграденост на земјиштето | 21.8% |
| К-Коефициент на искористеност на земјиштето | 0.60 |
| Максимален број на жители | 822 |
| Просечен број на членови во домаќинство | 3.50 |
| Бруто густина на населеност - | 96ж/ха |
| Нето густина на населеност - | 133ж/ха |
| Број на домаќинства | 235 |

**Нумерички показатели за сообраќајна инфраструктура**

**Билансни показатели**

Споредбено систематизирани нумерички вредности кои произлегуваат од планските решенија и постојната состојба во документационата основа на планот можат да се дадат за демографските промени, објектите, како и површините.
Од билансните показатели од постојна состојба и планиран развој може да се направи споредбена анализа според која може да се заклучи дека се подобрува квалитетот на живот на постојните жители и за луѓето кои ќе го користат просторот за живеење.

**Постојна состојба**

- број на објекти: 111
- површина на објекти: 10963.4 $m^2$
- вкупна изградена површина (на сите нивоа): 21181 $m^2$
- број на домаќинства: 111
- број на жители: 389
- Густината на население во рамките на опфатот изнесува 46 жители/ha.

**Планирана состојба**

- Површина на плански опфат 8.55ха
- Вкупна површина на градежните парцели во рамки на планскиот опфат 63642.12м2
- Максимална површина за градба во рамките на планскиот опфат 18683.00м2
- Максимална вкупна изградена површина (на сите надземни нивоа) во рамките на планскиот опфат-51118.00м2
- Коефициент на искористеност 0.60
- Процент на изграденост 21.8%
- Планиран вкупен број на домаќинства 235
- Планиран вкупен број на жители 822
- Планирана бруто густина на население 96ж/ха
  *Дадените вредности се однесуваат на целиот плански опфат

**Водоснабдителна мрежа**

Планираната хидротехничка инфраструктура во Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 – опфат 2 е планирана врз основа следните податоци и подлоги:

- доставената документација од ЈП "ВОДОВОД"-Охрид, Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење бр. бр. 09-578/1 од 20.03.2024 год. Охрид;
- Насоките од плановите од повисоко ниво - ГУП на град Охрид;
- Сообраќајно и нивелациско решение на планираната сообраќајна мрежа; и
- Актуелните прописи за проектирање на инфраструктурни објекти од овој вид-водоснабдителните нормативи,урбанистичкото решение, важечките пожарни нормативи.

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.Вкупниот максимален број на жители би изнесувал Нк = 822. Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и новопланираната дистрибутивна водоводна мрежа.Водоснабдување од постојната мрежа задоволува цевоводот на станбената улица Ст. ул. "Андреја Јованоски" со PEND 160 и станбената улица Ст.1 крак на ул." Ристо Чадо" Ф100. Планскиот опфат е со планирана намена куќи за домување, згради за домување со катност П+1 П+2, П+2+Пк и П+3 од техничките нормативи е усвоено растојание меѓу хидранти мах 150м, профил на магистрален цевковод Ф100, минимален цевковод на довод на вода до хидрант Ф80, хидрантите се усвоени како надземни а на делот каде би го попречувале сообраќајот како подземни. Профилите на мрежата ги диктираат пожарните нормативи а останатите се за санитарните потреби. Основниот систем е проектиран со приклучување на постојните цевководи Ф100 и Ф160 и исполна меѓу нив согласно сообраќајното решение и потребата од водоснабдување со цевоводот PEND 110, PEND 140. За изведба на мрежата усвоени се ПЕ водоводни цеви, лиени железни фасони, челични арматури, сите тие поставени на песочна постелица.

**Фекална канализациона мрежа**

Согласно доставената документација од ЈП "Нискоградба Охрид" - Охрид бр. 09-199/2 од 03.03.2024 год. на просторот кој е предмет на планирање постои фекална канализација ПЕ Ф 200 по дел од ул. "Ристо Чадо" и крак на ул. „Ристо Чадо", а Ф300 на ул.„Андреја Јованоски“.Во постојна состојба фекална канализација нема организиран систем за одвод на отпадни води, постојат само некои парцијални решенија кои иако нецелосно се ориентирани кон станбената улица Ст.1 крак на ул." Ристо Чадо". Према добиените податоци места за приклучок се крајната северна и јужна точка на опфатот цевоводи со профил Ф300. Решението на основната фекална канализација во планскиот опфат се базира на податоците добиени од ЈП "Нискоградба Охрид" - Охрид., сообраќајното решение, конфигурацијата на теренот и одводителната норма
q=2h(q h N/14), одводителна норма 300лит/сек/ден.На овие цевководи согласно конфигурацијата на теренот и при падната површина се проектирани парцијални цевководи со профили добиени према предходно назначените основни податоци.

За изведба на мрежата усвоени се ребрасти ПЕ цеви прикажани во графички прилог бр. 04.Инфраструктурен план - водоснабдување, фекална и атмосферска канализација, електрика и телефонија и во графички прилог бр. 05 Синтезен план, нивелационото цеводите ги пратат сообракјајниците на длабочина од 0-2м.Предвидени се монолитни ревизиони и приклучни шахти за средно тежок сообраќај, цевководите се поставуваат на песочна постелица, останатиот дел од ровот е предвидено да се насипува со ископаниот материјал, остатокот од ископот се насипува со подлога гранулат за подлога.

**Атмосферска канализациона мрежа**

Во планскиот опфат не постојат цевководи нити за сопствена нити за транзитна атмосферска канализација, согласно тоа останува како и до сега атмосферските води да се одводнуваат површински по риголите од сообраќајниците. Согласно овој ДУП предвидени се четири новопредвидени трафостаници. Електроенергетско приклучување на корисниците ќе се изврши од дистрибутивни 10(20)/0,4kV трафостаници согласно мрежните правила. Трафостаниците да се приклучат со подземни 10(20)kV електроводови на среднонапонска дистрибутивна мрежа. За градба на една дистрибутивна 10(20)/0,4kV 800КВА трафостаница да се предвиди засебна градежна парцела со површина од 31.00 - до 45.27m$^2$.

Нисконапонската електрична мрежа (1 kV) е изведена со подземни електрични водови и делумно со воздушни електрични водови. Во нареден период планирано е воздушните електрични водови да се заменат со подземни електрични водови.

Што се однесува до планирањето на приклучоците за објектите и нисконапонската мрежа, истите ќе бидат во понатамошна постапка согласно Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење согласно член 74 став (8) од Законот за градење.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје).

Согласно добиените податоци и информации од АД МЕПСО со бр. 11-1767/1 од 23.02.2024 год., планскиот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

**Јавно осветлување**

Првенствена и најважна цел на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќаот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување зависи од неколку елементи:
Од геометријата на инсталацијата ширина на сообраќајницата растојанието помегу светилките, висината на монтирање на изворот на светлина како врстата и распоред на изворот.

**Телекомуникациска инфраструктура**

Во рамките на планскиот опфат согласно податоците добиени од Македонски телеком - АД Скопје има подземна ТК инсталација.Предвиден е развод за ТК инсталации со оптички кабел (влакна) составен од :

- комуникациски ормар за оптички разделници
- цевна мрежа - (MICRO TUBE) цевка за перспективно полагање на оптчки влакна од комуникациски ормар до граница на парцела.На границата меѓу две парцели се носат две вакви цевки.
- цевна мрежа за перспективно полагање на оптички кабел меѓу -комуникациски ормари.

Бројот на оптички влакна од комуникациски ормар до парцела како и меѓу комункациски ормари ќе зависи од ТК операторот кој ќе изведува телефонска или податочна мрежа.
Телефонските водови ќе бидат вкопани во инфраструктурните коридори, а при премин под сообраќајниците, ќе бидат поставени во армирано бетонски канали. Притоа неопходно е да бидат запазени сигурносните растојанија предвидени со позитивната законска регулатива.
Согласно планската документација, сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи:
- градежните објекти важни за државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштита на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини со послаби бонитетни класи.
Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;

- насоките и кретериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштита на животната средина;
- создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Основни определби на Просторниот план на РСМ се:

- Заштита на земјделското земјиште, со стриктно ограничување на трансформација на земјиштето од I II бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Реализација согласно принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.
- Ефикасна инфраструктурна опременост на градовите и околните места - фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.
- Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и корисниците на предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

За овој плански опфат важат следните мерки за заштита:

Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на РМ,бр. 42/01),Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ, бр. 36/04, 49/04, 86/08), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ, бр. 67/04), Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ, бр. 29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл. Весник наРМ бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Согласно членовите 13,14,34,35 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04 86/08) потребно е да се реализираат заедничките одредби од глава VIII. Мерките за заштита и спасување , односно членовите 51,53,54 и 61 од Законот.

Основните цели на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки и плански програмски документи кои ги донесуваат органите на државата и општината.

Право и должност на Р. Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица е да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, регулирано со:-

- Закон за животната средина (Сл. весник на РМ, бр.53/05,81/05, 24/07,159/08,83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22);

- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18и 151/21);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21);
- Закон за управување со отпад (Сл. весник на РСМ бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животна средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07,124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/21);
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21);
- Закон за води (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Уредба за класификација на површинските води (Сл.в. на РМ, бр.99/16, 246/18. 276/19, 256/21, 280/23);

и други законски и подзаконски акти.

## 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Заради дефинирање на целите на заштитата на животната средина во постапката на Стратегиската оцена на урбанистичка планска документација (цели на СОЖС), беше извршен преглед и анализа на карактеристиките на подрачјето планирано за изградба на објекти за домување, карактеристики на локација и тоа: географска положба, релјеф, геолошки карактеристики, климатски и сеизмички карактеристики, население, стопански развој и културно-историско наследство. Посебно внимание е посветено на карактеристиките на животната средина, односно анализа на најосетливите елементи кои би можеле да бидат афектирани од реализацијата на овој плански документ.

### 4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА

Градот Охрид лежи на североисточниот брег на Охридското Езеро. Неговата географска положба е детерминирана од сообраќајните коридори што водат преку Охридскиот басен и долината на Црни Дрим, а рамничарскиот карактер на рељефот во поширокото опкружување овозможува лесно поврзување и комуницирање на градот со соседните населби и соседните градови.Планскиот опфат се наоѓа на периферијата од градот Охрид и во рамките на градскиот градежен реон. Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид е дел од просторот на Урбаната заедница 11, поточно Урбаниот Блок 11.4 и го зафаќа источниот дел УЗ 11 согласно поделбата направена во важечкиот ГУП за Охрид 2002-2012 година. Истиот е со површина од 8.55 Ха. Подрачјето кое го зафаќа планскиот опфат се наоѓа на источниот дел од планскиот опфат на ГУП за град Охрид, а административно припаѓа на Урбаната заедница Видобишта**.**




## 4.1.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Низ територијата на општина Охрид поминуваат следните магистрални патишта:

- Магистрален пат М4 Охрид-Кичево-Скопје со должина од 176 км;
- Магистрален пат М5 Охрид-Битола-Скопје со должина од 235 км.

Низ територијата на општина Охрид поминуваат следните регионални патишта:

- Регионален пат Р501, Охрид-Св.Наум, 29 км;
- Регионален пат Р420, Охрид-Струга, 14 км.

На територијата на општина Охрид се наоѓа и аеродромот Охрид кој се наоѓа на 9 км од градот, на магистралниот пат Струга-Кичево-Скопје.Опслужното подрачје на Охридскиот аеродром ги опфаќа и општините: Ресен, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кичево, Дебар, Македонски Брод и Демир Хисар.

ПАТНА МРЕЖА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




## 4.1.2. РЕЛЈЕФ

Географски граници на Охридската котлина од исток се планините Галичица и Петрино, од запад Мокра и Јабланица. Котлината е поделена на два дела кои се различни по површина. На југ поголемиот дел го зафаќа езерото, а кон север се простира плодната равница, односно Охридското поле. Југоисточниот дел од просторот се карактеризира со разновրсност на рељефот, а преовладува ридско - планински терен. Крајбрежниот дел до патот Охрид - Св. Наум е со блага косина до 10%, исклучок прави возвишението кај Горица каде падовите се од 25% до 60%. Просторот источно од патот Охрид - Св. Наум е ридско планински со интересни конфигурациски делови и падови од 20% до 70%.Најмаркантна рељефна форма е планината Галичица со висина од 2.288 м со стрмни страни, длабоки долови и клифови кон езерото.



Охридското подрачје ја преживеало езерската фаза. Езерскиот басен во намален обем се задржал и до денеска. Иако со спласнувањето езерото е доста намалено се уште е во полн живот. Причина за тоа е тонењето на гребенот што продолжува и денеска, а со што може да се објасни големата длабочина на езерото (286 м) поради што е едно од најдлабоките езера во Европа. Рељефните карактеристики влијаат врз територијалниот распоред на населбите, содржините и дејностите во нив, проектирањето на сообраќајниците, распоредот на пејсажот, разместеноста на растителните заедници, па затоа при планирањето на просторот треба да се има предвид значењето на рељефот во целина.

### 4.1.3. ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Матичниот супстрат во содејство со остантите педогенетски фактори (вегетација, клима, рељеф, време и др.) има мошне големо значење за одредување на правецот и текот на педогентските процеси во почвата. Од карактерот на матичниот супстрат зависат многу својства на почвата, особено далобочината, физичките и хемиските својства, минералниот состав и правец на еволуција на почвата. Според геолошките испитувања кои се правени на оваа територија од Геолошкиот Завод - Скопје, карпестите маси кои се со различна старост и минеролошки состав можат да се групираат во следниве геолошки формации:

- Комплекс на палеозојски метаморфни и магматски стени;
- Комплекс на мезозојски седиментни стени; и
- Комплекс на терциерни и квартерни седименти.

**Едафски карактеристики**

Почвата како природно историско тело настанува како последица на заедничкото комплексно делување на сите педогентски фактори (клима, вегетација, матичен супстрат, живите организми, рељеф, времето и човекот).

Факторите кои влијаат на образување на почвите и нивната натамошна еволуција, како и нивните својства се многубројни и се во најтесна корелација со условите на средината. Поради големата хетерогеност на природните услови (климатските, орографските, геолошко-петрографските, хидрографските, вегетациските и времето) на територијата на Охрид се образувани поголем број на почвени типови и поттипови.

Систематската припадност на почвите во Охридска општина според најновата прифатена класификација (Филиповски \.; Шкориќ А.; и др. 1985 година) е следнава:

Класа: Неразвиени почви со Профил А - С

1 тип Литосоли

2 тип Регосоли

Класа: Хумусно - акумулативни почви со профил А – С

3 тип Рендзина

4 тип Варовничко-доломитна црница (калкомеланосол)

поттип органогена, органоминерална и браунизирана.

5 тип Хумусно-силикатна почва (Ранкер)

поттип проторанкер, зрел ранкер и браунизиран ранкер.

Класа: Камбични почви со профил А - (В) - С

6 тип Еутрично-кафеави почви (еутричен камбисол)

7 тип Циметни почви (хроничен камбисол)

8 тип Кафеава почва врз варовник и доломит (камбисол)

9 тип Црвеници (тера роса)

В Преталожени почви

10 тип Алувијални почви

11 тип Делувијални почви

Во приобалниот дел на езерото, во појас со ширина од 500-600 м преовладуваат езерски седименти: ситнозрн шљунак, песок и муљевити творевини кои што имаат изедначена гранулација и заобленост на зрната. Овие седименти се постојано заситени со вода што влијае врз формирање на неповолни физички својства на тлото. Вакви терени се среќаваат на дел од комплексот Горица.

## 4.1.4. КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Охридско-преспанскиот регион се карактеризира со прилично хетерогена орографија која од своја страна условува модифицирање на климатските општи карактеристики, додека огромните водни природни акумулации Охридското и Преспанското Езеро, се посебни климатски модификатори кои одредуваат посебен режим на некои метеоролошки елементи. Поради отвореноста на подрачјето, преку долината на Црн Дрим кон север, во зимските месеци продираат студени воздушни маси кои ја снижуваат температурата на воздухот, додека во текот на летниот период имаме продор на медитерански влијанија. Во топлиот дел на годината езерата акумулираат топлина, а во студениот дел на годината особено во првите зимски месеци, акумулираната топлина се ослободува и го затоплува воздухот, со што значително се зголемуваат просечните месечни температури. Охридското Езеро лежи на пониска надморска височина и е значително поизразен модификатор на климата од Преспанското Езеро, што се должи на температурата на водата која во Охридското Езеро е доста потопла преку целата година.







Охридскиот регион не е многу оддалечен од Јадранското Море (110 км по права линија-воздушно растојание), па би можело да се очекува режим со изразена приморска клима, но високите планински масиви кои се издигаат (околу 2.000 мнв) го оградуваат регионот од запад, југ, југоисток, запирајќи го влијанието на Јадранското Море, така што климата во Охридскиот регион е умерено континентална, модифицирана според локалните влијанија, но и со делумни влијанија на медитеранската клима што предизвикува специфичност на метеоролошките елементи, а особено температурата на воздухот. Исто така, влијание има и надморската височина на Охридското Езеро со просечна височина на езерското огледало од 693,5 мнв. Средногодишната просечна температура изнесува 11°Ц, со максимални средномесечни температури во јули и

август од 21,2°Ц и 34,4°Ц. Просечната зимска температура изнесува 2,7°Ц, додека просечната летна температура изнесува 19,6°Ц. Најниската средномесечна температура, забележана во јануари, од -17,2°Ц, е апсолутниот минимум.

Просечно во Охрид се јавуваат 73 летни, а само 11 тропски денови. Поради поголемата надморска височина на котлината, непосредната близина на високите планини, Галичица и Јабланица, како и поради локалните воздушни струења, во летните месеци ноќите се свежи, додека дневните релативно високи температури се лесно подносливи. Врнежите во регионот се условени од медитеранскиот плувиометриски режим. Поголемиот дел од годишните врнежите паѓаат во ладниот дел на годината, со максимум во доцна есен, а помал во топлиот дел на годината, со минимум во летните месеци. Врнежите се, главно, од дожд, а сосема мала количина од снег.

Просечните средногодишни врнежи од дожд во Охрид изнесуваат 703 мм, додека, пак просечните врнежи од дожд во околината на езерото изнесуваат приближно 759 мм годишно. Во Охрид најврнежлив месец е ноември - 98,4 мм, потоа декември и јануари со по 78,9 мм, односно 76,4 мм, додека со најмалку врнежи се јули - 23,2 мм и август - 29,1 мм. Снегот се јавува секоја година (зимски месеци), но снежната покривка е со кратко траење. Снегот се јавува од ноември заклучно со април и просечно годишно има 19 денови со снежна покривка. Максималната височина на снежната покривка изнесува 64 см, измерена на 14 јануари 1963година, потоа 54 см на 25 февруари 1965 година итн. Најдолготраен непрекинат период со снежна покривка изнесува 29 дена, од 15 јануари до 12 февруари 1963 година.

Охридската котлина се одликува со посебен режим на ветрови, што е условено од езерото. Покрај ветровите што се јавуваат поради општите атмосферски промени, овде се јавуваат и ветрови со локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина. Ветровите во Охридската котлина имаат и свои локални називи, било според правецот на дувањето или називи што им ги дале охридските рибари. Овие локални ветрови имаат влијание на општиот распоред и зачестеноста на правците на ветровите во котлината. Така, според мерењата на мерниот пункт Охрид, во овој дел преовладува северниот, југозападниот и јужниот ветер. Жестината на ветровите и мирните периоди исто така, се менуваат во текот на денот, особено во летниот период. Утрата се карактеризираат со доминација на северните ветрови и тишините. Состојбата целосно се менува попладне, кога ветровите од југ и југоисток ги потиснуваат тишините.

Во Охрид преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 297‰, просечна годишна брзина од 2,4 м/с, а максимална од 12,3 м/с. Северниот ветер дува преку целата година, најчесто во ноќните часови, а зачестеноста му е смалена во попладневните часови. Југозападниот и јужниот ветер се приближно со иста зачестеност од 179, односно 176‰, со просечна годишна брзина од 2,9 м/с и максимална од 18,9 м/с. Тие се јавуваат преку целата година, но со најголема зачестеност се од април до јуни и дуваат преку ден до доцните вечерни часови. Северозападниот ветер е со зачестеност од 73‰, просечна годишна брзина од 1,8 м/с и максимална брзина од 15,5 м/с. Североисточниот ветер е со зачестеност од 43‰, просечна годишна брзина од 2,5 м/с и максимална брзина од 12,3 м/с. Источниот и југоисточниот ветер се со иста зачестеност од 23‰, просечна брзина од 3,1 м/с и максимална од 18,9 м/с. Охридската котлина е доста ветровита. Од вкупниот број на измерените случаи, 862‰ се со ветер од различни правци, а само 138‰ е без ветер, со тишини. Изразито ветровити се септември и октомври, со просечна зачестеност на тишини 99, односно 81‰, а мај е со најголема зачестеност на тишини, просечно 215‰.

Според податоците од мерниот пункт во Охрид, просечниот мразен период изнесува 143 дена. Раниот датум на есенскиот мраз е 5 октомври, а најдоцниот датум на пролетниот мраз е 18 мај. Меѓутоа, вистинскиот просечен годишен број на мразни

денови во Охрид изнесува 61 ден. Од вкупно забележаните сушни периоди, 84% се со траење од 10 до 20 дена, 6% со траење од 20 до 30 дена, 4% со траење од 30-40 дена и 7% со траење подолго од 40 дена. По сезони, најчесто се јавуваат во летните месеци (37%), потоа во есенските (28%) и најмалку во пролетните (19%) и зимските месеци со (17%).Охридската котлина се одликува со долготрајно сончево зрачење (инсолација). Просечната инсолација изнесува 2.257 часови годишно или во просек 6 часа дневно, со максимум во јули (308 часови), или просечно во овој месец 10 часови дневно. Минимумот е во јануари (80 часови), или во просек 3 часа дневно. Просечната годишна облачност изнесува 5,2 десетини, таа правилно се смалува од јануари до јули, а потоа кон декември правилно се зголемува. Со вредност поголема од 6 десетини, просечната месечна облачност се јавува од ноември заклучно со април. Најоблачни месеци се трите зимски, а со најмала облачност е месецот јули, просечно 2,8 десетини. Од вкупниот годишен број на денови, 24% се ведри, 27% се тмурни, 49% се облачни. Ведрите денови со најголема зачестеност се во јули, август и септември, а тмурните се најчести од ноември до март.

Релативната влажност на воздухот има спротивен од во однос на температурата на воздухот. Од јануари до јули опаѓа, а потоа се зголемува. Просечната годишна вредност е 71%, со максимум во декември и јануари (79%), а минимум во јули и август (60%). Испарувањето од слободната водна површина во Охридската котлина е поголемо одошто паднатите врнежи. Просечно годишно испарува 836 л/м2, а годишната сума на врнежи изнесува 708 л/м2. Најголемо е испарувањето во август (137), потоа во јули (132), а најмало во јануари со 27 л/м2. Маглата е ретка појава во Охридската котлина. Просечно годишно се јавуваат 5 дена со магла, главно, во трите зимски месеци.

### 4.1.5. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Територијата на Охридскиот регион по своите сеизмички геолошки и инженерско геолошки својства е доста хетерогена. Таа се наоѓа во зоната на активно дејство на земјотреси. Крајбрежниот простор на Охридската котлина е во состав на сеизмичка активност на регионалниот расед на западната падина на Галичица, како и на сеизмички дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта (Преспа, Битола, Кичево, Елбасан - Либражди, Берти, Корча и др.) кои имаат влијание на овој простор, со интензитет на земјотреси од 7-9° по МЦС скала. Крајбрежниот простор е сеизмички најактивен во јужниот дел, а ослабува кон север. Максималниот интензитет изнесува 9° за југозападниот и 8° по МЦС за источниот и североисточниот дел. Во склоп на овој сеизмички регион зоната на езерото се карактеризира со појава на силни и слаби земјотреси со сопствено локално жариште на длабочина од 5-30 км.

Според извршените пресметки и макро сеизмичката реонизација се претпоставува дека во овој простор можни се земјотреси со максимален интензитет од 10° во југоисточниот и 9° по МЦС скалата во источниот и североисточниот крајбрежен дел, поради што се препорачува при планирањето на градежните активности да се предвиди соодветна сеизмичка заштита.

### 4.1.6. НАСЕЛЕНИЕ

Градот Охрид опфаќа површина од 203 км2, а нашите податоци говорат дека според резултатите од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, бројот на вкупното население во опшината Охрид изнесува 55 749 жители или 256 жители на км2 од кои според националноста припадност 85% се изјасниле како Македонци, а останатиот дел го сочинуваат Албанци, Турци, Срби,

Власи, Роми и други, кои живеат во 16012 домаќинства и поседуваат 28437 станови. Има 14 населби (во кои не се вклучени 5 приградски населби), 5 села со помалку од 300 жители, 6 села со средна големина и 4 населби со повеќе од 800 жители. Миграционите движења особено негативно се одразуваат во случаите на мали подрачја. Тие влијаат на вкупниот број на жители, како и на структурните карактеристики на населението, а повлекуваат краткорочни и долгорочни последици. Охрид преставува еден од нашите најголеми туристички центри и како таков преставува магнет за туристите.

.

**4.1.7. СТОПАНСТВО**

Главни стопански гранки во Охридската општина се: туризам и угостителство, лесна индустрија, услужни дејности (трговија и сообраќај). Најзначајни компетативни предности на општината се: туризам (поволни климатски услови, сместувачки капацитети), патна и воздушна поврзаност (аеродром), еколошки чиста и здрава средина. На поширокото градско подрачје лоцирана е индустриска зона на градот која се протега во периферијата, во предградијата Косел и Лескоец, каде се лоцирани најголемите фабрики во Охрид. Покрај за туризам, индустриските капацитети и разновидното стопанство го прават атрактивен и за бизнис, па така последните години се повеќе странски компании од целиот свет, своите партнери и пробивот во Македонија и Европа, го прават токму преку охридските компании. Во сферата на туризмот најголеми компании се Комплекс Макпетрол и Белви, Концерн Инекс Горица и Охрид Турист, додека најголеми компании, надвор од туризмот се Амак Сп, Охридка Банка - Сосиете Женерал Групација, ЕМО, Леарница МГ и други. Гумништа - инвалидско одморалиште, населба и некропола од римско време. На 4 км од градот десно од патот Охрид - Св. Наум и западно од пештерската црква Св. Стефан при изградба на хотелот се откриени остатоци од објект, огништа и фрагменти од керамички садови. Во текот на Втората светска војна биле откриени два гроба од тегули тип „на две води". Денес по површината на нивите и лозјата се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал.

Св. Стефан - Горица, депо на средновековни монети. Во 1948 година при копање на темели за изградба на Синдикалното одморалиште се најдени византиски монети од XII век. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.

Св. Стефан - Панцир пештерска црква која датира од XIV век. Подрачјето кое е предмет на анализа припаѓа на Охридскиот регион и според Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион, врз база на заштитно-конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство:

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот

споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 і 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).
Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

### 4.1.8. КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Градот Охрид се карактеризира со богато културно наследство. Присуството на голем број споменици со историско и уметничко значење на територијата на крајбрежјето на Охридското Езеро го вбројуваат Охридскиот крај во најбогатите споменични региони во државата. Материјалната култура напластува на овој простор повеќе од 3.500 години обврзува да се пристапи со посебен третман на истиот. Откриени се повеќе археолошки локалитети од различни временски периоди.
**Античка фурна -** осамен наод од доцно античко време. На 5-от километар од левата страна на патот Охрид - Св. Наум откриена е фурна за печење тули. Горниот дел е четвртаст и служел за поставување на непечени тули, а долниот е дводелен со сводести окна што служеле за загревање на горниот дел. Фурната е откриена при изградба на асфалтираниот пат, а во 1972 година е конзервирана.
**Панзир -** населба и некропола од доцноантичко време и среден век. Се наоѓа на околу 3-4 км југоисточно од градот, на југоисточната падина од полуостровот Горица, во близинана езерскиот брег. Во приватен овоштарник биле откриени остатоци од темели градени од кршен камен и варов малтер, како и надгробна плоча со грчки натпис. Во непосредна близина на површина од околу 100 м се најдени повеќе гробови, а на местото на одморалиштето „Орце Николов” темели од објекти, исто така градени од кршен камен и варов малтер. Денес на целиот простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси.

### Хидрографија и хидрологија

Просторот на кој се предвидува изградба на објекти од ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 -ОПФАТ 2,општина Охрид, припаѓа на водостопанското подрачје “Охридско -Струшко” кое го опфаќа сливот на Охридското Езеро и сливот на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро до акумулацијата “Глобочица”.
Во Република Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори од кои со штедрост над 100 л/сек регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регис рирани се 7 значајни извори, меѓу кои изворите Св. Наум со штедрост од над 10 м3/сек и Вевчанскиот Извор со штедрост од над 1,5 м3/сек.Заради значењето и важноста на

Охридското Езеро како споменик на природата, секој субјект во сливот на Езерото е должен да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици врз човековото здравје и животната средина.
На територијата на градот Охрид течат три реки со постојан проток: Коселска Река,реката Грашница и Студеничка Река.
Најважна карактеристика на овој регион е постоењето на Охридското Езеро, кое се наоѓа во Охридско - Струшката котлина, на македонско - албанската граница, поточно на 41 степен северна географска ширина и меѓу 20 и 21 степен од источната должина. Тоа претставува тектонска потонатина со површина од 348,80 км2 (од кои 229,9 км2 се на нашата територија), должина од 30,8 км широчина 14,5 км длабочина од 287 м и надморска височина на водното огледало од 695 м. Провидноста се движи од 18,3-21,5 м со што ова езеро се смета за едно од најпровидните езера во Европа. Крајбрежната линија е долга 87.5 км, максималната должина е 30.8 км, а максималната широчина 14.8 км. Средната длабочина на езерото е 164 м, додека максималната достигнува и до 289 м. Според длабочината се наоѓа на седмото место меѓу езерата во Европа. Охридското Езеро се полни претежно со изворска вода (површински и сублакустрични извори). Најголемиот број површински извори се наоѓаат по должината на јужниот брег, околу манастирот Св. Наум, во околината на Тушемиште и Старова и градот Поградец на Албанска страна. Во подножјето на Петрино најзначајни се изворите кај Студенчишта „Биљанини извори” и кај Бејбунар. Во езерото се влеваат 40 помали реки и потоци од кои 17 се на Македонска територија. Освен Сатеска, Коселска река, Грашница и Жерава сите останати се краткоточни и суводолици. Реките се со мал слив, должина и проток и при вливот во езерото создаваат делти.
Во приобалниот рамнински дел на Охридското поле како и меѓу Љубаништа и Св. Наум се јавуваат високи подземни води се уште недоволно испитани и утврдени. Во овој простор досега се регистрирани околу 20 извори од кои 5 се со издашност од 1-2 л/сек, 2 со издашност под 1 л/сек. Издашност и до 20 л/сек, достигнуваат карските врела кај Охрид, Св. Наум и Велгошти. Крајбрежниот езерски појас изложен е на штетното делување на поројните води или засипување од поројните наноси кои се јавуваат како последица на ерозијата. Овие појави се манифестираат поради геолошката подлога, топографските услови изразени преку стрмните наклони на падините како и отсутност на добар вегетациски покрив било тревнат или шумски. Пороите од оваа серија немаат постојни води во коритото и повремено транспортираат наноси од покрупен материјал кој е резултат на дробење на неотпорната подлога. Наносот често е необработен, со груба гранулација и од него се создаваат поројни кегли во крајбрежјето. Хидрографската мрежа на овие порои е едноставна и неразвиена, се состои од кратки водотоци безводни корита, а во истите се јавува вода само во време на поројни дождови со кои се свлечува наносот формиран во поројните сливови или причинат од самите дождови.

***Водоснабдување***

На територија на Охрид според кажувањата на постарите во турско време постоел систем од цевководи - керамички цевки, кои ја зафаќале водата од изворите Св. Петка и Поник и ја дистрибуирале до сараите и неколку чешми во градот. Сепак за почеток на организирано водоснабдување на Охрид се смета 1934 година, со изградба на водоводниот систем Каптажа Биљанини Извори, цевковод до резервоарот Кале и резервоарот Кале. Од тој период потекнува водоводната линија по Д. Влахов, Климентска, Илинденска, дел од 7-ми Ноември и старата чаршија. Во тој период се вградени лиеножелезни цевки, кои и денес се во функција. На 27.01.1948 год. е формирано претпријатие „Електрична централа и водовод” - Охрид, а во 1953 година

градски водовод се издвоил од Електрична Централа. Со развојот на градот и индустриските објекти, продолжено е и развивањето на водоводниот систем. Понатамошниот тек на развојот на водоснабдувањето на Охрид било со проширување на водоводната мрежа, но и барање на нови извори на водоснабдување. Денес од системот за водоснабдување на Охрид се врши централно водоснабдување на градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на источната страна од езерото. Од локални извори се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, Љубаништа, а управувањето е од страна на МЈП Проаква. Вкупниот број на жители, кои се снабдуваат е 48 500, но во летниот период, поради туристичкиот карактер на градот Охрид и околината, овој број рапидно се зголемува. Водата во Охридскиот водоснабдителен систем се обезбедува од следниве извори на вода:

- **Гравитациони извори**
- Извори по гравитација (Летница, Биглишта, Поник) со просечна издашност од љ средно/год. = 64 л/сек. (40-140 л/сек.)
- **Извори со пумпање**
- Со пумпање од бунарите Студенчишта љ инст. = 115 л/сек (2х50 л/сек и 1х15 л/сек нов Бунар Бејбунар),
- Со пумпање од Биљанини Извори љ инст. = 75 л/сек (2х30 л/сек и 1х15 л/сек),
- Со пумпање од бунарите Орман љ инст. = 80 л/сек (2х40 л/сек),
- Со пумпање од Охридското езеро (само во лето) љ инст. = 200 л/сек.

За израмнување на часовната нерамномерност во централниот систем за водоснабдување на Охрид, изградени се резервоари со вкупна запремнина од 7010 м2.

***Канализација***

Паралелно со водоснабдувањето во Охрид се развивал и канализациониот систем. Со изградба на хотелските комплекси во градот, во 1957 година, изградена е и првата канализациона линија од Хотел Палас до Емшеровиот бунар. Една од основните задачи на ЈП, Локалната Самоуправа, Владата на РМ, била изградба на канализација и пречистителна станица, се со цел да се намали внесувањето на фекални води во Охридското Езеро. Во 1988 година започна со работа Системот за заштита на Охридското Езеро, кој опфаќа колекторски систем и станица за пречистување на отпадни води во с.Враништа, што претставува добра основа за развој на канализационата мрежа во градот Охрид. Во Охридскиот регион изградена е секундарна канализациона мрежа во должина од околу 108 км и тоа во градот Охрид и населените места Д. Коњско и Лагадин. Должината на секундарната канализациона мрежа е:

- мешовита канализациона мрежа 50 км,
- фекална канализациона мрежа 43 км, атмосферска канализациона мрежа 15 км.

Секундарната фекална и мешовита канализациона мрежа е приклучена на колекторскиот систем, а атмосферската канализациона мрежа е спроведена во езеро. Со проектот за Еколошка заштита на Охридското Езеро (финансиран од KFЊ) изградена е атмосферска канализација во должина од 8629 м, што претставува добра основа за надградба на атмосферска канализација на другите улици. Во канализационата мрежа цевките се со профил од Ф200 мм до Ф600 мм, а изградена е од различни материјали на цевки и тоа: бетонски, азбест цементни, ПВЦ и од други материјали. Процентот на приклученост на корисниците во канализациониот систем за град Охрид е 92%. Остануваат за приклучување населените места од водоснабдителниот систем Охрид, Велгошти, Пештани, како поголеми потрошувачи, но и другите населени места од општина Охрид, кои гравитираат кон колекторскиот

систем. Со Проектот за Еколошка заштита на Охридското Езеро изградена е атмосферска канализација во должина од 8629 м (дел од Булевар Туристичка, дел од 7-ми Ноември, Марко Несторoски, Жаршијата), што претставува добра основа за надградба и по останатите улици во општината.

## 4.2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

При стратегиската оцена на планскиот документ посебно внимание треба да се посвети на состојбата на животната средина, па со таа цел беше направен е преглед и анализа на состојбата на сите елементи на животната средина, кои би биле најосетливи при реализацијата на урбанистичката документација.

### 4.2.1. КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ

Мерење на параметрите, индикатори на квалитетна амбиентниот воздух во Р.С. Македонија, вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации:-Национална мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);-Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р.С. Македонија;-Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Мониторинг мрежата на МЖСПП, со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мониторинг мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух. Со овој систем,се врши мониторинг на следните загадувачки супстанции: сулфурдиоксид, азотдиоксид, јаглеродмоноксид, озон, суспендирани честички со големина до 10 микрометрии до 2,5(PM10и PM2,5). Општина Охрид не е вклучена во државната мониторинг мрежа на МЖСПП, но има поставено свои мерни станици за мерење на квалитет на амбиентен воздух. Следење на квалитетот на воздухот се врши преку споредба на измерените концентрации на загадувачките супстанци во воздухот и граничните вредности, прагови на алармирање, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели определени во законодавството за квалитет на амбиентен воздух. Загадувањето на воздухот во Општина Охрид е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни и мобилни извори, преку одвивање на хемиско-технолошки процеси, биохемиски процеси, процесите на согорување на горивата итн. Сулфурдиоксид (SO2)се ослободува при согорување на фосилни горива. Оттука, главни извори на SO2 се индустријата, енергетскиот сектор, сообраќајот, домаќинствата и земјоделството како најмал извор на SO2.Според постојното законодавство, просечната часовна гранична вредност за SO2од 350 μg/m³ не смее да биде надмината повеќе од 24 пати годишно. Втората гранична вредност за заштита на човековото здравје е дневната гранична вредност за SO2која изнесува 125 μg/m³. Азотни оксиди (NO, NO2). Сообраќајот претставува најголем извор и има најголемо влијание врз концентрациите на NO2. Изложеност на повисоки концентрации на NO2е поврзано со зголемување на кардиоваскулаторни и респираторни болести кај човекот.

Азотните оксиди имаат штетно влијание на вегетацијата и на материјалите, како што се металите, текстилните материјали, боите и различните адитиви.Законодавството вклучува и критично ниво за NOx10, кое изнесува 30 μg/m3како просечна годишна вредност и која треба да се почитува заради заштита на вегетацијата. аглерод моноксид (CO) е загадувачка супстанца, која се формира во процесите на согорување на цврсти и течни горива во патниот сообраќај, стариот возен парк на граѓаните на

општината, греењето на дрва и нафта во домаќинствата при лоши услови на согорување итн.
Општина Охрид е вклучена во државната мониторинг мрежа на МЖСПП (Министерство за животна средина и просторно планирање) за мерење на квалитетот на амбиентен воздух. Во рамки на проект за проширување на мрежата, во Охрид е инсталирана автоматска мониторинг станица која стана дел од државниот систем (ДАМСКАВ) и е пуштена во функција кон крајот на октомври 2022 година.
Врз основа на карактерот на индустријата, големината на градот, бројот на возила и метеоролошките услови се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на територијата на предметниот простор. Мерки за заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување со користење на доминантните воздушни струења
- подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини
- постигнат е сооднос меѓу изградените и слободни површини
- потребна е постојана контрола на загадувчите на атмосферата.

### 4.2.2. БУЧАВА

Општина Охрид има изработено Акционен план и програма за управување со бучава во општина Охрид при што во тек на изработката на документот направени се мерења на одредени локации и утврдени се идни мерки за постапување во програмата за управување со бучава. Општина Охрид постапува согласно тој документ, но треба да се истакне дека проблемот на бучавата на просторот на општината е поизразено истакнат за време на туристичката сезона.

### 4.2.3. ВОДЕНИ РЕСУРСИ

Своите потреби од санитарна вода градот Охрид ги задоволува од сопствени извори и бунари, а како најголем извор за водоснабдување е Охридското Езеро.
Општина Охрид има единствен водоснабдителен систем за чие одржување е одговорен МЈП „Проаква“ Струга, регионална единица „Водовод“ Охрид.Од системот за водоснабдување на Охрид се врши централно водоснабдување за градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св.Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети по должина набрегот на езерото.Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца,селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј. Вкупниот број жители кои се снабдуваат со вода за пиење од МЈП „Проаква“ изнесува околу 55.000.Како изворишта на вода се користат:Охридско Езеро со зафатот кај хотел Метропол, Билјанини Извори, подземна вода од Беј Бунар, Летнички Извори од Рамне, извор Св.Илија од Велгошти, подземна вода во близина на Коселска река, кај Орман и извори кај Лескоец и др.Поголемиот дел од водата за водоснабдување до домаќинствата се доведувасо пумпање,а додека водата за водоснабдување одЛетничките Извори и изворитеод Велгошти и Лескоец се доведуваат по пат на гравитација. Водата за водоснабдување од Охридското Езеро се користи во туристичката сезона, кога се јавува недостаток од вода за водоснабдување. Водата од езерото најпрвин поминува третман запречистување со мрежести микро филтри поставени во пумпната станица, а потоа се дистрибуира до потрошувачите. Пумпната и гравитационата вода најпрво се доведуваат во високо поставенрезервоарлоциран над Беј Бунар,а од таму водата се доведува во резервоарите за ниска зона. Во деновите со

максимална потрошувачка на вода во водоводната мрежа се доведува околу 450l/s, а во деновите со минимална потрошувачка на вода потребите сезадоволуваат со 220l/s.Водоводната мрежа е поделена натри висински зони и тоа:

♣Ниска зона која ја опфаќа урбаната површина од нискиот дел на градот;

♣Средна зона која ја опфаќа периферијата на градот и туристичките локалитети одн.Рача до с.Пештани; и

♣Висока зона која го покрива високиот дел на Стариот дел на градот.За ниската зона се изградени два резервоари со зафатнина од1000m3 од кои едниот е лоциран во близина наголемиот резервоар над Беј Бунар со кота над максимално ниво од 755m н.в., а другиот е лоциран вомесноста Орман од спротивната страна на градот на кота 743.5 m н.в.Во резервоарот вомесноста Орман се доведува вода одбунарот поставен кај р. Коселска.Резервоарите од оваависинска зона не работат синхронизирано односно резервоарот во Орман е постојано полн со вода, а притисокот во водоводната мрежа паѓа на пониска вредност од потребната (под15m н.в)со што снабдувањето со вода на повисоките катови е отежнато. Поради овој проблемсе преземаатмерки за подобрување со користење на хидрофорски постројки -хидростаници.За средната зона се користи големиот резервоар над Беј Бунар кој е поставен накота 775 m н.в и има зафатнина од 3500 m3.За обезбедување на вода за високата зона изградена е пумпна станица одсеверната страна на Калето и резервоар на Калето со зафатнина од 500 m3 на кота од795 m н.в

Просторот на кој се предвидува изградба на објекти од ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 -ОПФАТ 2, општина Охрид, припаѓа на водостопанското подрачје "Охридско -Струшко" кое го опфаќа сливот на Охридското Езеро и сливот на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро до акумулацијата "Глобочица". Во Република Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори од кои со штедрост над 100 л/сек регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регис рирани се 7 значајни извори, меѓу кои изворите Св. Наум со штедрост од над 10 м3/сек и Вевчанскиот Извор со штедрост од над 1,5 м3/сек. Заради значењето и важноста на Охридското Езеро како споменик на природата, секој субјект во сливот на Езерото е должен да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици врз човековото здравје и животната средина. На територијата на градот Охрид течат три реки со постојан проток: Коселска Река, реката Грашница и Студеничка Река.

### 4.2.4. БИОДИВЕРЗИТЕТ

Разгледуваната планска документација не спаѓа во рамките на Националниот Парк Галичица но е во непосредна близина на Охридското Езеро кое се наоѓа на листата на светско наследство на УНЕСКО (МК - 99 од 1979) и е прогласено за заштитено подрачје од категорија - Споменик на природата. Значајно е да се спомене дека целиот регион (општина Охрид, општина Струга и дел од општина Дебарца) е на листата на светско наследство на УНЕСКО. Планината Галичица и Охридското езеро влегуваа во состав на Балканскиот Зелен Појас, кој е дел од Европскиот Зелен Појас.

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, на територија што се простира долж македонскиот дел од масивот на планината Галичица, Сува Гора и на делови од нејзините ограноци Исток и Пречна Планина, вклучително и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Вкупната површина на Националниот парк Галичица изнесува 24.151,4 ха. Националниот парк, како комплексна целина со Охридското и Преспанското Езеро претставува релативно ограничена област со многу високо и богато ниво на биолошка разновидност, хетерогеност и ендемизам, проценета како најимпресивна европска локација, кога се зборува за богатство на биолошка разновидност и присуство на ендемични видови.

Ендемични растенија и животни: Во Паркот се среќава исклучително голем број на локални ендемити од кои: 29 таксони од алги, 12 видови од скриеносемените растенија и 68 фаунистички видови. Покрај тоа, во Паркот се среќава голем број на други таксони кои се ендемични за Р.Македонија, од кои: 46 таксони од вишите растенија и 123 таксони од фауна. Фауната во Паркот е застапена и со 172 видови на Балкански ендемити, од кои: 158 видови од Инвертебратната фауна, четири (4) видови на водоземци, пет (5) видови на влечуги и пет (5) видови на цицачи. Поради присуството на овие видови, Паркот има големо значење за зачувување на биолошката разновидност во Р. Македонија, но и за науката на глобално ниво. Во Паркот се среќаваат голем број растенија и габи чии делови се собираат поради нивите хранливи, лековити и ароматични својства, за лична употреба или за комерцијална намена. Меѓу нив, по своето значење се издвојуваат охридскиот чај и смреклинките. Видови кои се силно препознатливи и атрактивни за локалното население и посетителите: Од вишите растенија тоа се: галичичкиот смил, галичичката качунка, охридскиот чај, галичичкиот козинец, дивата фоја, персиската морина, галичичкиот чуваркуќа, македонскиот даб, омеликата и др. Од без'рбетниците тоа се: сагата , алпската стрижибуба , еленчето, царското самовилско коњче, Од рбетниците голем број од птиците се вбројуваат во оваа група, особено грабливите птици, пеликаните и многу други. Од цицачите тоа се кафеавата мечка, рисот,  волкот, дивата коза и срната. Покрај биолошката разновидност, меѓу клучните природни вредности на Паркот се вбројуваат и ретките геоморфолошки феномени. Стара Галичица и островот Голем Град по нивните севкупни геоморфолошки карактеристики се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа. Од поодделните форми на рељефот на стара Галичица се издвојуваат тревните тераси кон Преспанската страна на Стара Галичица, кои со одредени свои карактеристики се единствени, или исклучително ретки во евромедитеранскиот регион, но и глобално. Покрај нив значајни се и камените потковици во внатрешноста на цирковите на Стара Галичива, кои се ретки или единствени форми во Југоисточна Европа, додека самите циркови имаат големо национално значење.

Од вкупната територија на Националниот Парк Галичица, 15080 ха (околу 62%) припаѓа кон општината Охрид. На планината Галичица забележано е присуството на неколку рефугијални шумски заедници. Најзначајни помеѓу нив се состоините на македонскиот даб,на дивиот костен, последните остатоци од одамна уништената шума на муниката,

Фамилијата на ноќни пеперутки е претставена со 347 видови, што претставува 75% од вкупната фауна на ноќни пеперутки во Македонија (468 видови, според Тхурнер, 1964). Од осум ендемични ноќни пеперутки, седум се присутни на Галичица.. Ова е многу повеќе од фауната на овие пеперутки на која било друга планина на Балканот или во Европа. Дванаесет од овие видови се македонски ендемити, од кои шест се присутни само на Галичица. Ако сумираме, вкупниот број на видови пеперутки регистрирани на Галичица е 1.644 што претставува присуство на енормен диверзитет на пеперутките, во еден многу ограничен простор.

Изобилно разнообразие на видови на дневни пеперутки (Лепидоптера) се среќава во Студенчишко Блато, иако е преостанат само мал дел од некогашното блато. Според УТМ картите на распространување на дневните пеперутки во Охридскиот регион преку целата година можат да се сретнат 138 видови на дневни пеперутки, што претставува 68% од вкупниот број на видови во Македонија, (Scheider & Јакшиħ, 1989; Крпач & Михајлова, 1997; Меловски, 2004; Веровник & Мицевски, 2008). На глобалната црвена листа на Интернационалната унија за заштита на природата (ИУЦН) се среќаваат 15 видови, кои се застапени во Студенчишко Блато. Од нив, 13 се сметаат за LC (незасегнат), а два за NT (речиси засегнат).  Истиот вид е наведен и во листите на Бернската конвенција. Од фамилијата на тркачите (Coleoptera, Carabidae) е

регистриран мал број видови (39), присутни во Студенчишко Блато и некои од овие видови се многу интересни или ретки за фауната на Република Македонија. За изворите во близина на Студенчишкото Блато се познати деветвидови планарии (Plathelminthes, Turbelaria, Tricladida), видови кои се сретнуваат главно на изворишните локалитети во рамките на крајбрежниот предел на Охридското Езеро (како Студенчишта, Бејбунар, Свети Наум, Шум), а исто така и во самото езеро.Водоземцитесе претставени со 10 видови. Видот поточна жаба, како и подвидовите Бомбина вариегата сцабра, Тритурус вулгарис граецус и Тритурус царнифех мацедоницус, се балкански ендемити. Во Студенчишко Блато, од водоземците евидентирани се девет видови (Salamandra salamandra, Triturus (carnifex) macedonicus, Triturus vulgaris, Bombina variegata, Bufo viridis, Bufo bufo, Hyla arborea, Rana dalmatina, Rana ridibunda), сите вклучени во анексите 2 и 3 на Бернската конвенција. Најзначајни на европско ниво се македонскиот мрморец и жолтиот мукач, двата широко распространети во Македонија.Во овој регион евидентирани се и 21 таксон на влекачи (Рептилиа). Видот лушпест гуштер (Algyroides nigropunctatus), како и подвидовите Testudo hermaniboettgeri, Emys orbicularis hellenica, Ablepharus kitaibellii stepaneki, Podarcis erhardiiriveti, Podarcis muralis albanica i Coluber gemonensis, се балкански ендемити. Дополнително, во Студенчишкото блато евидентирани се следните видови на влекачи: Emys orbicularis, Elaphe ljuatuorlineata, Natrix natrix i Natrix tessellata. Птиците (Авес), опишани во рамките на Охридско-преспанската рефугијална зона, вклучително и бреговитите подрачја на овие две езера, се претставени со 260 таксони, што претставува 84% од македонската орнитофауна (Мицевски, 1988, 1992, 1997, 1998). Цицачите, според Петковски & Крустуфек (1998) и Крустуфек &,Петковски (1999), во овој регион (поточно на планината Галичица) се претставени со 51 вид, што значи 62% од вкупната фауна на цицачите во Македонија.
Со својата единствена флора и фауна, Охридското Езеро претставува еден од најголемите биолошки резервати во Европа. Како едно од најстарите езера на нашата планета, во него се зачувал прастар жив свет кој во други места воопшто не постои или, пак, се среќава само во форма на фосили.
Зонирање на паркот:
Согласно Законот за заштита на природата и целите на управување утврдени со Планот за управување со Националниот парк Галичица, во Паркот се воспоставуваат следните зони:

- Зона за строга заштита со вкупна површина од 2.117 ха;
- Зона за активно управување со вкупна површина од 12.275 ха;
- Зона за одржливо користење со вкупна површина од 9.612 ха и
- Заштитен појас со вкупна површина од 147 ха.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources – IUCN) има меѓународен статус II категорија.

**Пејзаж и природни ресурси**

На Генералната конференција на ООН за просвета, наука и култура на своето 17-то заседание одржано во Париз од 17.10. до 21.11.1972 година донесена е Ковенцијата за заштита на светското културно и природно наследство според која под природно наследство се подразбираат споменици на природата кои се состојат од физички или биолошки формации или збир на такви формации, а кои имаат исклучителна универзална вредност од естетски или научен поглед:

Геолошки и физиографски формации и точно одредени зони кои претставуваат опстанок на загрозените видови на животни и растенија од исклучителна универзална вредност од научен или конзерваторски поглед.
Значајни места на природата или точно одредени природни зони кои имаат исклучителна универзална вредност од аспект на науката, конзервацијата или како природни убавини.
Должност е на секоја држава - членка на оваа Конвенција да ги утврди и разграничи разните блага кои се наоѓаат на нејзината територија, да ги заштити, конзервира,популаризира и пренесе на следните генерации. Со оваа Конвенција генерално се заштитени сите блага од културно - историското и природно наследство - Охридското Езеро и неговото окружување, како и урбаната целина на Стариот Град, внесени се во регистарот на светските блага и со тоа се ставени под посебна заштита на УНЕСКО. Во ова заштитено подрачје специфична заштита треба да се обезбеди за крајбрежниот појас од пристаништето до вливот на реката Грашница, за шумскиот појас северно од зидините на Самоиловата крепост, од вливот на Грашница до црквата Св. Богородица Каменско, шумскиот предел над ул.Кузман Капидан (Имарет, Канео, Самоиловата тврдина), Шумскиот предел источно од зидовите на тврдината, околу Саат - кулата и поранешното училиште Св. Сава, зелените површини во комплексот Дебој, природниот амбиент кај Св. Јован Канео, плажите Потпеш и Охо-Хо, Бакалов Мост со Долни Сарај, Сараиште. Посебни стебла кои треба да се заштитат се чинарите и кочеџикот во дворот на Св. Климент.
Просторот на Плански опфат не се одликува со посебни природни вредности, но квалитетот на планираното домување ќе биде висок поради извонредните визури, поволна инсолација и поволни ветрови.

**Заштита на животната средина и природно наследство**

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.
Планскиот опфат покрај тоа што се наоѓа во рамки на ГУП на Охрид, не спаѓа во границите на националниот парк Галичица, но поради близината на националниот парк Галичица треба да се испочитуваат сите мерки за превентивна заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизацијата на просторот треба да одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од реализацијата на планската документација.
Согласно доставените податоци и информации од Управата за животна средина – Сектор за природа бр. 11-1883/4 од 27.03.2024 год., предметниот плански опфат не влегува во граници на заштитените подрачја на државата и е надвор од границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.
Меѓутоа, планскиот опфат е во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион за кој е донесен План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион е уредено со Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. весник на РМ “ бр. 75/10). Примената на мерките за управување со светското природно и културно наследство не смеат директно и индиректно да доведат до влошување на состојбата со светското природно наследство на Охридскиот регион, а

управувањето во регионот треба да се остварува со спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното наследство.

Согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2019-2028), од аспект на заштита на природното наследство воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони, во кои се воведени посебните мерки за заштита. Планскиот опфат е дел од третата заштитна зона.

Третата заштитна зона ќе ги опфати просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 m н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III:

- интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води;
- зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Во насока на ублажување и намалување на заканите и факторите кои можат да имаат негативно влијание врз исклучителната универзална вредност на доброто донесен е и Стратегиски план за рехабилитација на природно и културно наследство на Охридскиот регион (2023-2030) со Акциски план, кој треба да се почитува. Во овој план мерките за рехабилитација структуирани се во следните категории стратегиски цели:

I. Ефективен систем за заштита и управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион
II. Контролирано просторно и урбанистичко планирање и одржлив развој
III. Контролирано инфраструктурно планирање
IV. Планирање и развој на одржлив туризам

Првата стратегиска цел: Ефективен систем за заштита и управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион има четиру под-категории и тоа:

I.А Создавање на поволни услови за заштита и управување со природното и културното наследство

I.Б Правна рамка за интегрирана заштита и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион

I.В Јакнење на финансиските и на стручните капацитети и подигнување на јавната свест

I.Г Јакнење на прекугранична соработка со Република Албанија

Со Законот за зашита на природата ("Службен весник на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21) се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштита на природното наследство.
Доколку при изработка на Урбана заедница 11, УБ 11.4 – опфат 2, Општина Охрид 2024 - 2029 на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 39/16, 63/16 и 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21).

***Споменик на природата ОХРИДСКО ЕЗЕРО***

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографски услови, зачувани се и во него живеат околу 146 видови ендемични организми. Еден дел од нив претставуваат живи фосили речиси неизменети од времето на терциер наваму - ендемскиот сунгер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка (Салмо летница), белвицата (Ацантолингуа оцхридана) и др. видови риби со ендемски карактер како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено
во Списокот на светското наследство како природно добро, а во 1980 година поради значајните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно – историско подрачје. Површината на езерото изнесува 23000 ха. Важи за едно од најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно-историско значење од светски размери; научно истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна. Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има меѓународен статус III категорија.
При изработка на Урбанистичко планската документација да се применуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13 и 41/14), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Сл. Весник на РМ” бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ” бр. 75/10), одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на ова Конвеницијa, како и заштитните категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.
Заштитни категории према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - кратенка ИУЦН):Меѓународен статус: ИУЦН ИИ - Национални паркови. Националните паркови се релативно големи области кои содржат репрезентативни примероци за значајните природни региони, или каде растителните и животинските видови, геоморфолошките положби и области се од специфична научна, образовна и рекреативна значајност (интерес). Тие содржат еден или неколку цели екосистеми кои не се материјално земени од човекова експлоатација. Областа треба да е одржувана така, за да ги одржува рекреативните и образовните (научни) активности на контролирано ниво. Областа да се одржува во природна или скоро природна состојба. Влегувањето на посетителите да е под специјална контрола за образовни, културни и рекреативни

цели. Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата Во спомениците на природата и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредностите, заради кои се прогласени за споменици на природата. Субјектот кој согласно со актот за прогласување е задолжен за управувањето со спомеником на природата, донесува план за управување со спомеником на природата во кој се утврдени посебните мерки и активности за заштита. Со спомеником на природата се управува на начин со кој се обезбедува:

- трајно зачувување и заштита на природните карактеристики и специфичните, загрозените или ретките обележја, својства или форми;
- услови за спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности поврзани со нивните природни карактеристики и
- спречување на активности кои негативно влијаат врз неговите природни богатства.

## 4.2.5. ПОЧВА

Процесот на уништување и нарушување на почвата во непосредна близина на планскиот опфат е иницииран од несовесниот однос на човекот како фактор, деструктивни промени на почвениот слој заради неправилна обработка на аграрните површини, ерозија на земјиштето, систематско и стихијно уништување на шумите и соголување на земјиштата. Општо познато е дека во се поголема мера се користат загадени води за наводнување на плодните површини, дека почвите се со поголеми промени на физичко хемиската структура поради употреба на хемикалии (агрохемиски средства). Неправилното управувување со отпад како и со отпадните води е уште една од причините за промена на квалитетот на почвата. Брзиот општествено економски развој има се поразвиени влијанија врз нарушувањето на квалитетот на почвите, бидејќи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиштето со уништување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се унитуваат виталните процеси во почвата. Ерозивните процеси, освен што го намалуваат квалитетот, односно бонитетот на почвата исклучително негативно влијаат врз карактеристиките на пејсажот нарушувајќи ја неговата природна физиономија.

Согледувајќи ги мерките за заштита кои во општината се превземаат, заклучуваме дека општеството не направило многу, но интензитетот на општествениот развој на оваа општина е релативно низок така што во себе не носи поголема агресивност кон животната средина.

Тоа е главна причина што нејзиниот квалитет може да се оцени како добар. Во наредниот период побрзото темпо на развој ќе носи поголеми загадувања и ќе треба со поголемо внимание да се следи природата и да се превземаат мерки за нејзината заштита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.

## 4.2.6. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Управувањето со отпад во општина Охрид се одвива преку Јавното Претпријатие за комунално-производни услужни работи и езерски сообраќај „Охридски Комуналец". Собирањето на отпадот во општина Охрид се врши од 00-24 ч, секој ден во централното градско подрачје, додека во останатите населени места собирањето се врши два пати неделно. Управувањето со отпадот во општина Охрид е во надлежност

на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“. Комуналниот и друг вид неопасен отпад од Општината се депонира на градската депонија „Буково“.За време на летната сезона поради поголемата фрекфенција и присуството на голем број туристи, се работи во три смени, со давање на услуги во централното градско подрачје и на потегот Биљанини Извори - Св. Наум. Отпадот како елемент на загрозување на животната средина е проблем кој се јавува на просторот. Отстранувањето на отпадот се врши со прибирање во контејнери.На просторот во планскиот опфат на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4, Општина Охрид 2024 - 2029 предвидени се контејнери за цврст отпад. Отпадот ќе се евакуира два пати во неделата до уредената депонија Буково.
При понатамошната постапка за реализација на овој ДУП да се почитува член 21 од Правилникот за општи правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад ("Службен весник на РМ" 147/07).

### 4.2.7. Проблеми кои се релеванти за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина

Процената на ризици врз исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот Регион направена од страна на учесниците во Реактивната мониторинг мисија на Центарот на светското на УНЕСКО и неговите советодавни тела ИУЦН и ИКОМОС е усвоена како основа за утврдувањето на визијата, целите и мерките/акциите на Планот за управување.
Истовремено, консултирани се и научни трудови, како и упатствата публикувани од страна на Меѓународната унија за заштита на природата (International Union for Conservation of Nature (IUCN)) и Глобалната процена на меѓународните води (Global International Waters Assessment (GIWA)). Класификацијата препорачана од IUCN се однесува на ризици врз загрозените видови флора и фауна, додека ризиците идентификувани од страна на GIWA применуваат екосистемски пристап.
Во повеќе делови на крајбрежјето, се уништуваат или фрагментираат макрофитните асоцијации (Трајановска, 2009). Наместо автохтоните асоцијации се јавуваат нови, заради кои е можно да се јави промена на видот на рибите што се мрестат таму, па наместо салмониди да преовладаат ципринидни видови (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004).
Изведувањето плажи исто така има негативно влијание на крајбрежната трансформација и видоизменувањето на пределот, загадувањето на езерото, а со тоа и на неговиот екосистем и застапените значајни видови.
Зголемениот број на туристи влијае на размножувањето на ендемските видови на риби (особено на ципринидите) (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004). Бучавата во туристичката сезона влијае на размножувањето на птиците. Особено е штетна бучавата од глисери и скутери.
Наместо автохтоните растителни асоцијации се јавуваат нови, заради кои е можно да се јави промена на видот на рибите што се мрестат таму, па наместо салмониди да преовладаат ципринидни видови (Спирковски и Илиќ-Боева, 2004).
Рибите според составот на видовите се значајно изменети (e.g., Talevski et al., 2010), меѓутоа, последиците врз интегритетот на екосистемот не се доволно истражени.
Пред неколку декади во Охридското Езеро се интродуцирани егзотични видови како калифорниска пастрмка и silver carp (Серафимова, 1985); најмалку седум вакви видови се среќаваат во езерото (Talevski et al., 2010). Златната пастрмка (Oncorhynchus mykiss aguabonita) исто така е пронајдена во улов близу Свети Наум (З. Спирковски, 2010).

Пловните објекти кои се носат од други води се препознаени како носители на ризик од внес на алохтони видови. Алохтони видови треба исто така да се разгледуваат од аспект на уништување на живеалиштата, загадување, еутрфикација и климатски промени бидејќи сите овие фактори имаат моќ да придонесат кон трансформација на алохтоните во инвазивни видови.
Како една од најзначајните закани за исклучителната универзална вредност е крајбрежната трнсформација.
Преку следење промени на сателитски снимки е анализирана крајбрежната трансформација за периодот 2012 - 2018 год. што се однесува на изведување градби на крајбрежјето и поставување платформи во езерото, како и промени (намалување) на ареалот на трската.
Евидентираните промени во појасот на трската во текот на 2011 година се должат на сраснувањето на поранешните помали комплекси во поголеми и нивно проширување дури и на копно, а и на тоа што комплексите трска кои порано биле со ретка трска сега се со поголема густина. Затоа вкупниот број комплекси трска во 2011 година (80) е помал во однос на тој евидентиран пред 25 години (105), додека вкупната површина на појасот на трската е зголемена. Имено, според мерењата од 2011 година вкупната површина на појасот на трската од Охридското Езеро изнесува 77,15 ha, што е за 2,8 ha поголема од онаа измерена пред 25 години (и покрај неконтролираното уништување на трската со сечење, палење, корнење, натрупување со земјиште и градежен шут).
Земајќи ја предвид сегашната состојба во 2019 година на појасот на трска и извршениот увид од страна на Хидробиолошки завод - Охрид се забележува дека во поедини подрачја трската е неконтролирано уништувана од страна на човекот со сечење, палење, корнење, натрупување со земјиште и градежен шут со цел добивање на т.н. „корисни површини“ за различни цели (обработливи површини, места за депонирање на земја и градежен шут, плажи, хотелски комплекси и друг вид сместувачки капацитети, паркиралишта и др.).
Постепената загуба на фотичната зона е друг пример на загуба на живеалишта. Тоа потенцијално сериозно влијае врз фитопланктонските заедници кои се важен дел од синџирот на исхрана.

**Емералд мрежа**

Во периодот од 2002 до 2008 година година во Р. С.Македонија беше спроведен процес (во 4 фази) на идентификација на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI)19и воспоставување на Емералд мрежата. Оваа мрежа се воспоставува на територијата на земјитечленки на Бернската конвенција и претставува значајна подготвителна активност на земјите кандидати за членство во ЕУ за имплементација на обврските од Директивите на ЕУ за диви птици и живеалишта,односно помошна алатка во процесот за воспоставување на европската кохерентна еколошка мрежа Натура 2000.Во Националната Емералд мрежа идентификувани се 35 локалитети. Со првиот проект реализиран во 2002-2003 година, идентификувани се 3 подрачја: СПР Езерани, НП Галичица и СП Дојранско Езеро, со вкупна површина 27.660 ha(3,6%). Во 2004 година реализиран е втор проект, при што идентификувани се уште 3 подрачја: СПР Тиквеш, НП Пелистер, СП Демир Капија, со вкупна површина 28.000 ha(3,8%). Со третиот проект реализиран во 2005-2006 година, идентификувани се 10 подрачја со вкупна површина 144.783 ha(19,1%), додека со четвртиот проект (реализиран во 2008 година), идентификувани се уште 19 подрачја со вкупна површина 556.447 ha(73,5%). Со тоа, Националната Емералд мрежа на Република Македонија опфаќа 35 подрачја кои зафаќаат површина од 752.223 ha или околу 29% од нејзината територија. Емералд мрежата претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување

назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се протега на територијата на земјите членки на Бернска конвенција. Активностите за развој на националната Емералд мрежа во Република Северна Македонија започнаа уште во 2002 година, а целосната идентификација заврши во 2008 година. Емералд мрежата претставува значајна подготвителна алатка за земјите кои се во процес на приближување кон ЕУ при спроведувањето на обврските од Директивите за птици и живеалишта и воспоставување на мрежата Натура 2000, но исто така и го помага воспоставувањето на националниот систем на заштитени подрачја. Според Емералд мрежата на подрачја од посебен интерес за зачувување во рамките на Општина Охрид номинирани се две Емералд подрачја (Планината Галичица и Охридското Езеро).

**Еколошка мрежа**

Натура 2000 Еколошката мрежа Натура 2000 е воспоставена на териториите на земјите членки на ЕУ со цел обезбедување на биолошката разновидност преку зачувување на природните живеалишта и на дивата флора и фауна.Обврската за воспоставување на Натура 2000 произлегува од членот 3 на Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/EEC). Мерките преземени според оваа директива се наменети за одржување на/или за обновување до поволна состојба на зачуваност на природните живеалишта и на дивите растителни и животински видови кои се од интерес на ЕУ.Еколошката мрежа Натура 2000 вклучува “Посебно заштитени области” (ПЗО) определени во согласност со Директивата за зачувување на дивите птици и “Посебни подрачја на зачувување” (ППЗ) –определени согласно Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (Хабитат Директива). Во член 52 од Законот зазаштита на природата даден е правен основ за воспоставување на Еколошка мрежа Натура 2000. МЖСПП тековно спроведува активности за понатамошна хармонизација и усогласување на националното законодавство за заштита на природата со ЕУ законодавство, односно со директивите за живеалишта и птици. Во таа насока извршена е идентификација на живеалишта и видови од европско значење на национално ниво и идентификувани се девет (9) подрачја како потенцијални подрачја за Натура 2000 и две (2) подрачја со висок природен потенцијал. Три (3) од нив се предложени како потенцијални Подрачја со посебна заштита (СПА) според Директивата за птици, а шест (6) подрачја како Подрачја од важност за Заедницата (СЦИ), во согласност со Директивата за живеалишта.

## 4.3. СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Со цел да се насочи планскиот развој кон реално, економски издржано и еколошко квалитетно решение во однос на карактерот и намената на просторот, системот на градби и стандарди, сообраќајот и структурата потребно е да се реализираат целите на планскиот документ. За таа цел најпрвин треба да се скенираат постоечките проблеми кои се однесуваат во и околу планскиот опфат. Во случајот таквите проблеми се однесуваат на следното:

- ***Неконтролиран урбан развој и појава на пренаселеност во општината***. Предмет и главни цели на ДУП е да изврши изготвување на соодветна планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи при планирањето на изградбата. Индикатор за одредување на ваквата состојба е процентот на изградени инфраструктурни објекти и бројот на издадени дозволи за секоја градежна парцела.

- ***Измена на струкурата на пределите и нивниот еколошки квалитет***.Предмет и главни цели на ДУП е да се изградат објекти за домување на земјиште кое не се карактеризираат со особени природни вредности.
- ***Трајна пренамена на квалитетно земјоделско земјиште***.Предмет и главни цели на ДУП е да ги користи рационално земјоделските површини, да врши намена на површините по класи и да го утврдува бонитетот на земјиштето.
- ***Неконтролирана урбана градба и појава на дивоградби.*** Предмет и главни цели на ДУП е да изготвува планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи.

**Анализа на сегашни проблеми со животната средина во  и околу планскиот опфат**

| Елементи на Стратегиска оцена на животната средина | Проблем | Релевантно за планскиот опфат |
|---|---|---|
| **Воздух** | Користење на огревно дрво за загревање на домовите | ✓ |
| **Отпад** | Не постоење на Интегриран концепт за управување со отпад | ✓ |
| | Делумно постоење на процес на селектирање на различните видови на отпад | ✓ |
| | Не постоење на стандардизирана депонија | ✓ |
| | Не постоење на Центар за управување со цврст отпад | ✓ |
| **Климатски фактори** | Недоволно користење на обновливи извори на енергија | ✓ |
| **Пејсажни карактеристики** | Визуелно нарушување при изградба на нови објекти | ✓ |

## 5. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Крајна цел на урбанистичка планска документација е да се врши уредување на просторот како и уредување и користење на просторот. Поединечни цели на документот се:

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и градбите во околината
- оформување препознатлива амбиентална целина
- почитување и надградување на пејзажните вредности
- оформување културен пејзаж
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство
- вградување мерки за заштита на животната средина и природното наследство
- вградување мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето.

Планирањето на просторот е од јавен и индивидуален интерес на општеството и поединците. Планскиот опфат кој овде се уредува во Охрид е од интерес на сопствениците и на Општината Охрид. Изработката на Детален урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид 2024 - 2029 е финансирана од физичко лице. Економската оправданост е најдена во тоа што со изработката на ДУП за овој простор е извршена парцелација заради поставување на потребните површини за градење, со што се добиваат градежни парцели во границите на своите катастарски парцели, за кои инвеститорите за градба на објектите ќе платат соодветни комуналии со кои ќе се дореализираат на просторот на планираниот Плански опфат.
Предложената програма дава можност за извесна модификација сообразена со нормативните акти кои ја уредуваат оваа област. Во понатамошните фази на управување со урбанистичката документација, надлежната Општина и релевантните институции, а пред се инвеститорите ќе треба да направат план за реализација одредувајки ги фазите на реализација и постапноста.Обемот, динамиката на финансирање и реализација на Урбанистичкиот план, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектот, надворешните инсталации и сообраќајните површини. Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени “економско образложение” е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со основните проекти, а се изложени и од чести промени на цените на пазарот, не можноста да се утврдат одделни стафки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и сл. Ова посебно важи за ваков афирмативен простор од значење за целата општина, за кој согласно важечката регулатива се изработува предметната документација. Земјиштето е во приватна сопственост.

## 6. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Ова поглавје се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на изработената урбанистичка планска документација. Таканареченото сценарио или состојба без имплементација на планскиот документ е неизбежна опција што треба да се разгледа при секоја стратегиска оценка чија цел е да обезбеди основа со која што понатаму треба да се споредат сите бенефити или

слабости од (не) имплементацијата на планскиот документ. Поширокото подрачје/регионот во кој се наоѓа планскиот опфат има посебни квалитет од национална и светска важност, екосистем со врвни природни вредности, кои допринесуваат кон поголем развој на туризмот како движечка економска компонента за подрачјето.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ односно продолжување на моменталната состојба онаква каква што е сега.

Влијанијата од состојбата без имплементација на планскиот документ во рамките на планскиот опфат може да се поделат во три групи:

- **Економски влијанија**
- Отсуство на инвестиции во нови бизниси, кое што ќе резултира со слаб локален економски развој;
- Ограничен инфраструктурен развој на општината;
- Успорување на економскиот развој на територијата на планскиот опфат;
- Намалени буџетски приходи.
- **Социјални влијанија**
- Немање на доволно работни места и зголемување на бројот на невработени луѓе;
- Иселување на младите луѓе во други градови или надвор од Македонија поради немање работа .
- **Влијанија врз животната средина**
- Отсуство на рационално користење на земјиштето и оформување на амбиентна целина

Вообичаено при Стратешката оцена на животната средина од реализацијата на одредени плански или стратешки документи се разгледува опција „без да се спроведе“ („Do nothing option“) планска активност, односно работите да останат онака како што се.

Во конкретниот случај доколку истиот не се донесе и не се спроведе, се очекува да продолжат следните трендови:

- Може да дојде до узурпација на просторот со дивоградби, како и други непплански и некомпатибилни содржини, кои може да бидат пречка во идната урбанизација на просторот;
- Потреба од локација за изградба на индустриски комплекс за лесна и незагадувачка индустрија;
- Намалена можност за активирање на невработеното работоспособно население;
- Помалку приходи од даноци и комунални такси во буџетот на Општината;
- Од аспект на животна средина доколку не дојде до имплементација на планот ќе остане сегашната состојба на медиумите без дополнителни емисии од новите градби;
- нема да се генерираат нови емисии во медиумите од животната средина кои може дополнително да влијаат врз здравјето на населението и животната средина, односно квалитетот на животната средина ќе остане на досегашното ниво;
- нема да се отворат нови работни места и разгледувано од социоекономски аспект ќе продолжи трендот на невработеност, сиромаштија, миграција и сл.

***Алтернатива I Изградба на станбениот комплекс во рамките на предвидениот плански опфат***

Имплементацијата на предложениот плански документ, на предвидената локација се покажува поприфатлива во однос на разгледуваната варијатна „do nothing scenario“ од повеќе аспекти:

- Планскиот опфат не е во конфликт со планови од повисоко ниво;
- Урбанизација на просторот што отвара можности на општината за привлекување на инвестиции;
- Добра сообраќајна поврзаност;
- Зголемена можност за вработување на локалното население;
- Зголемени приходи во општинскиот буџет и голем допринос во стопанскиот развој на Општината.

## 7. ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Плански документ кој директно корелира со изработената планска доументација е **Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион**. Во истиот план е елаборирана урбанизацијата и бесправно изградените објекти како закана за природното и културното наследство. Извадок од планот е и следниот текст:

Урбанизацијата на Охридскиот Регион започната во средината на XX век, особено е интензивна во новите делови од градовите и туристичките комплекси во крајбрежниот дел на езерото; историските јадра со модификации на структурите со поголеми или помали измени се останати во границите на своите урбано-историски рамки и со делумно нарушување на постојниот културен пејзаж.

Прекумерната и неконтролирана урбанизација негативно влијае на зачувувањето на: структурата на старите градски јадра на Охрид и Струга вклучително и на старата градска архитектура, структурата на населбите од крајбрежјето, но и на останатите простори каде се наоѓаат културни добра, како и на визурите и пејзажот на заштитеното подрачје и на вредноста на археолошките локалитети.

Во различни временски периоди од 2000 година наваму, интензитетот на пренамена на продуктивно во градежно земјиште варира, што зависи од можностите за просторен развој, кои, пак, се во корелација со менувањето на одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и соодветните подзаконски акти.

Во контекст на истото, од искклучителна важност се 19-те препораки на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2017 година со посебен акцент на препораката број 6 за прогласување на времен мораториум на сите градежни активности во Охридскиот Регион, сè до донесување на потребните планови (План за управување со Доброто, граници на Доброто, инвентар на природното и културното наследство, подобрување на релевантните законски одредби и друго).

Потребно е да се спомене дека во последните извештаи на експертските совтодавни тела на ОН за природа и култура, Охридскиот регион ги задоволува критериумите за впишување на листата на светски наследства во опасност, како и последната сесија на Комитетот за свестско наследство, каде се дискутирање точката ,,впишување на Охридскиот регион на листата на светски наследства во опасност“.

Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. весник на РМ бр. 75/10).Овој закон го уредува управувањето со светското наследство на УНЕСКО - Охридскиот регион, со поставување на правата и обврските

на правните и физичките лица, како и разни институции, вклучувајќи ги и националните власти и општините Охрид, Струга и Дебрца.
Условите за планирање на урбанистичка планска документација за измена се во согласност со одредбите на Просторниот план на Република Македонија кој е усвоен од Собранието на Република Македонија. Просторниот план претставува највисок, стратешки, долгорочен, управувачки документ, по карактер интегрален развоен проект со чија помош се дефинира просторната организација на државата и целите и концепциите на просторниот развој на одделни области, како и условите за нивна реализација. Основна стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на интегрираност на просторот на државата и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски стандарди. Со Просторниот план на Р. Македонија, се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационално управување со просторот, спроведување на мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.
Спроведувањето на планот подразабира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво. Спроведувањето на планот се остварува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот.
Основа за изработка на планот е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдено со усвоениот Просторен План на Република Македонија, а ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 24/08 пречистен текст) и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.
Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и соодветниот третман на културното богатсво согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.
Урбанистичка планска документација е во согласност и со Вториот Национален Еколошки Акционен План (НЕАП), според кој покрај проблемите со квалитетот на животната средина, се утврдени и мерки за надминување на тие проблеми, односно рационално користење и уредување на просторот и зачувување на природните богатства во согласност до концептот за одржлив развој.

**Усогласување со Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029)**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Службен весник на Република Македонија“ бр. 75/10), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.1.2020 година го донесе, Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) со Акциски план.
Охридскиот Регион е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности во 1979 година (според критериумот (iii), односно сега критериум

(vii). Во препораките од евалуација спроведена од страна на ИУЦН3 во 1979 година е укажано дека впишувањето на Листата на светско наследство треба да се темели и на културните вредности. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинацијата со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто е впишано под името „Охридски Регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина."
Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион ќе обезбеди висок степен на заштита на исклучителната универзална вредност на регионот. Тој претставува основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што се обезбедува рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото искористување. План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) Овој План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) е изработен во согласност Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион („Сл. весник на РМ" бр. 70/10).
Заради подобро управување и одржување на *исклучителната универзална вредност*, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, во Планот воспоставени се заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.
Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното и природното наследство, предметниот простор се наоѓа во граници на **III заштитна зона** согласно поделбата направена врз основа на природното наследство и **III – в** согласно мерките за заштита на културното наследство на Охридскиот регион.

## 8. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирање на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата вредност и значење.
Република С. Македонија со цел заштита на животната средина има направено голем исчекор преку донесување на низа закони и подзаконски акти, кои се во согласност со Европските Директиви и голем дел од нив се транспонирани во националното законодавство од областа на животната средина.
Во Законот за животна средина се транспонирани обрските за заштита на животна средина усогласени со ЕУ Директивите, а кои се однесуваат на (Оценка на влијанијата на проектите врз животната средина, Стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина, Интегрираното спречување и контрола на загадувањето), истите во голем дел се усогласени со техничките барања на ЕУ Директивите преку донесени значителен број на подзаконски акти.
При подготовката на извештајот за стратегиска оцена за урбанистичката планска документација беа земени предвид сите важечки законски прописи и стручна литература релевантна за оваа област. Исто така беше направена и анализа за определување на целите на заштита на животната средина содржан и во планските документи донесени на локално ниво.

## 8.1. ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно кои се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

### 8.2. ЦЕЛИ НА СОЖС

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| - **Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,**<br><br>- **Подобрување на здравјето на луѓето**<br><br>- **Зголемување на животниот стандард** | Сите медиуми на животната средина<br><br><br>Население | • Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>• Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>• Зголемен животен век<br>• Зголемена стапка на вработеност<br>• Намалена миграција<br>• Намален број на жители кои што живеат во сиромаштија |
| - **Подобрување на квалитетот на воздухот**<br><br><br>- **Намалување на емисиите на штетните гасови** | Квалитет на воздухот<br><br><br>Климатски фактори | • Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>• Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>• Број на објекти кои користат алтернативните извори на енергија<br>• Број на вработени кои користат јавниот транспорт |
| - **Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | Површински води<br><br><br>Подземни води<br><br>Квалитет на почва | • Квалитет според хемиски и микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>• Квалитет на подземните води во рамките на МДК<br>• Подобрена ефикасност во употреба на водата |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Количина на отпад кој е одложен на депонија |
| - **Заштита и унапредување на биодиверзитетот**<br><br>- **Заштита на природното богатство** | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | • Процент на зачувани живеалишта и видови |
| - **Соодветно управување со отпадот** | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | • Намален процент на генериран отпад<br><br>• Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад |
| - **Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии** | Сите медиуми од животната средина | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии |

## 9. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема во предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина од имплементација на урбанистичка планска документација, во поширок обем, глобално и кумулативно; пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на планскиот опфат, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI - Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти, член 24 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007 и 159/2008).
Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението, како и оние кои предизвикуваат негативни ефекти врз медиумите и областите на животната средина. Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ. Со имплементацијата на урбанистичка планска документација, се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на Општината и пошироко, како што е подобрување на бизнис климата, развој на комерцијални, трговски и угостителски дејности, зголемување на нивото на животен стандард и др., користејќи ги притоа предностите што ги нуди местоположбата на градежната парцела со намена домување и добрите комуникациски врски.
Реализација на планската документација би предизвикала позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нови инвестициони вложувања.

### 9.1. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Со имплементација на планскиот документ се очекуваат позитивни долгорочни влијанија врз демографскиот развој на населението од околината.Урбанизацијата на просторот ќе доведе до зголемување на нивото на животен стандард. Во прилог на заштитата на животата средина и човековото здравје одат и предвидените плански решенија во смисла на: обезбедување на зеленило и богато хортикултурно уредување на градежната парцела и сообраќајниците во рамки на истата.

### 9.2. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Во текот на изградбата на објектите предвидени со оваа урбанистичко планска документација, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн. Предвидени се посебно третирање на отпадните води, како и организирано управување со отпадот. Можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

## 9.3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Со имплементација на планската документација не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и промена на климатските фактори од работата на планираните деловните субјекти-заради видот и природата на нивната основна дејност. Зголемувањето на фреквентноста на возила во самиот плански опфат, претставува потенцијална можност за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух. Сепак, предвидено е зеленило со задоволителен процент, можност за зелени појаси и богато хортикултурно уредување во рамки на парцела, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатски промени.

## 9.4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

Согласно доставената документација од ЈП "ВОДОВОД"-Охрид, Јавно претпрујатие за снабдување со вода за пиење 09 -578/1 од 20.03.2024год на просторот (опфатот) постои водоводна инсталација и тоа:

- ПЕ цевка со профил Ф 160 мм;
- азбестно - цементна со профил Ф 100 мм;
- ПЕ цевка со профил Ф 63 мм;
- Поцинкувана цевка со профил Ф 5/4"мм

длабочината на цевките е околу 0.60-0.80 м, а приклучоците се на помала длабочина. При изведба на градежните зафати да се контактира Техничката служба од ЈП "ВОДОВОД"-Охрид.
Согласно доставената документација од ЈП "Нискоградба Охрид" - Охрид бр. 09-199/2 од 03.03.2024 год. на просторот кој е предмет на планирање постои фекална канализација ПЕ Ф 200 по дел од ул. "Ристо Чадо" и крак на ул.„ Ристо Чадо", а Ф300 на ул.„Андреја Јованоски“.
Планските решенија за комуналната инфраструктура и одведувањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат нема да дозволат истите неконтролирано да се испуштаат во непосредната околина.
Според тоа, не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Само неправилното управување со отпадот, може да доведе до нарушување на квалитетот на подземните и површинските води.

## 9.5. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

При изработка на планскиот документ и анализите за природата и употреба на земјиштето кое се наоѓа во планскиот опфат ќе се оствари рационално користење на земјиштето преку неговата пренамена, кое ќе ефектуира со веќе споменатите бенефити.
Не се очекуваат значителни негативни влијанија врз почвата како резултат на имплементација на планската документација, имајќи ги предвид добро компонираните плански решенија за комуналната инфраструктура од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран рамките на планскиот опфат. Со ваквите решенија се дава можност, работењето на идните деловни субјекти, како и инфраструктурните објекти да се остварува нормално и со доследно спроведување на законските обврски да спречат било какво загадување на почвата во самиот плански опфат и надвор од него.

Индиректното негативно влијание врз квалитетот на почвата од планираните капацитети се проценуваат како не многу значајни, со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидените дејности.

## 9.6. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ И ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО

Во Известувањето за податоци и информации од Министерство за животна средина и Согласно известувањето од *Министерството за животна средина Управата за животна средина – Управа за животна средина* под бр. 11-1883/4 од 27.03.2024 год. треба да се запазат следните критериуми при изработката на планската докумнтација: планскиот опфат не влегува во означени граници на заштитени подрачја во државата и истата е надвор од границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.Меѓутоа, предметниот опфат се наоѓа во граници на Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион(УНЕСКО), за кој е донесен План за управување на културно и природно наследство на Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светско природно и кулктурно наследство во Охридскиот регион се уредува со Закон за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ " 75/10). Примената на мерките за управување со светскиото природно наследство предвидени во овој закон не смее директно и индиректно да доведе до влошување на состојбата со светското природно наследство во Охридскиот регион ("Сл. Весник на РМ"75/10) и Планот за управување за природното и културното наследство на Охридскиот регион (2019-2028), директно и индиректно нема да доведат до влошување на состојбата на светското природно наследство.

Според доставените податоци и информации од Јавната установа на Националниот парк Галичица арх.бр. 03-07/1 од 26.05.2020 г. Просторот за кој се изработува ДУП за УЗ 11, УБ 11,4, опфат 2, општина Охрид е надвор од границите на Националниот парк Галичица.

Според тоа, сметаме дека имплементацијата на планската документација ќе има позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојната сообраќајница и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина во која покрај градежните објекти се предвидени зелени површини со хортикултурно уредување.

Од областа на заштита на природата, урбанистичката документација е усогласена со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспански регион, како и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Законот за управување со светското културно наследство во Охридскиот регион и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО, Законот за заштита на природата, на тој начин, што врз основа на режимите на заштита, се организирани активностите за разработка на планската документација и изградба на градби, кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

## 9.7. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен, урбанистички план и урбанистичко планска документација се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство soglasno член 71 од Законот за заштита на културно наследство ("Службен весник на РМ" број 20/04, 71/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). Согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.

32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), во просторните, урбанистички планови и урбанистичко планска документација, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

На наше барање од НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД доставен е Одговор со бр. 03-350/2 од 03.04.2024 год, согласно кој е наведено дека на предвидениот опфат за ДУП УЗ 11 УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети, но истиот се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на "Природното и културното наследство на Охридскиот регион".

Согласно одредбите од "Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029" ("Сл. Весник на РСМ“ бр. 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона III - в на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработка на планот.

Заради тоа потребно е да се почитуваат о одредбите од Одлуката бр. 09-3172/6, донесена од Советот на Општина Охрид ("Сл. гласник бр. 4 од 18.03.2020 год.), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ" бр. 75/10), како и Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник на РМ" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработката на предвидената планска документација.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објекти, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Врз основа на добиените податоци од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, бр. 17-3289/4 од 21.11.2024 год., констатира дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште "Видобишта" и истиот се наоѓа во границите на природното и културното наследсво на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за што е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029).

Поради тоа не упатуваат да се контактира со НУ Завод за заштита на спомениците и културата и Музеј - Охрид, да утврди под кои услови може да се изработи планот.

### 9.8. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Иако целото подрачје во кое се наоѓа планскиот опфат се наоѓа територијата на светско природно и културно наследство до Охридскиот регион (Закон за управување со светско природни и културно наследство во Охридскиот Регион, член 8, став (1)- Граници), во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани/воочени карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.

Со реализацијата на планската документација се очекуваат одредени негативни влијанија врз флората и фауната кои се наоѓаат на просторот на планскиот опфат. Изградбата на планираната инфраструктура ќе има негативно влијание на организмите бидејќи тие се чуствителни при човеково присуство. Меѓутоа мора да се земе предвид

и фактот дека на овој простор присуството на активностите на човечкиот фактор е евидентно (интензивен сообраќај, особено во туристичката сезона).
Со оглед на фактот што веќе се работи за урбана средина, не се очекува дополнително деградирање на живеалиштата и прекинување на ареалите на движење, односно не се очекува раселување на животинскиот свет во околниот предел со исти особености. Негативните влијанија ќе бидат локални и не се очекува да бидат значителни.
Потенцијални влијанија можат да се јават како резултат на прекумерната урбанизација, лошата комунална инфрастуктура, несоодветното депонирање на отпадни материи и сл, што не е случај со овој плански опфат.

## 9.9. ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Со реализацијата на овој ДУП можни се негативни влијанија врз животната средина предизвикани од зголемена бучава, особено во периодот на изградба. Истовремено, извор на бучава главно ќе биде зголемената фреквенција на моторни возила во реонот што произлегува од самата местоположба на планскиот опфат, особено во туристичката сезона.

## 9.10. ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ

Според планските решенија отпадот кој ќе се генерира во планскиот опфат ќе се изнесува од страна на овластена фирма, во случајот комуналното претпријатие од Охрид - ,,Охридски Комуналец“ и ќе се депонира на депонија Буково, како единствена алтернатива во моментот. Комерцијалниот отпад кој ќе биде застапен според природата на дејностите кои ќе се одвиваат во планскиот опфат се очекува да биде третиран од страна на овластени фирми. Не се очекуваат значајни влијанија од овој вид отпад.

| **Вид на отпад** | **Бр. од листа на отпади** | **Начин на постапување** | **Назив на правно лице кое постапува со отпадот** |
|---|---|---|---|
| Отпад од кршење и сечење на камен | 01 04 13 | Привремено складирање | Охридски Комуналец |
| Мазут и дизел гориво | 13 07 01 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Бензин | 13 07 02 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Отпадни моторни масла и масла за подмачкување | 13 02 08 | Селектирање и складирање | Лиценцирана фирма |
| Пакување од хартија и картон | 15 01 01 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Пакување од пластика | 15 01 02 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Земја и камења што не содржат опасни супстании | 17 05 04 | Искористување при изградба на улицата | Инвеститорот |
| Ископана земја што не содржи опасни супстанции | 17 05 06 | Искористување при изградба на улицате | Инвеститорот |
| Мешани материјали од градење | 17 09 04 | Привремено складирање | Охридски Комуналец |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Биоразградлив отпад од кујни и кантини | 20 01 08 | Привремено складирање и компостирање | Лиценцирана фирма и Инвеститорот |

Доколку отпадот уредно се селектира и собира во контејнери, а после тоа и организирано се транспортира на депонија се очекува влијанијата од генерирањето на отпад да бидат сведени на минимум. Се препорачува испитување на можноста за искористување на отпадот како секундарна суровина или негово одложување до капацитети каде ќе може да се искористува неговиот енергетски потенцијал.

## 10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Примена и планирање на мерки за намалување на негативните влијанија врз животната средина, односно на причините кои допринесуваат планираните градби во рамките на планскиот опфат да има негативни влијанија врз животната средина, допринесува до намалување и неутрализирање на овие влијанија. За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- интегрирано управување со отпадот;
- зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- искористување на соларна енергија, преку имплементирање на концептот неограничен извор на енергија;
- задолжително испитување на пречистените води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материи присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;
- загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на зеленило покрај објектите. Изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување

### 10.1. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Спроведувањето на планскиот документ се очекува позитивно да влијае врз демографскиот развој на населението во околината. Со изградба на планираните објекти ќе се ублажи состојбата од социоекономски аспект, поради фактот за потенцијални вработувања за време на изградбата како и за време на оперативната фаза.

### 10.2. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Согласно планските решенија планирано е изградба на сообраќајна инфраструктура, комуналната инфраструктура, зеленило и хортикултурно уредување, правилен третман

на отпадните води, организирано управување со отпадот и сл. Сите овие мерки обезбедуваат директна и индиректна заштита на човековото здравје. Интегралната реализација на предложените мерки е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Доследно спроведување на планските решенија за сообраќајната, комуналната инфраструктура и останато ќе бидат доволна гаранција за директна заштита на човековото здравје. Имено, со овие решенија можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површинските и подземните води и воздухот) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

## 10.3. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени предизвикани од емисијата на издувни гасови од зголемената фреквенција на возилата, генерално се однесуваат на употребата на еколошки горива кои се приоритет на Република Северна Македонија. На тој начин ќе се избегнат негативните влијанија предизвикани од овој начин на загадување на воздухот. Во планските решенија донесени се решенија за формирање на заштитен зелен појас и хортикултурно уредување на планскиот опфат. Исто така за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух и климатските промени, се препорачува примена на природниот гас во улога на енергенс и користење на алтернативни извори на енергија (пример: сончеви колектори). Со цел да се намалат влијанијата врз квалитетот на воздухот од превозните средства препорачливо е поголема примена на јавен транспорт и велосипеди од страна на вработените.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на ДУП кој е предмет на овој извештај, Општина Охрид се следите мерки:

- Заштитна опрема за работниците кои ќе бидат изложени на прашина при изведба на планскиот опфат;
- Механизацијата да биде во фаза на мирување (исклучени мотори) во периодот кога не се изведуваат никакви активности на теренот;
- Во планскиот опфат да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање;
- При планирањето и изградбата на капацитетите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Избегнување на користењето на фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии или пак користење на обновливи извори на енергија;
- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- За подобрување на квалитетот на воздухот на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини.

## 10.4. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

Снабдувањето со вода на овој дел за третираниот плански опфат е од мрежата на водоснабдителениот систем на градот Охрид, а согласно решението за водовод што е дел на овој Детален урбанистички план.
За проценувањето на обемот на загадување на површинските и подземни води во урбаниот простор потребно е да се означат врстата на материи, загадувачи и изворите на загадување. Загадувачи на овој простор не постојат ни пред да се оформи овој плански опфат нити пак со неговото функционирање.
Снабдувањето со вода на овој дел за третираниот плански опфат е од мрежата на водоснабдителениот систем на градот Охрид, а согласно решението за водовод што е дел на овој Детален урбанистички план. За проценувањето на обемот на загадување на површинските и подземни води во урбаниот простор потребно е да се означат врстата на материи, загадувачи и изворите на загадување. Загадувачи на овој простор не постојат ни пред да се оформи овој плански опфат нити пак со неговото функционирање. Во планскиот опфат за одвод на фекална канализација постои фекална канализација ПЕ Ф 200 по дел од ул. „Ристо Чадо" и крак на ул.„ Ристо Чадо", а Ф300 на ул.„Андреја Јованоски“.На овие цевководи согласно конфигурацијата на теренот и при падната површина се проектирани парцијални цевководи со профили добиени према претходно назначените основни податоци. Од атмосферска канализација во планскиот опфат не постојат цевководи нити за сопствена нити за транзитна атмосферска канализација, согласно тоа останува како и до сега атмосферските води да се одводнуваат површински по риголите од сообраќајниците.
Заради значењето и важноста на Езерото и заштитата на природното наследство, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува било какви негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина.

- Акумулирањето,зафаќањето,црпењето,користењето,пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите да се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со Законот за води и Законот за животната средина и Законот за заштита на природата .
- Правните и физичките лица кои согласно прописите за заштита на природата се надлежни за управување со заштитените подрачја се должни да вршат мониторинг на водите во тие подрачја и да ги доставуваат резултатите до Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 10.5. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

Брзиот општествено економски развој има се поразвиени влијанија врз нарушувањето на квалитетот на почвите, бидејќи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиштето со уништување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се уништуваат виталните процеси во почвата. Ерозивните процеси, освен што го намалуваат квалитетот, односно бонитетот на почвата исклучително негативно влијаат врз карактеристиките на пејсажот нарушувајЌи ја неговата природна физиономија.
Согледувајќи ги мерките за заштита кои во општината се превземаат, заклучуваме дека општеството не направило многу, но интензитетот на општествениот развој на оваа

општина е релативно низок така што во себе не носи поголема агресивност кон животната средина. Тоа е главна причина што нејзиниот квалитет може да се оцени како добар. Во наредниот период побрзото темпо на развој ќе носи поголеми загадувања и ќе треба со поголемо внимание да се прати природата и да се превземаат мерки за нејзината заштита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.
Планската документација нуди препораки и решенија за управувањето со отпадните води и отпадот што претставува основен предуслов за спречување на негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води при потенцијална инфилтрација на отпадните води. Со доследно спроведување на законските обврски ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат надвор од него.
Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно. Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија. Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Се предлага мерките за заштита на почвата да се вградат во Оперативен план, кој ќе биде подготвен од експерт од таа област и воведување на строг и перманентен мониторинг на спроведување на планот.

## 10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ

Во планираните активности на планската документација вклучени се заштитни појаси за заштита на просторот. Овие објекти ќе имаат позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојната сообраќајница и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина. Сите овие активности ќе служат за зачувување и збогатување на амбиентот на просторот.

## 10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО

Со Законот за зашита на природата ("Службен весник на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја. Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.
Доколку при изработка на Урбана заедница 11, УБ 11.4 опфат 2, општина Охрид на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 39/16, 63/16 и 113/18);
Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницијa.

Доколку при изработката на урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заради подобро управување и одржување на *исклучителната универзална вредност*, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, во Планот воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони. Планскиот опфат е дел од третата заштитна зона од аспект на заштита на природното наследство.

Третата заштитна зона ќе ги опфати просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 m н.в. и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III:

- интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води;
- зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното и природното наследство, планскиот опфат на предметниот ДУП се наоѓа во третата зона на заштита, согласно мерките за заштита на културното наследство на Охридскиот регион која се дели на три подзони во опфатот на ГУП .

Во согласност со Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029), а со цел постигнување на наведените аспекти и со максимално почитување на вредностите на културното наследство кое тие го поседуваат, третата зона на заштита во која се наоѓа предметниот ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 -опфат 2, Општина Охрид, се дели на три подзони во опфатот на ГУП., од кои опфатот на планот е во заштитната зона III-в.

Забранети активности во заштитната зона III-в:

● изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП;

● интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;

● други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;

● изградба на објекти повисоки од П + 2 ката и поголем процент на изграденост од 50% во населбата Рача.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст.

Во предметниот локалитет не постојат објекти од културно историски градби, но уранистичкото планирање максимално треба да ги почитува забранетите активности во

заштитната зона III-в. Постојните и новите градби во однос на висината и процентот на изграденост потребно е да се во рамките на пропишаните мерки за градба

## 10.7. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен, урбанистички план и урбанистичко планска документација се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство ("Службен весник на РМ" број 20/04, 71/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19). Согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), во просторните, урбанистички планови и урбанистичко планска документација, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Врз основа на добиените податоци од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, бр. 17-3289/4 од 21.11.2024 год., констатира дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште "Видобишта" и истиот се наоѓа во границите на природното и културното наследсво на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за што е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 – 2029).

Поради тоа не упатуваат да се контактира со НУ Завод за заштита на спомениците и културата и Музеј - Охрид, да утврди под кои услови може да се изработи планот

На наше барање од НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД доставен е Одговор со бр. 03-350/2 од 03.04.2024 год, согласно кој е наведено дека на предвидениот опфат за ДУП УЗ 11 УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети, но истиот се наоѓа во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на "Природното и културното наследство на Охридскиот регион".

Согласно одредбите од "Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029" ("Сл. Весник на РСМ“ бр. 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона III - в на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработка на планот.

Заради тоа потребно е да се почитуваат о одредбите од Одлуката бр. 09-3172/6, донесена од Советот на Општина Охрид ("Сл. гласник бр. 4 од 18.03.2020 год.), Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. весник на РМ" бр. 75/10), како и Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник на РМ" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), кои треба да се земат предвид при изработката на предвидената планска документација.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објекти, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 14/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Во таа смисла, изведувачот е должен:

- Да го пријави откритието според член 129 став 2 од Законот
- Да ги запре градежните работни активности и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
- Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени. Според член 129, доколку откриените предмети се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита, изведувачот на работите е должен:
- Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата според член 66 на овој Закон, а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
- Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

## 10.8. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

*Планскиот опфат не влегува во границите на ЈУ НП Галичица, но* предметниот опфат се наоѓа во граници на Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО), а примената на мерките за управување со светското природно наследство предвидени во Законот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. Весник на РМ"75/10) и Планот за управување за природното и културното наследство на Охридскиот регион (2019-2028), директно и индиректно нема да доведат до влошување на состојбата на светското природно наследство.
За намалување на влијанијата врз околниот растителен и животински свет кои ќе се јаваат како резултат на појавата на издувни гасови од користењето на градежна механизација во подготвителната и коструктивна фаза и користењето на моторни возила во оперативната фаза се препорачува употреба на исправна градежна мехнизација и користење на еколошки сертифицирани горива. За време на подготвителната и конструктивна фаза исто така, се очекува појава на емисии на фугитивна прашина како резултат на работењето на градежната механизација. За намалување на влијанијата од емисиите на фугативна прашина се препорачува употреба на распрскувачи.
Со примена на предвидените мерки за заштита на животната средина од различни аспекти (отпадни води, бучава, почва итн) ќе произлезе спречување на потенцијални негативни влијанија врз флората и фауната. Со помош на заштитните зелени зони со висока и ниска вегетација и хортикултурно уредување на планскиот опфат, дел од флората ќе се компензира, а со тоа ќе се ублажат негативните влијанија. Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната се примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот,отпадните води, отпадот, бучавата, почвата, воздухот и сл. На самиот простор за изработка на планот нема евидентирано природно наследство. Доколку при изградба на објектите или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се превземат следните мерки на заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на деловите прогласени и предложени како природно наследство;

- Во подрачјата и зоните со строга заштита да се дозволат само научноистражувачки активности;
- На местата со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно здравствени цели со специјална дозвола од надлежен орган;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши само со специјална дозвола од надлежен орган;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејсаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и превземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветните институции во окружувањето.

Остварувањето на целите на урбанистичкото планирање треба да се обезбеди со планирање на простори, подрачја и градби во живо зеленило, односно со планирање на зелената урбана инфраструктура во урбанистичките планови. Така се обезбедува подобрување на многу аспекти од животот во населените места. Во системот на урбани зелени инфраструктури во населените места, основни категории на зелените површини се:

- јавните зелени површини,
- зелените површини со ограничена намена, и
- зелените површини со специјална намена.

Во рамки на планскиот опфат на ДУП за УЗ 11, УБ11.4 - опфат 2, Општина Охрид, планирано е зеленило кое припаѓа на категоријата јавни зелени површини односно зелени плоштади - скверови и зелени површини со ограничена намена- дворно зеленило, линиско сообраќајно зеленило.

Според надлежноста на планирање, подигање и одржување, планираното зеленило во рамки на опфатот спаѓа во следните категории:

- јавно зеленило, подигнато е на земјиште за општа употреба и претставува општо добро;
- приватно зеленило, подигнато во рамки на земјиште од дворни места на градежните парцели.

Приватното зеленило е регулирано со обврската за реализација на 20% од вкупната површина на градежната парцела со зеленило, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18, 142/20 и 224/24). Под површината со зеленило не треба да се планира градба, за подигање на високо дворно зеленило.

Линиското сообраќајно зеленило во рамки на планскиот опфат е планирано долж улиците и претставува зеленило во состав на пешачките површини - дрворедни стебла во затревнета површина.

Растојанието помеѓу поединечните стебла во дрворедот, во зависност од видот односно големината на хабитусот на возрасното дрво може да биде:

- 4,0 – 5,0м за мали и пирамидални дрвја со тесен хабитус,
- 6,0 – 10,0м за средни дрвја,
- 10,0 – 15,0м за големи дрвја.

Потребната широчина на просторот за садење на дрвјата зависи од видот на дрвото односно од површината на длабока почва целица без каква и да е инфраструктура за развој на кореновиот систем. Просторот потребен за:

- дрвја со тесни крошни е 2,5 – 3,0м,

- дрвја со широка крошна е 3,5 – 4,5м.

Оската на дрворедот треба да биде оддалечена од рабникот на тротоарот односно од коловозот најмалку 0,7м, а оптимално 1,0м – 1,5м

Оската на дрворедот треба да биде оддалечена од подземните водови и градби на комуналната инфраструктура најмалку 1,5м, а оптимално 2,0м. Доколку местото за садница односно дрво во тротоарот е со квадратна форма, отворот во пешачката површина треба да има димензии од 0,9/0,9 до 1,2/1,2м, а доколку е со кружна форма нејзиниот дијаметар треба да е од 0,9 до 1,2м.Хоризонталната заштита на местото за садници е секогаш во исто ниво со пешачката површина околу него, заради обезбедување на непречено движење на пешаци и лица со инвалидитет и намалена подвижност.Видот и својствата на живото зеленило ќе се уредуваат при спроведување на урбанистички план со урбанистички проекти.Задолжително да се почитуваат одредбите од делот 11. Зелени инфраструктури (член 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178 и 179) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21 , 104/22, 99/23 и 07/25).

Поточно во планскиот опфат од јавно зеленило учествува со намена:

- Д1 - градби од живо зеленило 256.18м2или 0.3%
- Д2 - заштитно сообраќајно зеленило 39.58 м2 или 0.05%
- Д3 - теренски градби за спорт и рекреација 1551.82 м2 или1.81%

Во останатиот дел зеленилото се предвидува како парковско - дворно зеленило во градежните парцели. Основното зеленило го чинат зелените површини во градежните парцели и тоа средно, високо и ниско зеленило, како и предвидените дрвореди по улиците. Во планскиот опфат, процентот на озеленетост во градежните парцели е: 43498.3 : 62090.30 = 70.05%. Да се почитува Одлуката за утврдување начин на применување на минимален проце1нт на зеленило во рамки на градежните парцели донесена од страна на Општина Охрид под бр.08-6903/70 од 20. 05. 2022 год.

## 10.9. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Бучавата е загадувач на човековата околина што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на високата индустријализација и зголемен број на возила. Чести извори на бучава се наоЃаат во самите објекти предизвикани од удари при работа. Обиколните сообраќајници се извор на бучава со појак интензитет. ширината на сообраќајниците и зеленилото допринесуваат да се намали бучавата и да не се чувствува во поширокиот простор на урбаниот опфат.

При планирањето на просторот водена е сметка за соодветно растојание на објектите од сообраќајниците. Планирани се зелени површини, дрвореди како тампон за пригушување на бучавата.

При изведбата на објектите треба да се применат материјали кои се добри звучни изолатори.

Проблемот кој се јавува заради зголемена бучава треба да се решава со заштитни зелени појаси и богати хортикултурни насади. Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата се:

- Објавување на план на отпочнување и завршување на работите;
- Изведба на работите во тек на дневни часови и намалување на можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00 часот);
- Користење на нови и технички исправни машини, кои предизикуваат помало ниво на бучава;

- Изведба на заштитни зелени појаси и хортикултурни садници во границите на планскиот опфат за намалување на нивото на бучава.

## 10.10. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

За заштита на животната околина важно е чистење на просторот во кој се живее и работи. Постапката на генерирање на отпадните материи треба да го најде правото место во урбаната средина. Отпадните материи ги среќаваме како:

а. течни
- отпадни води од одржување на чистотата
- отпадни води од санитарии
- отпадни води од технолошки процес.

б. цврсти
- хартија, амбалажа
- отпад од технолошки процес
- уличен отпад

На просторот во планскиот опфат на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 -ОПФАТ 2, општина Охрид предвидени се контејнери за цврст отпад. Отпадот ќе се транспортира два пати во неделата до уредената депонија Буково. При понатамошната постапка за реализација на овој ДУП да се почитува член 21 од Правилникот за општи правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад (“Службен весник на РМ” 147/07).

За избегнување на негативните влијанија врз животната средина поради неправилно управување со отпадот се препорачува исполнување на законските обврски за управувањето со него, како што е собирање, селектирање и превземање на истиот. Мерките се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ, додека собирањето и транспортот ќе се реализира од страна на Јавното комунално претпријатие.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци, заради потребата од нејзина дислокација и/или привремено складирање и отстранување во привремени одлагалишта. По завршување на активностите на терен градежниот шут ако може ќе се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на посебно место на депонија. Согласно Законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Мора да се поттикнуваат процесите на повторно искористување, рециклирање и на преработка на материјалните/енергетските фракции на отпадот, со цел да се подобри искористеноста на ресурсите, а на депониите да се одстрануваат само неупотребливите фракции. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура неопходно е да се утврдат исклучиво декоративни насади. За воспоставување на систем на интегрирано и одржливо управување со отпадот во сите негови фази и

заради елиминирање на потенцијалните негативни влијанија од неговото продуцирање се предлага присуство на лице лиценциран експерт за управување со отпад, кој ќе подготви Оперативен план за активностите и воспостави целосен и перманентен мониторинг. За избегнување на евентуалните влијанија врз животната средина поради несоодветното управување со отпадот, кој што ќе се создава на локацијата се препорачува реализација на законските обврски за управување со отпадот, почитувајќи ги пред се основните принципи за управување со отпадот (одржлив развој, принципот на близина, хиерархија на отпадот, загадувачот плаќа и др.). При управувањето со отпадот да се земе предвид хиерархијата во управувањето со отпадот и различни достапни технички опции за избегнување на отпадот, намалување на потенцијалот на опасност на отпадот и намалување на самите извори, искористување за материјали/енергија, како и намалување на остатоците за депонирање во согласност со оценката на најдобра можна еколошка опција со цел да се применува еколошки безбедно финално депонирање, зачувување на необновливите природни ресурси и постигнување на минимални емисии од процесите на третман/депонирање на отпад во животната средина. Неопходно е да се воспостави ефективна организациска поставеност во сите фази на реализација на планскиот опфат од планирање до финално отстранување на генерираниот отпад на локацијата. Активностите на управување со отпад мора да ги спречуваат емисиите во животната средина, како и штетните и другите негативни ефекти врз здравјето и добро состојбата на населението, за животните и за вегетацијата и за живеалиштата и за природата, преку техничките мерки со посебна цел да се заштитат зелените површини и водните ресурси кои претставуваат добра од посебен национален интерес.

## 10.11. МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ

***Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***

Постојната сообраќајна мрежа овозможува лесен пристап на пожарните возила и нивно несметано движење до градежните парцели. Предвидената сообраќајна мрежа е планирана согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) што значи овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат изнесува 10 мин.Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12, 41/14 и 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), Законот за пожарникарство ("Службен весник на РМ" бр.67/04, 81/07 и 55/13) и Правилникот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи ("Службен весник на РМ бр. 32/11 и 145/13 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 231/20) . Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата задолжително треба да се наоѓаат на пропишани места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба согласно законска регулатива.Планскиот опфат е нископожарно оптоварен

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки иактивности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен,воспитен и пропаганден карактер. При изработката на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид 2024 - 2029 се предвидуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. весник на Рм. бр. 93/2012), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира,организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното иурбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите, а оперативни мерки се активности за откривање, спречување наширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожарии експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани одпожари, експлозиии опасни материи. Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари иексплозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како идавање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозиии опасни материи. Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, е должен да изготвипосебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа  сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти сокапацитет за истовремен престој до 25 лица. За објектите за кои не се изработува елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се применуваат важечки мерки, нормативии стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување. Во објекти и простори во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење, користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерно загреана површина, складирање наматерии со опасност од самозапалување, користење уреди и инсталации кои можат дапредизвикаат пожари и експлозии, движење и престој на неповикани лица и употреба на алаткој создава искри. Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метриод објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните идруги запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определенипротивпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина. Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да гикористат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии. Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да непретставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност запредизвикување на пожари и експлозии. Уредите, инсталациите опремата и средствата, за ППЗ заштита задолжително треба дасе наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебнообележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон. Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат запротивпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранскаинсталација на сите поголеми градби со цел да нема појави на зголемено пожарно оптоварување и нејзино континуирано одржување.Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари,експлозии и опасни материи. Директорот на

Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита одпожари, експлозии и опасни материи.Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексоткако би се овозможило кружно движење на истите;
- непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема во ГП и до секој објект во неа,најмалку од две страни;

Обезбедување на пропусна моќ и сообраќаен профил на сите улици со мин. ш=5,5м,потребен радиус на кривина и носивост на коловозот од 10,0т осовински притисок, за да можеда се движат ПП возилата и останатата ПП опрема до секоја ГП во планскиот опфат, а преминот преку ивичњаците да биде преку закосени рампи со сооднос 1/12 (8%) на дел од улиците каде се пристапува до ГП.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3,5 метри, односно 5,5 метри за двонасочен сообраќај, со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, над-возници и други отвори, минималните димензии на светлиот отвор на проодот се: 3,5 метри широчина и 4,5 метри височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, над-возници и други отвори кои се наоѓаат во кривина, минималните димензии на светлиот отвор на проодот се: четири метри широчина и 4,5 метри висина.

Пристапниот пат да е во иста височина со коловозот од сите видови улици проектирани и изведени согласно законски прописи за лесен пристап на противпожарните возила до објектите – градбите, а коловозната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16 ), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во Општина Охрид е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиотопфат која е предмет на планската документација.Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

**Мерката заштита и спасување од урнатини**

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.При проектирањето на висините на објектите да се води сметка за растојанијата помеу соседните објекти поради опасноста од рушење од урнатини од соседни објекти и поставеноста на влезовите - излезите за евакуација на станарите од објектите заради опасноста од блокирање со урнатини од соседни објекти.Согласно Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.100/10), се уредува организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини кое сеостварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите истата се применува на објекти кои можат дабидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини и тоа од природни непогоди,технички катастрофи, воени дејствија.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со проектирање и изградба на објекти оптималноотпорни на сеизмички влијанија согласно сеизмолошката зона во која се наоѓа конкретниотплански опфат во општина Дебар, а според очекуваните сеизмички интензитети оваа локацијасе наоѓа во зона на потреси од $8^0$ по МЦС скалата, изградени со помала количина на градеженматеријал и релативно помали тежини.При планирањето не се создадени тесни грла на сообраќајниците и зони на тоталниурнатини, а воедно предвидени се асеизмични градби, како можна превенција, со помалаколичина на градежен материјал и релативно помали тежини.Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежаобезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција во кругот на катастрофата, штетите да се сведат на минимум,брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки одприродни катастрофи.Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдатсо посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа наобјектите, како составен дел на Основниот проект. Потребни се геомеханички, геолошки ихидротехнички испитувања на теренот.

**Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди**

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти,набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината и обележување
на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје,обезбедување на премин и превоз преку река, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од

поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.При проектирањето треба да се внимава од опасност од поплавување на објектите од дефекти на водоводната или канализациска мрежа
.

**Заштита од неексплодирани убојни и други експлозиви**

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), член 80 заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местата на пронаоѓање, ако за тоа постојат услови, ако не постојат услови се транспортираат до претходно определено и уредено место за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.
При проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација - Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

**Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.Надлежните субјекти потребно е да превземат мерки и активности за заштита и спасување тоа:

- РХБ извидување на територијата
- Дозиметриска контрола
- Детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- Лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита потребно е да се предвидат и вградат во урбанистичките решенија во процесот на планирање на просторот и согласно одредбите од член 87 од Законот заштита и спасување –пречистен текст (Сл.в.на РМ бр.93/2012) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

**Мерки за заштита од природни непогоди**

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

**Мерки за заштита од воени разузнавања**

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Во согласност со член 62 и 64 од Законот заштита и спасување – пречистен текст (Сл.в.на РМ бр.93/2012), засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл.весник на РМ бр.105/05).

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје и истите потребно е да се вградуваат во урбанистички план.

Изградбата на засолништа се утврдува според следните критериуми:

-во станбени објекти, на 40м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;

-во деловни објекти, на 20м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;

-во објекти за складирње, на 80м$^2$ корисна површина едно засолнишно место;

-во образовни, културни, спортски и угостителски објекти, на две третини од бројот на посетителите предвиден во проект на објектот.

**Заштита и спасување од свлекување на земјиштето**

Со оглед на конфигурацијата на теренот кој е релативно рамен не постои можност за свлекување на земјиштето.

**Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство н а Р М,од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

**Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. РМ и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

**Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето–заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

**Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прваветеринарна помош на повреден, заболени контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

**Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

**Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

**Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност и друго**

Мерките за лица со инвалидитет се однесуваат на уредување на градежнотоземјиште за општа употреба и условите за градење на градби од класите на намени А..

Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките

на теренот тоа го дозволуваат, треба д се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%.

Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12.

Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во количка при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за,

-наклон од 8,33% или во однос 1:12, максималната должина на рампата е 9 м

-наклон од 6,66% или во однос 1:15, максималната должина на рампата е 12 м

-наклон од 5,0% или во однос 1:20, максималната должина на рампата е 15 м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од горенаведената, тогаш треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м а оптималната должина треба да е 1,80 м.

**Посебни мерки**

- Посебните мерки за заштита предвидени со правилникот за изготвување на заштитно конзерваторски основи (Службен весник на РМ од 19.12.2005 ) член 10, став 1 точка 5 содржат конзерваторски, правни, административни и други превентивни и корективни мерки какви што се особено:
- Мерки за заштита од последиците од загадувањето се предвидуваат заради намалување на ризиците од физички оштетувања и други штетни попследици врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина забрзани од загадувањето на животната средина и природата. Истите се превземааат со следење на влијанието на загадувањето врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина и со доставување на релевантни податоци за истите до министерствата надежни за вршење на посебен конзерваторски и централно-еколошки мониторинг.
- Правните и физичките лица кои имаат извори што вршат загадување со штетни последици врз недвижното културно наследство и неговата непосердна околина се должни во нивната студија за оцена на влијанието врз животната средина да утврдат соодветни мерки за намалување на таквите поседици, како ми ги спроведат тие мерки во законскиот рок за реализација на проектите.
- Мерки за унапредувањето на квалитетот на животната средина треба да превземат единиците на локаната самоуправа, надлежните јавни установи за заштита и имателите на заштитните добра во околината на недвижното културно наследство. Единиците на локаната самоуправа должни се да превземат мерки за отворените градски и други јавни простори во заштитеното подрачје.
- Режимот за заштита предвиден со овие заштитно конзерваторските основи за изработка на ДУП содржи зони на заштита и стандард на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземат врз заштитните добра и во нивна блиска околина, изразен како заштита од трет степен.

# 11. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

| Фактор | Директни влијанија | Индиректни влијанија | Кумулативни влијанија | Ефект | Времетрае ње | Мерки за ублажување на влијанијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| НАСЕЛЕНИЕ | **Фаза на изградба**<br>Влијанија врз здравјето на луѓето:<br>- зголемено ниво на бучава и вибрации,<br>- загадување на воздухот од издувни гасови од транспортните средства и честички на прашина од градежните активности | Нема | Изведба на поединечни проекти во планскиот опфат | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br>Да се гради за време на сезона<br>Ограничување на работните дневни часови<br>Примена на помалку бучна опрема<br>Ограничување на брзината и фрекфенцијата на транспортните возила |
| | **Оперативна фаза**<br>- креирање на нови работни места<br>- подобрен животен стандард<br>- подобрена социо-економска состојба<br>- - намалена миграција на населението | Нема | Нема | Позитивни влијанија | Догорочни | |
| БИОДИВЕРЗИТЕТ | **Фаза на изградба**<br>- нарушување и уништување на природните живеалишта на видовите на флора и фауна<br>- вознемирување и раселување на одредени видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-контролирано собирање на лековити билки и други плодови<br><br>Избегнување на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- вознемирување и раселување на видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | репродуктувни циклуси на животните<br><br>Контрола на бесправна сеча |
| ВОЗДУХ | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на квалитетот на воздухот:<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- честички на прашина од градежните активности | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-користење на еколошки горива<br><br>-избегнување на работа во сушни периоди или да се попрскува земјиштето во вода |
| | **Оперативна фаза**<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- издувни гасови од производствениот процес | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - примена на јавен транспорт за вработените<br>- користење на еколошки горива<br>- контрола на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес<br>- користење на природен гас<br>- зелени заштитни појаси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОДА | **Фаза на изградба**<br>Загадување при неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилно управување со отпад<br><br>-користење на еколошки горива |
| | **Оперативна фаза**<br>- неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад<br>- неконтролирано испуштање на води од технолошкиот процес | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - изградба на канализациски систем<br>- претретман на отпадните води доколку се утврди дека е потребно<br><br>- контрола на квалитетот на отпадни води |
| ПОЧВА | **Фаза на изградба**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (градежен шут) | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилна употреба на отпад |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на отпадни масла и други отпадни материи,<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (индустриски) | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилна употреба на отпад |
| **БУЧАВА** | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- изведба на градежни работи<br>- транспортни средства | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-користење на механизација која продуцира помалку бучава |
| | **Оперативна фаза**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- транспортни средства<br>- индустриски објекти | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - поставување на заштитни зелени појаси |
| **ВИБРАЦИИ** | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на вибрации се очекува од градежната механизација | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>користење на современа механизација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекува појава на вибрации | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| **ОТПАД** | **Фаза на изградба**<br>Зголемено количество на цврст отпад (инертен) при изведување на градежните работи | Нема | Нема | Негативни влијанија кои ќе бидат дефинирани | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилна употреба со генерираниот отпад |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат<br>Постои систем за управување со отпад | Нема | Нема | Нема | Нема | Примена на систем на управување со отпад |
| **КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВ О** | **Фаза на изградба**<br>Не е евидентирано во близина на објектот<br>Не се очекуваат влијанија<br>**Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | Нема | Нема | Не се очекуваат влијанија | Нема | примена на мерките предвидени во планската документација доколку се наиде на археолошки наоѓалишта |
| **ПРЕДЕ Л** | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на естетските вредности на подрачјето | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | | | Позитивни влијанија | Долгорочни | - заштитни појаси<br>- адекватно уредување на просторот<br>- унапредување на естетските вредности<br>- зачувување на пределските карактеристики<br>- рационално користење на природните ресурси |
| **ХАВАРИИ И НЕСРЕЌИ** | **Фаза на изградба**<br>Негативни влијанија врз сите медиуми и области на животната средина<br>**Оперативна фаза**<br>Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | - примена на мерките предвидени во планската документација |

## 12. АЛТЕРНАТИВИ

Анализата на алтернативи со цел избор на најповолно решение/локација за реализација на планскиот документ од аспект на заштита на животната средина, како и од аспект на економска оправданост, потребно е да се вклучи уште во самото планирање односно донесување на урбанистичка планска документација.

При изработката на ДУП овој плански опфат анализирани се алтернативи за просторната дистрибуција на планскиот опфат. Притоа земени се предвид факторите како што се:

- достапната инфраструктура (сообраќаен пристап, напојување со електрична енергија, можности за користење на локални изворници за водоснабдување, реципиент за одведување на отпадни води и слично);
- сопственост на земјиштето и геодетски подлоги со цел издвојување на катастарските парцели;
- геолошките и хидрогеолошките карактеристики, со цел да се избегнат зони во кои се застапени водопропустливи седименти;

Разгледуваните алтернативи се однесуваат и на избор на најповолни коефициенти на изграденост во рамките на урбаните модули. Во фазата на архитектонскиот проект, идејниот и изведбениот проект, ќе се разгледуваат алтернативни методи на соодветен третман на отпадните води и евентуална употреба на обновливи извори на енергија.

Една опција што задолжително се разгледува е состојба без имплементација (BAU) на планскиот документ. Со оваа опција ќе остане сегашната состојба:

- отсуство на финансиски вложувања што доведува до слаб социо-економски развој,
- стагнација на трендот за зголемување на вработеноста,
- стагнација на нивото на животен стандард на локалното население.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на планскиот документ, посредно и непосредно засегнати со реализацијата на планот, без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот во планското подрачје.

Втората алтернатива произлегува со анализата на постојната состојба од каде произлегуваат следниве заклучоци:

- Просторот има поволна географска положба и добри микроклиматски услови. Просторот е опкружен со други изградени објекти, има постоечка функционална инфраструктура која треба да се надгради и усогласи со реалните потреби на општината, жителите и сопствениците.
- За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со цел постигнување поголем стандард во однос на сообраќајната, електроенергетската и хидротехничката структура.
- Предмениот локалитет има потреба од дополнување на просторот со согласно потребите на корисниците на просторот.

Притоа не смее да се занемари фактот дека предметниот опфат се наоѓа во граници на Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО), а примената на мерките за управување со светското природно наследство предвидени во Законот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Сл. Весник на РМ"75/10) и Планот за управување за природното и културното наследство на Охридскиот регион (2019-2028), директно и индиретно нема да доведат до влошување на состојбата на светското природно наследство.

## 13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на урбанистичка планска документација.
Согласно Законот за животна средина, Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата. Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Основните цели и бенефитот од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- Следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- Следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животнатасредина;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на

Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно. Правилната имплементација на урбанистичка планска документација, примената на предложените мерки за ублажување на влијанијата и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста и функционалноста на Планот, потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина:

- Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите;
- На локациите на градба, во текот на градбата треба да се користи соодветна мерна опрема за бучавата и вибрациите, согласно законската регулатива;
- На локациите на градба, во текот на градбата треба да се воспостави систем на управување со основните медиуми во животната средина, отпадот, отпадните води, отпадните масла и слично преку воспоставување на Оперативен план, кои ќе го подготват лиценцирани експерти за таа цел за секоја од наведените медиуми, како би се елиминирале појавите на хаварии или негативни влијанија на животната средина во оваа фаза.
- На локациите на градба, во текот на изведбата треба да се воспостави манипулативен простор за движење и функционирање на сообраќајните возила и механизацијата за што ќе биде одговорен експерт за таа цел, кој ќе го подготви Оперативниот план и ќе ја следи неговата имплементација во оваа фаза;
- Да се воспостави и режим на сообраќај и движења на моторните возила и механизацијата, која ќе биде вклучена во фазата на градење имајќи ги ограничените услови на сообраќајната инфраструктура;
- На локациите на градба, во текот на градбата ќе се воспостави потребната инфраструктура за успешно и целосно реализирање на фазата на градење имајќи ги предвид потребите на вработените;

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| - Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,<br><br>- Подобрување на здравјето на луѓето и<br>- Зголемување на животниот стандард | Сите медиуми на животната средина<br><br>Население | - Мониторинг на медиумите во животната средина<br><br>- Следење на состојбата на здравјето на населението<br><br>- Следење на стапката на вработеност<br><br>- Следење на приходите на вработените во планскиот опфат | - Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>- Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>- Зголемена стапка на вработеност<br>- Намалена миграција<br>- Намален број на невработени | - Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Извештаи од Министерство за здравство,<br><br>- Финансиски извештаи,<br><br>- Статистички извештаи,<br><br>- Локална самоуправа, |
| - Подобрување на квалитетот на воздухот<br><br>- Намалување на емисиите на стакленичките гасови | Квалитет на воздухот<br><br>Климатски фактори | - Мониторинг на амбиентен воздух и квалитет на воздух од испуст на инсталациите | - Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>- Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>- Користење алтернативните извори на енергија<br>- Број на вработени кои користат јавниот транспорт | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br><br>- Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br><br>- Статистички извештаи |
| - Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата | Површински води | -Мониторинг на квалитетот на третираните отпадни атмосферски, | - Квалитет според микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>- Квалитет на подземните | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Подземни води<br><br>Квалитет на почва | индустриски и комунални води | води во рамките на МДК<br>- Подобрена ефикасност во употреба на водата<br>- Постројка за предтретман на отпадни води доколку е потребно<br>- Количина на отпад кој е одложен на депонија | - Катастар на загадувачи при МЖСПП<br>- Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br>- Статистички извештаи<br>- Редовни извештаи од Министерство за здравство |
| - Заштита и унапредување на биодиверзитетот | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | - Мониторинг врз квалитетот живеалиштата и популациите на карактеристичните видови на флора и фауна | - Процент на зачувани живеалишта/видови | - Извештаи од МЖСПП |
| - Соодветно управување со отпадот | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | -Мониторинг врз управувањето со отпадот | - Намален процент на генериран отпад<br>- Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br>- Извештаи од локалната самоуправа<br>- Редовни извештаи од јавното комунално петпријатие |
| - Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии | Сите медиуми од животната средина | Степен на имплементација на препораките за заштита од несреќи и хаварии | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии | Извештај за релизација на планска документација |

## 14. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05 и 24/07), член 65 предвидува спроведување постапка за оцена на влијанието на одредени стратегии, планови, програми, како и нивните измени врз животната средина.
Стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделство, шумарство, рибарство, енергетика, индустрија, рударство, транспорт, регионален развој, телекомуникациите, управување со отпадот, управување со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, на Националниот акционен план за животна средина и на локалните акциони планови за животна средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оценка на влијанието на проектот врз животната средина.
Планскиот опфат се наоѓа на периферијата од градот Охрид и во рамките на градскиот градежен реон. Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, Општина Охрид е дел од просторот на Урбаната заедница 11, поточно Урбаниот Блок 11.4 и го зафаќа источниот дел УЗ 11 согласно поделбата направена во важечкиот ГУП за Охрид 2002-2012 година. Истиот е со површина од 8.55 Ха. Подрачјето кое го зафаќа планскиот опфат се наоѓа на источниот дел од планскиот опфат на ГУП за град Охрид, а административно припаѓа на Урбаната заедница Видобишта**.**
Планскиот опфат со градскиот сообраќаен систем главно е поврзана преку Сервисната улица Се 11.2 „Ристо Чадо“, Магистралната улица М2' "Железничка", Собирната улица "С2" (ул. "7ми Ноември"), Булевар "Туристичка", како и преку Магистрална улица М3’ Бејбунар-крак, Магистрална улица М3 ул. „Бејбунар“, Собирна улица С7 ул.„Момчило Јорданоски“, Собирна улица С6 ул.„Јане Сандански“, Булевар "Туристичка" кон Центарот на Охрид, предвидени со ГУП на Охрид, ќе се овозможи добра сообраќајна поврзаност и целосно вклопување во сообраќајниот систем на зоната, градот и пошироко.
Границата на планскиот опфат се движи на север по осовина на сервисната улица Се 11.2 ул. „Ристо Чадо“ во правец кон исток се до пресекот со магистралната улица М3' крак Бејбунар (источна транзитна), продолжува на југо-запад по осовината на станбена улица предвидена по претходен ДУП (Детален урбанистички план за 11-та УЕ М3 Видобишта) и на запад по осовината на станбена улица предвидена по истиот ДУП.Геодетски, планскиот опфат е на подрачјето во КО Охрид 4.
Местоположбата на планскиот опфат, неговите природни карактеристики, пејсажните и рељефните карактеристики, се далеку поквалитетни од она што на тој простор ги создал човекот. Но, треба да се верува дека со планските документи кои допрва ќе се донесат ќе се внесе хармонија помеѓу градбите и природата.Планскиот опфат е расположен во терен со благ пад и тоа на североисток од кота 742.85 мнв кон југ поточно кон југо - запад до кота 728.61мнв и на северозапад до кота 727.24мнв.
Планскиот опфат има приближно форма на рамностран триаголник. Сообраќајницата со кои се пристапува до опфатот се на благ и заравнет терен, додека просторот наменет за градба е во незначителен мал пад, погоден за намена - градби за домување и престој на луѓе - куќи за домување и згради за домување. Локалитетот се карактеризира со поволна поставеност во рамките на блокот како и во однос на примарната сообраќајна мрежа на градот Охрид преку која се остварува врска со останатите делови на градот.
Преку изработката на Деталниот урбанистички план кој е за периодот 2024-2029 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно вклопување и активирање во градскиот систем со функционалност, комплементираност, комуникативност и флексибилност.Согласно ГУП за град Охрид за

овој дел од градот, во површината на планскиот опфат се предвидува зона за градби со намена домување и домување со терцијални содржини  односно согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25),градби за домување и престој на луѓе и тоа:
А1.1 – Куќи со двор
А1.2 – Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи
А1.2 – Семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни
А2.1 – Слободностоечки згради со двор
Покрај овие намени се планирани и следните намени:
Д1.1 – Јавни паркови и зелени скверови
Д2.1 –дрвореди и друго украсно  и заштитно урбано зеленило
Д3.1 –спортски терени на отворено
Е1.1 – Јавни патишта со пратечки градби и инсталации (примарна и секундарна улична мрежа)
Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици).
Намената на градежното земјиште во предметниот ДУП е утврдена согласно важечкиот ГУП на Охрид, Програмата за измени и дополнувања на годишната програма  за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 г., (одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-17168/111 од 30.11.2023г.) со која се утврдени границите и содржините на планскиот опфат. Према поставките и намената на овој план, како план од повисоко ниво се планира и уредува просторот во границите на Планскиот опфат во ДУП - от. Планскиот опфат  односно урбан блок 11.4 за полесно согледување на просторот е поделен на два блока 1 и 2 .
Во планскиот опфат планирани се вкупно 186 градежни парцели во кои се предвидуваат површини за градба на 179 куќи за домување , 2 згради за домување и 4 водови за пренос на електрична енергија - трафостаници И 1 теренски градби на отворено.Сите градежни парцели (ГП) се одбележани се со трочлена номенклатура од 11.4.1-1 до 11.4.2-186 и означува ( урбан блок - 11.4; блок -1 односно блок - 2 и реден број на градежната парцела 1-186)  и се со следните содржини:

- Градежните парцели  ГП 11.4.1-33 и ГП11.4.1-136 – површини за градење за домување во згради за домување или вкупно 2.
- Градежните парцели ГП 11.4.1-182, ГП 11.4.1-183, ГП 11.4.1-184 и ГП 11.4.1-185– површини за градење за водови за пренос на електрична енергија (локални трансформаторски станици) или  вкупно 4.
- Градежна  парцела  ГП 11.4.1-186 – површина за градење теренски градби на отворено или вкупно 1.
- Сите останати Градежните парцели се површини за градење за куќи за домување или вкупно179.

Конкретни цели на планскиот документ се следните:

- Подобрување на социо-економскиот развој на одреден број семејства од Општина Охрид, преку оптимално искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, согласно со современите принципи на пазарното стопанство;
- Подобрување на нивото на економската и социјалната сигурност со непосредно влијание врз зголемување на мотивираноста на населението и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање неопходна и социјална сигурност;

- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на просторот, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- Зачувување и унапредување на природните вредности и еколошки атрибути на просторот и афирмирање на културолошките особености и вредности;

Согласно одредбите на Просторниот План на Р. Македонија за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина. Извештајот за стратегиска оцена ги разгледува основните податоци за животната средина во и околу предметното подрачје, а тие се однесуваат на:

- географската местоположба на планскиот опфат
- релјефните услови, наклон и експозиција на терените;
- сеизмичките карактеристики, кои укажуваат на тоа дека територијата на општина Охрид, припаѓа на простор кој е подложен на чести земјотреси предизвикани од локални и поодалечени епицентрални жаришта, кои може да се манифестираат со епицентрален интензитет од VII според МКС скала;
- Климатските услови на регионот со климатски елементи од умерено-континетална клима;
- Квалитетот на воздухот како еден од главните медиуми и фактори за квалитетно живеење во животната средина;
- Културното наследство
- Состојбата со биодиверзитетот (флора и фауна) на планскиот опфат,
- Пределските карактеристики на предметното подрачје;
- Воените разурнувања, природните и техничко-технолошките катастрофи се земени во предвид и анализирани во овој извештај;

Во изработката на овој извештај беше разгледан и стопанскиот развој кој според Просторниот План на Република С. Македонија се базира на дефинираните цели на економскиот развој во „Националната Стратегија за економскиот развој“, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството. Според тоа, реализацијата на урбанистичка планска документација се очекува да предизвика поволни влијанија врз животниот стандард и квалитетот на живеење на луѓето, како и да даде допринос кон развојот на локалната и националната економија.

Во извештајот за стратегиска оцена на животната средина потребно е да се разгледаат и релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина и што највројатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементција на стратегијата, планот или програмата.

Посебно внимание во извештајот се посветува на описот на веројатните влијанија на планскиот документ врз медиумите и областите на животната средина и врз социо-економските и демографските карактеристики, а исто така се предвидени и мерки за спречување, ублажување или отстранување на негативните влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на урбанистичка планска документација врз животната средина ги разгледува негативните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина и мерките за ублажување на негативните влијанија во поширок обем, додека пак изведбата на секој планиран објект (проект) е предмет на разгледување на постапката за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и кон неа ќе се пристапи дополнително.

Се обработуваат влијанијата на планскиот документ и мерките за ублажување на влијанијата врз:

- Демографските карактеристики и човековото здравје - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни и краткотрајни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата, и според тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: контрола на интензитетот на бучавата и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Социо-економската состојба - реализацијата на Планот ќе има позитивни долгорочни влијанија врз социо-економската состојба и поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата;
- Квалитетот на амбиентниот воздух - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата и во оперативната фаза, и поради тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: примена на јавен транспорт за вработените, користење на еколошки горива, контрола на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес, користење на природниот гас, зелени заштитни појаси;
- Бучава и вибрации - зголемен интензитет на бучава и вибрации ќе се појави во фазата на изградба, додека за време на оперативната фаза интензитетот на бучавата е намален, а појава на вибрации не се очекува. Предвидени се соодветни мерки за намалување на влијанијата од бучава: поставување на звучни изолациски бариери, поставување на заштитни зелени појаси;
- Квалитет на површинските и подземните води – за спречување на негативните влијанија предвидени се следните мерки: приклучок кон канализациски систем, контрола на квалитетот на отпадни води пред да се испуштат во реципиенот, а со соодветно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ;
- Почвата – доколку се применува системот на ефикасно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ, а се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата;
- Биодиверзитетот (флора и фауна) – реализацијата на планскиот документ нема да предизвика позначајни негативни влијанија во глобални рамки, бидејќи на предметното подрачје не се евидентирани ендемични видови, па според тоа се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата;
- Пределските карактеристики – со реализацијата на планот ќе дојде до нарушување на пределските карактеристики, па според тоа предвидени се соодветни мерки за ублажување на влијанијата: заштитни појаси, адекватно уредување на просторот, унапредување на естетските вредности, зачувување на пределските карактеристики, рационално користење на природните ресурси;
- Факт е дека целото подрачје во кое се наоѓа планскиот опфат се наоѓа територијата на светско природно и културно наследство до Охридскиот регион па согласно тоа, се предвидуваат посебни мерки во планската документација;
- Како составен дел од извештајот е и Планот за мониторинг, со чија реализација ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите.

Планот за мониторинг овозможува следење на состојбата на животната средина преку следните параметри, кои се прикажани табеларно во самиот извештај:

- Здравје на луѓето;
- Квалитет на амбиентен воздух;
- Ниво на бучава;

- Ниво на вибрации;
- Квалитет на површински води;
- Квалитет на подземни води;
- Квалитет на почва;
- Отпадни води;
- Создавање и управување со отпад;
- Состојба на биодиверзитетот (флора и фауна);
- Хаварии и несреќи

## 15. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина за реализација на ДУП за овој плански опфат во општина Охрид, се следните:

- Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во урбанистичката планска документација;
- Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на мерките за заштита и спасување, дефинирани во планската документација;
  Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа;

Реализирањето на урбанистичка планска документација има позитивни влијанија врз социо-економската состојба, кои ќе се манифестираат преку создавање на работни места, намалување на миграцијата и подобрување на локалната економија.

## 16. ПРИЛОЗИ

### 16.1. ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТВА

***Листа на национална законска регулатива***

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 33/06);
4. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
6. Правилник за воспоставување на листата на експерти за СОЖС, процедурата за спроведување на испитот за експерти за СОЖС, воспоставување комисијата за оценка на знаењето на експертите за СОЖС („Сл. Весник на РМ” бр. 129/07);
7. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
8. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/2008);
9. Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот („Сл. Весник на РМ” бр. 69/99);
10. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14);
11. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/12 и 10/15);
12. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
13. Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13, 163/13 и 180/14);
14. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
15. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
16. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
17. Закон за отпад („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12 и 163/13);
18. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
19. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
20. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ” бр. 64/93);
21. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14);

22. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 41/14);
23. Закон за благосостојба на животните („Сл. Весник на РМ” бр. 113/07);
24. Закон за благосостојба на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; 06/00);
25. Закон за заштита на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; измени 06/00);
26. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ” бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13 и 53/13);
27. Закон за енергетика („Сл. Весник на РМ” бр. 16/11, 136/11 и 79/13);
28. Закон за експропријација („Сл. Весник на РМ” бр. 95/02, 131/12 и 24/13).

***Листа на релевантни ЕУ директиви***

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Директива за депонии (99/31/ЕС) дополнета со Регулатива (ЕС) 1882/2003
3. Регулатива за пренос на отпад (ЕЕС) 259/93 дополнета со Одлуките 94/721/ЕС, 96/660/ЕС, 98/368/ЕС и 99/816/ЕС, и Регулативите (ЕС) 2408/98, (ЕС) 120/97 и (ЕС) 2557/2001
4. Директива за управување со отпадот од индустрија за екстракција на минерални суровини (2006/21/ЕС)
5. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
6. Директива за национални плафони на емисии (2001/81/ЕС)
7. Директива за бензен и јаглерод моноксид (2000/69/ЕС)
8. Директива за озон во амбиентниот воздух 2002/3/ЕС
9. Директива 2004/107/ЕС за арсен, кадмиум, жива, никел и полициклични јаглеводороди во амбиентниот воздух
10. Директива за информирање на корисници (1999/94/ЕС) дополнета со Директивата 2003/73/ЕС
11. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
12. Директива за урбани отпадни води (91/271/ЕЕС) дополнета со Директивата 98/15/ЕС и Регулативата (ЕС) 1882/2003
13. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
14. Директива за површинска вода за апстракција (75/440/ЕС) дополнета со Директивите 79/869/ЕЕС и 91/692 ЕЕС (ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2006/60/ЕС) од 22.12.2007
15. Директива за вода за капење (2006/7/ЕС)
16. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/ЕЕС) дополнета со Директивата (91/692/ЕЕС и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
17. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/ЕЕС) дополнета со Директивите 81/855/ЕЕС, 91/692/ЕЕС, и Регулативата (ЕС) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007)
18. Директива за подземни води (80/68/ЕЕС) дополнета со Директивата 91/692/ЕЕС
19. Директива за вода за риби (78/659/ЕЕС) дополнета со Директивата 91/692/ЕЕС и Регулативата (ЕС) 807/2003
20. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
21. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

22. Директива за Оценка на влијанието врз животната средина (85/337/EEC) дополнета со Директивите 97/11/ЕС и 2003/35/ЕС

## 16.2. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС

Стратегиската оцена на влијание врз животната средина (СОВЖС) се однесува на проценка на влијанието на планските документи (стратегии, планови и програми) врз животната средина и здравјето на луѓето, а додека пак влијанието врз животната средина и здравјето на човекот од изведбата на проекти, е предмет на разгледување на процесот за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС).

| **Неколку споредби помеѓу СОВЖС и ОВЖС** | |
|---|---|
| **СОВЖС за политики, планови и програми** | **ОВЖС за проекти** |
| Завзема место во поранешните фази од циклусот на донесување на одлуки:<br>Цел - да се спречат влијанијата | Завзема место на крајот на циклусот за донесување одлуки:<br>Цел - да се минимизираат влијанијата |
| Про-активен пристап кон развојните прелози | Реактивен пристап кон развојните предлози |
| Зема во обзир широк опсег на потенцијални алтернативи | Зема предвид ограничен број на можни алтернатив |
| Процена на кумулативните ефекти е клучот на СОВЖС | Ограничен преглед на кумулативните ефекти |
| Акцент на цели на животната средина, управување со природните системи | Акцент на мерки за ублажување и минимизирање на влијанијата |
| Широка перпектива, ниско ниво на детали, обезбедување на визија и генерална рамка | Дефинирана постапка, високо ниво на детали |
| Повеќе-фазен процес, преклопување на компонентите, нивото на политиката се продолжува, повторлив | Добро дефиниран процес, јасен почеток и крај |
| Се фокусира на одржлива агенда, користење на ресурсите и деградација на животната средина | Се фокусира на стандардната агенда, системот на закани врз животната средина |

**Промена на фокусот на СОВЖС од пониско кон повисоко ниво**

| | | |
|---|---|---|
| **СОВЖС** ◄——— | ———► **ОВЖС** | |
| **„повисоко ниво“** ◄—— | ——► **„пониско ниво“** | |
| **Ниво на донесување одлуки** | **Политика**<br>**План** | **Програма** **Проект** |
| **Природа на акција** | Стратешка, визионерска | Непосредна, оперативна |
| **Резултати** | Генерални / селективни | Детални |
| **Степен на влијанија** | Макроскопски, кумулативни, нејасни | Микроскопски, Локализирани |
| **Временска скала** | Долгорочни до среднорочни | Среднорочни до краткорочни |
| **Клучни извори на податоци** | Стратегии за одржлив развој, извештаи за состојба на животната средина, визии | Посета на терен, едноставни анализи |
| **Вид на податоци** | Квалитативни | Квантитативни |
| **Алтернативи** | Опсег на област, политички, регулативи, технолошки, физички, економски | Специфични локации, дизајн, конструкција, операција |
| **Потешкотии при анализите** | Нејасни | Точни, ригорозни |
| **Оцена на перформанси** | Одржливи перформанси (критериуми и цели) | Правни рестрикции и најдобри практики |
| **Улога на практикант** | Медијатор за преговори | Застапување на вредности и норми |
| **Перцепција на јавноста** | Неодредени, далечни | Пореактивни |

16.3. СКИЦА ОД ПЛАНСКИ ОПФАТ



## 16.4. ПРИЛОЗИ (ИЗВЕСТУВАЊЕ, МИСЛЕЊa, ЈАВНИ ОГЛАСИ, ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ НА ЈАВНА РАСПРАВА, ЗАПИСНИК ОД ЈАВНА РАСПРАВА)

Македоноки Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 59814
Дата: 06.03.2024

До
Друштво за проектирање и градба
Снегар Компани ДООЕЛ
ул. Кузман Калидан бр.29, 6000 Охрид

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура апплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ



МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ
Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија


ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УЗ 11 УБ 11.4 - ОПФАТ 2 ,ОПШТИНА ОХРИД
АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ СО НАНЕСЕН
ПЛАНСКИ ОПФАТ

# ЈП ВОДОВОД - ОХРИД

ЈП ВОДОВОД ОХРИД
ул.Наум Охридски 66 - Охрид

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ
ЕМБС 7404026 ЕДБ МК4020019540214

Информации на.тел.046/230-020; тел.Дирекција 046/ 250-120; Наплатен центар-Корзо 046/254-179;
ж.с-ка 530000202220150 Охридска Б. ж.с-ка 270074040260131 Халк Банка ж.с-ка 300010000183220 Комерцијална Б.
ж.с-ка 200003531943622 Стопанска Б. ж.с-ка 210074040260124 Тутунска Б. ж.с-ка 500000001294880 Стопанска Б.
ж.с-ка 250019000515505 Шпаркасе Б. ж.с-ка 290000022217998 ТТК Банка ж.с-ка 370001100290428 Еуростандард Б.

БРЗО И ЕДНОСТАВНО ЕЛЕКТОРНСКО ПЛАЌАЊЕ БЕЗ ПРОВИЗИЈА НА WWW.EVODOVOD-OHRID.COM.MK


До
**ДПГ “Снегар Компани” ДООЕЛ**
ул. “Кузман Капидан” бр. 29
Охрид

Ваш бр.: 03-04/1
Наш бр.: 09-578/1

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на податоци, информации и мислења

Почитувани,

Во врска со Вашето барање со кое барате да Ви ги доставиме податоците и информациите за потребите на постапката за изработување и одобрување на **ДУП за УЗ 11, УБ 11.4, Опфат 2, Општина Охрид.** Ви ја доставуваме ситуацијата со внесена посточка водоводна инсталација, додека останатите инсталации се со помал профил и не ги задоволуваат потребите на постоечките објекти. Длабочината на цевките е околу 60-80 см, додека пак приклучоците се на помала длабочина. При проектирањето да се обрне внимание на профилот на водоводните линии низ опфатот, истите да бидат со соодветен профил кој што ги задоволува современите потреби за вода за пиење и хидрантска вода на постоечките и новопредвидените објекти. При проектирањето да се води сметка и за водоснабдувањето на граничниот ДУП за УЗ 11, УБ 11.3. За време на изведба на градежните зафати **задолжително** контактирајте со Техничката служба од ЈП “Водовод” – Охрид на тел. 075/212-901.

Со почит,

ЈП “Водовод” – Охрид
Раководител на Сектор за водоснабдителни
објекти, производство и третман на вода за пиење
Љубе Трајановски, Дипл. град. инг.


www.vodovod-ohrid.com.mk; e-mail: javnost@vodovod-ohrid.com.mk елек. плаќање evodovod-ohrid.com.mk
Наплатен центар Корзо 046/254-179; Наплатен центар Градско Пазариште 046/251-120; Сервис служба 046/260-298
Пријавувајте состојба од 20ти до 25ти во месецот на телефон 046 254 179 или на evodovod-ohrid.com.mk


Vera
Snegar
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УЗ 11 УБ 11.4 - ОПФАТ 2 ,ОПШТИНА ОХРИД
АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ СО НАНЕСЕН
ПЛАНСКИ ОПФАТ
ЛЕГЕНДА
ОПШТИНА ОХРИД

12 декември, 2024г.

**Архивски број:** 09/3-346/2

До:
"**СНЕГАР Компани**" дооел Охрид,
ул. „Кузман Капидан" бр.29,
6000 Охрид

**Предмет:** Податоци и информации, доставува.-
**Врска:** Ваш акт Барање бр.03-29/1 од 10.12.2024 година.

Согласночл. 70 став 2 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр. 93/12), и задолжувањето од Директорот на ДЗС, Подрачното одделение Охрид на Дирекција за заштита и спасување на РСМ, **информира**:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за потребите на изготвување на **Детален урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид.

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**, да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид да се предвиди во Основните проекти за објектите кои ке се предвидат да бидат изградени, да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (С.В.

на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (С.В. на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Да се предвидат прописни ширини на сообраќајните улици(постоечки и новопланирани) за непречено движење на ПП возилата.

Да се предвиди изградба на хидрантска мрежа.

## 2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

## 3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4-опфат2, Општина Охрид, да се предвидат мерки за заштита од поројни како и подземни води кои се со променлив интензитет во зависност од временските услови, согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

## 4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД НУС

При изработка на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4-опфат2, Општина Охрид да се предвиди мерката Заштита и спасување од неексплодирани убојни средства.

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот проект, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл.


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ОХРИД
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Ohër

Ул."Димитар Влахов" бр. 57
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitar Vlahov" pn 57
Republika e Maqedonisë së Veriut

046200745
www.dzs.gov.mk
Ohrid@dzs.gov.mk

Весник на РМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

При проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација - Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените претходни услови треба да се вградат во изработка на Деталниот урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид.

**Или**

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација Детален урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4- опфат2, Општина Охрид, да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете Мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ПОЗС Охрид, по овластување од Директорот
Советник,
Сашо Матлиоски

Доставено до:
- Насловот
- Архива


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ОХРИД
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Ohër
Ул."Димитар Влахов" бр. 57
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitar Vlahov" pn 57
Republika e Maqedonisë së Veriut
046200745
www.dzs.gov.mk
Ohrid@dzs.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-23/7-62 од 20.02.2024**
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 072 931 308

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 03-04/1 од 20.02.2024 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

- ☐ 110(35)kV Трафостаница
- ☐ 110kV Подземна мрежа
- ☐ 110kV Надземна мрежа
- ☐ 35kV Подземна мрежа
- ☐ 35kV Надземна мрежа

- ☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
- ☒ 10(20)kV Подземна мрежа
- ☐ 10(20)kV Надземна мрежа

- ☒ 0.4kV Подземна мрежа
- ☒ 0.4kV Надземна мрежа

- ☐ Друго

**НАПОМЕНА:** Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг



Датум: 21.02.2024
Улица Андреа Јовановски
11-ta Urbana
Легенда
Постоечка мрежа
Новопланирана мрежа
Демонтирана мрежа
0
0,05
0,1
0,2 Kilometers
1:2.257



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шоќ" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија, тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робева 267-173;

Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 03-350/2
03.04.2024
Охрид/Ohër

До
**„СНЕГАР КОМПАНИ“**
**ДООЕЛ ОХРИД**
**Ул „Кузман Капидан„ бр 29**
**6000 Охрид**
snegarcompany@yahoo.com

***Предмет:*** ***Достава на податоци и информации***
***Поврзан со:*** *Барање бр 03-09/01 од 26.02.2024 (Наш број 13-350/1 од 11.03.2024) за податоци и информации за изработка на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид.*

Врз основа на службената евиденција што ја води НУ Завод и Музеј-Охрид и по увидот во доставената документација, ги даваме следниве информации:

На предвидениот опфат за изработка на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид, нема познати или евидентирани споменици на културата или археолошки локалитети, согласно Законот за заштита на културното наследство.

Но, планскиот опфат, согласно со оддел 9.2.2. Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр. 45/2020), опфатот се наоѓа во Зона III в, каде се предвидуваат низа мерки со посебен режим на заштита, кои треба да се почитуваат во планското решение каде според заштитните мерки максималната дозволена катност е П+3, и процент на изграденост од 50 %.

Третата зона е простор со поретка концентрација на културно наследство а во конкретниот опфат нема видливо или познато културно наследство, па затоа се прифатливи сите интервенции кои се во склад со развојните стратегии на Општина Охрид, но со придржување кон основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејзажот и хармонијата со целината.

Новите градби треба да имаат:

-ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;

-габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;

-силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;

-висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Забранети се активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;

Да се почитуваат Владините заклучоци за задолженија и укажувања од Дваесет и шестата седница, одржана на 7 декември 2020 година, а се однесуваат на спроведување на „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион", како и „Законот за заштита на културното наследство", кои треба да се земат предвид при изработка на предвидената планска документација.

Во општите мерки во планот да се спомене дека во однос на чл. 65 и 129 од „Законот за заштита на културното наследство" (Сл. Весник на РМ„ бр.20, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15,39/16, 11/18 и 20/19)„ да се укаже на идниот инвеститор при спроведување на планот, односно дека, пред извршување на земјени работи и друг вид ископ при спроведување на планот, да се пријави почеток до НУ Завод и Музеј Охрид поради можноста да се наиде на случајни откритија на движни и недвижни археолошки артефакти, да се изврши увид од страна на стручно лице – археолог, и да се направи записник од увидот со кој ќе се дадат понатамошни смерници во постапката.

Помеѓу другото во Извадокот од Нацрт записникот од 187-та Владина седница во Точка 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, во потточка 18 се задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општините, сите урбанистички плански документации да ги доставуваат до комисијата за уптавување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, на мислење уште во фаза на предлог опфат, односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Овој одговор со дадените податоци и информации да полужи за продолжување на постапката за изготвување на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, преку ситемот е-урбанизам.

Изготви:
М-р Горан Патчев
Виш конзерватор

В.Д. Директор
м-р Ирена Шајн

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-1883 /14
Дата/Data 27-03-2024 год./viti

ДО: "СНЕГАР КОМПАНИ" ДООЕЛ
ул. "Кузман Капидан" 29
6000 Охрид

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

ВРСКА: Ваш број. 03-12/1 од 26.02.2024
Наш број. 11-1883/1 од 29.02.2024

Почитувани,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-1883/1 од 29.02.2024 година кој се однесува на барање за известување, податоци, информаци и мислења, а се однесува за предметен опфат за кој е отпочната постапка за изработка на "Урбанистички план за ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 – опфат 2, Општина Охрид", Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Согласно мислење од Служба за просторно информативен систем со (бр. 11-1883/3 од 15.03.2024), како и согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Северна Македонија и Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр.39/04), констатирано е дека просторот на предметната локација не влегува внатре во означените граници на заштитените подрачја во државата и истата е надвор од границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.

Меѓутоа констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат се наоѓа внатре во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО), за кој е донесен План за управување за природното и културното наследство на Охридскиот регион (2019-2028). Управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се уредува со Законот за управување со светско природно и културно


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

наследство во Охридскиот регион ("Сл. Весник на РМ" 75/10). Примената на мерките за управување со светското природно наследство предвидени во овој закон не смее директно и индиректно да доведе до влошување на состојбата со светското природно наследство во Охридскиот регион. Управувањето во овој регион се остварува со спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното наследство на Охридскиот регион.

Во рамките на проектот: "Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ), а имплементиран преку Програмата за животна средина на Обединети Нации (УНЕП), каде што МЖСПП е партнер и корисник на резултатите од проектот, изработена е Студија за валоризација на Споменикот на природата Охридско Езеро. Тековно МЖСПП согласно Законот за заштита на природата спроведува постапка за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III - споменик на природа. Во септември 2023 година одржани се јавни расправи по однос Нацрт - Законот за прогласување на Охридско езеро за споменик на приода.

МИНИСТЕР

КАЈА ШУКОВА

Подготвил: Златко Златков
Проверил: м-р Смиљка Тенева
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Влатко Трпески
Одобрил / Aprovoi: Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Државен Секретар / Sekretar Shtetror
Nebi Rexepi


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

НИСКОГРАДБА
ОХРИД

**ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид**
ул. Радојца Новичиќ бб,
Стара Касарна – објект бр. 2
зграда В1, влез 1, кат 2
6000 Охрид
тел. 046/260-298
e-mail: niskogradbajavnost@yahoo.com
ж. с-ка 250000201290728
Шпаркасе банка
ЕДБ МК 4020010511009

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА
ОДРЖУВАЊЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ
ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ
**НИСКОГРАДБА ОХРИД**
Бр. 09-199/2
13.03. 2024 год.
ОХРИД

**До**
**Снегар Компани**
**ул. Кузман Капидан бр.29**
**6000 Охрид**

*Наш број : 09 -199*
*Ваш Број :03-04/1*

**ПРЕДМЕТ: Информации**

Почитувани ,

Во врска со Вашето барање за доставување на информации за канализациона инфраструктура за :

**ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 - опфат 2, општина Охрид**

во прилог Ви ја доставуваме ситуацијата со внесена постоечка канализациона инфраструктура. Во опфатот постојат канализациони приклучоци за објектите кои не се прикажани.

Со почит

**Прилог :**Шема на постоечка фекална канализација

| | | |
|---|---|---|
| **Изготвил,**<br>**Петар Зафировски, дги** | **Проверил /Одобрил,**<br>**Нина Трендафилова, дги** | **В.Д. Директор,**<br>**Александар Трпеноски** |


ЛЕГЕНДА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ
ЗА УЗ 11 УБ 11.4 - ОПФАТ 2
АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ СО
ПЛАНСКИ ОПФАТ

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIJA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх.бр/Nr.Arh.11-1872/6
Дата/Data.....21.05.2024

**ДО /DERI TE**:Снегар Компани Дооел
ул: Кузман Колидан бр,29
6000 Охрид

**ПРЕДМЕТ / LËNDA**: Известување од аспект на заштита на водите.

Почитувани,
Të nderuar

Во врска со Вашето барање за податоци и информации на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 Општина Охрид, Ве известуваме следното:

Од увидот во доставената техничка документација (дадена во електронска форма), и прибавените податоци и информации од Служба за просторен и информативен систем, при Министерството за животна средина и просторно планирање е утврдено дека предметната локација не не влегува во заштитените подрачја во Република Северна Македонија, притоа се наоѓа во границите на УНЕСКО-сведското природно и културно наследство на Охридскиот регион. Истата не зафаќа водени текови.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите.

Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје. По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.С.Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Со оглед на тоа што предметната локација навлегува внатре во заштитеното подрачје на УНЕСКО-Природно Културно наследство во постапката за изработка на Проект за инфраструктура треба да се добијат соодветни податоци и информации од Комисијата за УНЕСКО.

Со почит,
Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
**Каја Шукова**

Изработил/Përpiloi: Egzon Ademi
Контролирал/Kontrolloi: Мелита [illegible]очевска
Согласен/Miratoi:Ylber Mirta
Одобрил/Aprovoi: Директор на Управата за животна средина
Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
**Hisen Xhemaili**


Министерство за животна средина и просторно планирање
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" n r. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ГАЛИЧИЦА
Бр. 03-1012
29.02. 2024 год.
О Х Р И Д

Јавна установа Национален парк Галичица
Велестовски пат бб, 6000 Охрид
Република Северна Македонија
Тел./Факс: 00 389 46 261 473
е-пошта: galicica@galicica.org.mk

До
Г-ѓа Вера Снегар
ул. Кузман Капидан бр. 29
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Предмет: Податоци и информации

Ваш број: 03-10/1 од 26.02.2024 година

Почитувана Г-ѓа Снегар,

Просторот за кој изработувате ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 – опфат 2, во општина Охрид, е надвор од границите на Национален парк Галичица.

Со почит,

Охрид, 29.02.2024

Јавна установа Национален парк Галичица
Директор
Александар Бузлевски

Подготвил: Андон Бојаџи

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

**СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ**
**ул. Кузман Капидан бр.29**
**6000, Охрид**

Бр.11-1767/1
23.02.2024

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање број 03-04/1 од 20.02.2024 година, (наш број 11-1767 од 21.02.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка **на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 – опфат 2, општина Охрид**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска
Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
**Раководител на Служба за ГИС**
**и геодетски работи**

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-3289/4
21-11-2024
Скопје

До
**„СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ**
ул. „Кузман Капидан“ бр. 29
**6000 ОХРИД**

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 03-04/03 од 07.11.2024 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Детален урбанистички план за УЗ 11, УБ 11.4 – Опфат 2, Општина Охрид, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа археолошкото наоѓалиште „Видобишта“, и истиот се наоѓа во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО за што е изработен План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029).

Поради тоа, ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, да утврди под кои услови може да се изработи планот. Добиениот извештај треба да биде приложен во планот.

Со почит,

в.д. Директор
***Весела Честоева***

Изработил: м-р М. М. Миладиновска (13.11.2024)
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria për Mbrojtjen e Trashëgimisë Kulturore
ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје
Rr. "Pavel Shatev" nr. 3, Shkup
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

**Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"- Охрид**

15.10.24 03-1435/1

**Тел: 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk**
**Жиро сметка: 2500001000731-68 Дан.бр.: МК 4020989101655**
**Депонент: "Шпаркасе Банка"-Охрид**

**До**

**креатор: Охрид**

**Предмет: Одговор на Барање**

Во врска со вашето Барање за доставување на податоци и информации,Ве известуваме следното:

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид е јавно претпријатие на територијата на општина Охрид кое извршува комунална дејност - собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, одржување на јавното зеленило и одржување на јавна чистота.

За ДУП за УЗ 11 УБ 11.4 опфат 2, Ве известуваме дека при разработка на градежна парцела со основен проект поготово за станбени објекти да има предвидено парцела за поставување на садови за одлагање на комунален отпад чиј број ќе зависи од бројот на станари во истиот објект ,до кој садови да се обезбеди слободен пристап за пристигнување на специјално возило за подигнување на истите.

**ЈП Охридски Комуналец Охрид**
Директор,
м-р Сашо Најдески

АЕК

Наш број: 1404-136/2
Скопје 08 .02.2025 г.

**ДО:**
**СНЕГАР КОМПАНИ**
**Друштво за проектирање и градба**
**ул. „ Кузман Капидан" бр.29**
**6000 Охрид**

**Предмет:** Одговор за барање за мислење за ТК инсталации
**Врска:** Ваше барање бр. 03-01/01 преку е- урбанизам

Почитувани,

Согласно вашето барање за мислење, а во врска со изработка на ДУП за УЗ 11 УБ 11.4 опфат 2, ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот ДУП.

Со почит,

Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiko

АЕК-401.03

www.aek.mk
Агенција за електронски комуникации
1000 Скопје

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ - ОХРИД

Qeveria e RepublikëssëMaqedonisësëVeriut
DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
NJËSIA RAJONALE OHËR

14 јануари, 2025г.

**Архивски број:** 09/3-07/2

До:
**"СНЕГАР Компани"** дооел Охрид,
ул. „ Кузман Капидан" бр.29
6000 **Охрид**

**Предмет: Мислење**, доставува.-
**Врска:** Ваш акт Барање бр. 03-01/01 од 10.01.2025 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување ( СВ на РСМ бр. 93/12-пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (СВ на РСМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачното одделение-Охрид, Ви го доставува следното

**М И С Л Е Њ Е**

за застапеноста на мерките за заштита и спасување во

**"Нацрт ДУП за УЗ 11, УБ 11.4-опфат2, Општина Охрид (2024-2029) "**

Дирекцијата за заштита и спасување од извршениот увид во поднесената проектна документација Нацрт ДУП за УЗ 11, УБ 11.4-опфат2, Општина Охрид (2024-2029), со тех.бр.14/23 од .01.2025 година, изработен од **"СНЕГАР Компани"** дооел Охрид, констатира дека во доставената техничка документација мерките за заштита и спасување се вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава позитивно мислење.

**ПОЗС Охрид,** по овластување од **Директорот**
**Советник,**
Сашо Матлиоски

Доставено до:
- Насловот
- Архива


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ОХРИД
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Ohër

Ул."Димитар Влахов" бр. 57
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitar Vlahov" pn 57
Republika e Maqedonisë së Veriut

046200745
www.dzs.gov.mk
Ohrid@dzs.gov.mk

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-55/7-13 од 12.01.2025**
Скопје

Одговорно лице: Драган НИколоски

Контакт телефон: 072 931 308

**Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 03-01/01 од 10.01.2025 година, со кој барате да дадеме мислење за ДУП за УЗ 11 УБ 11.4 опфат 2, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

**При изработка на ДУП, УПС и слична планска документација, а согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и слично, потребно е да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела, како и да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа. Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.**

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх. бр/Nr. arh. 11-266/2

Дата/Data: ____________год/viti

19 -02- 2025

**ДО**:Снегар Компани Дооел
Ул.Кузман Капидан бр.29
6000 Охрид

**ПРЕДМЕТ**:Мислење од аспект на заштита на водите

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење по однос на урбанистичка пласнска документација за донесување на ДУП за УЗ 11, УБ 11.4-опфат 2, Општина Охрид 2024-2029, со тех.бр 14/23 од Јануари 2025, изработено од Снегар Компани Дооел Охрид, по разгледување на доставената документација, текстуален и графички дел, во согласност со одредбите од Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016), Управата за животна средина – Сектор води при Министерството за животна средина и просторно планирање дава **позитивно**

**МИСЛЕЊЕ**

Во приложената планска документација во електронска верзија доставен во електронска (ЦД) форма, изработен Снегар Компани Дооел Охрид, утврдено е дека на површината на планскиот опфат не се идентификувани површински водотеци и водостопански објекти за кои треба во планската документација да се запазат критериумите за заштита и одржување на површинските водотеци и крајбрежните земјишта во согласност со Законот за води.

**DREJTUA**:Snegar Kompani Shpknj
Rr.Kuzman Kapidan n.r.29
6000 Ohër

**LËNDA**: Mendim nga aspekti i mbrojtjes së ujit

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj për mendim lidhur me dokumentacionin urbanistik për miratimin e PDU për U3 11, UB 11.4 – zona 2, Komuna e Ohrit 2024-2029, me numrin teknik 14/23 nga janari i vitit 2025, të përgatitur nga Snegara Kompani Shpknj. Ohër, pas shqyrtimit të dokumentacionit të dorëzuar, pjesës tekstuale dhe grafike, në përputhje me dispozitat e Ligjit për ujërat (Gazeta Zyrtare e R. e Maqedonisë nr. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 dhe 52/2016), Drejtoria për Mjedisin Jetësor – Sektori i Ujërave pranë Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor jep një mendim pozitiv

**MENDIM**

Në dokumentacionin e planifikimit të dorëzuar në version elektronik (në formatin CD), të përgatitur nga Snegara, Kompani Shpknj. Ohër, është konstatuar se në sipërfaqen e zonës së planifikuar nuk janë identifikuar lumej dhe objekte hidrosanitare sipërfaqësore për të cilat duhet të respektohen kriteret për mbrojtjen dhe mirëmbajtjen e lumenjve dhe tokave bregdetare, në përputhje me Ligjin për ujërat.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Од тие причини согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање преку Управата за животна средина - Сектор за води одлучи како во диспозитивот

Со почит,

Për shkak të këtyre arsyeve, sipas Ligjit për ujërat, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, përmes Drejtorisë për Mjedisin Jetësor – Sektori për Ujra, ka vendosur si në dispozitiv.

Me respekt,

